Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# ЗА 2022 ГОДИНА

март, 2023 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 5
ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 8
МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ..... 19
ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 23
ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 24
СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ..... 25
ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ..... 30
ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ..... 35
ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ..... 36
ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ..... 44
ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 44
ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ..... 45
УПРАВНИ СПОРОВИ ..... 51
АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ..... 51
ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 53
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 58
ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ..... 71
ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ..... 73
ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ..... 81
МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ..... 81
ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ..... 87
1. ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ ..... 89
2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2022 ГОДИНА ..... 121
3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2022 ГОДИНА ..... 135

# ВОВЕД

Во Извештајот за работа се опфатени сите активности кои Агенцијата ги реализираше во текот на 2022 година, а кои се во рамки на нејзините надлежности утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Изборниот законик.

Во извештајната година Агенцијата спроведе над 300 надзори над работењето на радиодифузерите во врска со исполнувањето на нивните програмски, административни и други обврски што произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти донесени врз основа на овие два закони, како и обврските утврдени со дозволата за телевизиско или радиоемитување.

Реализираните програмски надзори резултираа со вкупно 197 извештаи - 138 од редовните, 45 од контролните и 14 од вонредните надзори. Освен овие, беа спроведени 69 административни надзори во однос на објавувањето импресум и информации за идентификација кои радиодифузерот мора да ѝ ги направи достапни на својата публика, 15 во врска со исполнувањето на минималните кадровски услови, девет во насока на следење на обврската за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност, седум за обезбедување јавност во работењето на радиодифузерите и еден надзор за да се утврди дали некој радиодифузер извршил промена на сопственичката структура без одобрение од страна на Агенцијата.

Подготвителните активности за мониторинг на изборното медиумско претставување за Локалните избори 2022 за градоначалници на Општина Маврово и Ростуше и на Општина Центар Жупа, и за членови на Советот на Општина Тетово што се одржаа во 2022 година, Агенцијата ги започна веднаш по распишувањето на изборите. Имајќи предвид дека локалните избори се спроведуваа само во три општини, Агенцијата одлучи да го спроведува мониторингот на изборното медиумско претставување врз основа на добиени претставки. Со мониторингот на платеното политичко рекламирање беа опфатени четири телевизии (една на државно и три на регионално ниво) коишто склучија договори со учесниците во изборната кампања. Агенцијата констатираше само едно прекршување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање, и тоа кај една регионална телевизија за што, во согласност со Изборниот законик, поведе прекршочна постапка пред надлежен суд. За време на иборниот молк беа мониторирани програмите на 13 телевизии кои емитуваат програма на државно ниво и програмите на ТВ Полог, ТВ Коха и ТВ Кисс & Менада, кои емитуваат на регионално ниво на подрачјето на Тетово. Агенцијата со овој мониторинг, кај девет телевизии (МРТ 2, ТВ Шења, ТВ Телма, ТВ Сител, ТВ Клан, ТВ 21-М, ТВ Сонце, ТВ 24 Вести и ТВ Полог) констатираше прекршувања на правилата за известувања во овој период, поради што им испрати укажувања. Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Локалните избори 2022 за избор на членови на Советот на Општина Тетово, беше доставен до Државната изборна комисија и објавен на веб страницата на Агенцијата.

Врз основа на пријавите за регистрација на пакет програмски сервиси кои ги доставија кабелските оператори, а по извршена проверка на нивната комплетност и уредност, Агенцијата издаде вкупно 317 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси, донесе две решенија со кои се смета дека пријавата не е доставена и едно решение за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси. Над работењето на операторите, во текот на целата година беа спроведени вкупно 169 надзори, од кои 130 редовни, 23 вонредни и 16 контролни надзори. Додека над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги беа извршени осум надзори (по два на секој давател).

Во текот на 2022 година Агенцијата спроведуваше административни надзори над издавачите на печатени медиуми од аспект на почитувањето на обврските за објавување импресум и за обезбедување јавност во

работењето. За да констатира дали ги исполнуваат овие обврски беа спроведени шест административни надзори (пет редовни и еден вонреден).

Поради прекршување на Изборниот законик за време на Изборите за членови на Советот на Општина Тетово, Агенцијата покрена една прекршочна постапка пред надлежен суд против ТВ КИСС&МЕНАДА, а поради прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата против радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа изрече вкупно 103 мерки, и тоа 79 решенија за преземање мерка – јавна опомена, осум прекршочни постапки, 10 постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, две одлуки за одземање на дозвола и четири решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Агенцијата во извештајната година донесе две одлуки со кои одобри промена на сопственичката структура на една регионална телевизија и една локална радиостаница.

Реализирани беа повеќе активности за поттикнување на медиумската писменост и обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост – во рамки и надвор од Деновите на медиумска писменост 2022. Во периодот од 25 октомври до 1 ноември 2022 година, под мотото „Размислувај критички, состави ја целата приказна“, во организација на Агенцијата и на Мрежата за медиумска писменост, по четврти пат се одржаа Деновите на медиумска писменост 2022. Јавноста имаше можност да присуствува на низа настани фокусирани на различни аспекти од медиумската писменост и различностите, реализирани како работилници, дебати, видео и панел дискусии, презентации, изложба, филмови. Од некои од овие настани беа изработени куси видеа, на три јазика, но и со вклучено толкување на македонски толковен јазик за глувите и за лицата со оштетен слух. Агенцијата организираше и работилница посветена на медиумските потреби на лицата со попреченост, чија цел беше да им помогне на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање полесно да се справат со обврските од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, учествуваше на настани организирани во рамките на процесот на подготовка на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2030, одржа онлајн состанок за покренување активности со цел унапредување на правото за политичко учество на лицата со попреченост и др.

Во однос на родовите прашања, Агенцијата беше проактивна првенствено преку анализите на третманот на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во медиумските програми за 2021 и 2022 година, а особено важна беше нејзината иницијатива за изработка на посебна веб страница за родот и медиумите, која беше промовирана во февруари 2023 година. Активностите на регулаторот на ова поле вклучуваат и учество во изработката на повеќе стратешки документи, соработка со организациите од невладиниот сектор заради подигнување на свеста за родовите прашања во сите релевантни сфери, како и соработка со меѓународни организации.

Во оваа година Агенцијата додели една дозвола за телевизиско емитување на локално ниво, на подрачјето на Куманово, без објавување на јавен конкурс поради тоа што програмата се емитува преку неограничен ресурс, односно преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Во 2022 година престанаа да важат дозволите на четири радиодифузери, и тоа на ТВ Сити од Скопје, ТВ Канал 21 од Велес, РА Лав од Охрид и РА Капитол од Скопје.

Во 2022 година Агенцијата ги изработи „Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година“, „Структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година“ и „Сопственоста на медиумите во 2022 година“. Врз основа на доставено писмено барање од заинтересирана страна, во извештајната година беше изработена студија која имаше за цел да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување

на државно ниво преку терестријален мултиплекс**.** Во насока на зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања во медиумите, на почетокот од годината беше објавена анализата на третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и мажите во 2021 година, а есента започна анализата за 2022 година. За да се обезбедат релеванти податоци за гледаноста и слушаноста на радиодифузерите, беа спроведени четири истражувања на мислењето на публиката.

Агенцијата и оваа година продолжи активно да учествува во работата на меѓународните регулаторни платформи, како што се Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA) и Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA). Таа остваруваше соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела. Агенцијата во ноември беше домаќин на регионалниот состанок „Регулаторните тела за медиуми во новото медиумско опкружување – како да се гарантира независноста", на кој присуствуваа претставници од регулаторните тела за медиуми од Словенија, Хрватска, Босна, Црна Гора, Србија, Косово, Албанија и Бугарија. Состанокот беше во насока на продлабочување на меѓусебната соработка, со акцент на независноста.

Во 2022 година Агенцијата одржа четири јавни состаноци, на коишто беа презентирани реализираните активности поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените истражувања, како и активностите на полето на меѓународната соработка. Освен на јавните состаноци, Агенцијата во континуитет, на дневна основа, ја информираше јавноста за своите активности и преку објавување податоци на својата интернет страница.

Агенцијата во извештајната година одржа 46 редовни и осум јавни седници, на коишто им беше овозможено на претставниците на медиумите на коишто им беше изречена мерка одземање на дозволата или бришење од регистарот на радиодифузери, да ги образложат и да ги аргументираат постапките и причините за постапувањето на медиумот.

## ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во текот на 2022 година, Агенцијата во континуитет го следеше работењето на радиодифузерите, во смисла на тоа дали ги исполнуваат обврските што за нив произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти донесени врз основа на овие два закони, како и обврските утврдени со дозволата за телевизиско или радиоемитување. Беа спроведени над 300 програмски и административни надзори. Дел од нив беа редовни (согласно годишните планови за програмски и административен надзор), дел вонредни (Агенцијата ги спроведе по службена должност или врз основа на поднесена иницијатива од други субјекти) и останатите контролни (за да се утврди дали радиодифузерот постапил по мерката што Агенцијата претходно му ја изрекла). Во продолжение се деталните информации за сите спроведени надзори над радиодифузерите.

### Програмски надзори

Во текот на годината беа реализирани сите надзори врз радиодифузерите планирани во Годишниот план за вршење програмски надзор во 2022 година. Покрај овие редовни надзори, беа реализирани и неколку вонредни надзори, иницирани по службена должност или по претставки од физички лица, како и контролни надзори по изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања, коишто се реализираат по истекот на рокот утврден во решението за изрекување мерка. За неколку од мерките јавна опомена изречени на крајот од 2022 година, контролните надзори беа направени на почетокот од 2023 година, бидејќи тогаш истекол рокот за усогласување на работењето на медиумот со законот. Затоа тие не се опфатени во овој Извештај. Реализираните програмски надзори резултираа со вкупно 197 извештаи - 138 од редовните, 45 од контролните и 14 од вонредните надзори.

Во прегледот на сите програмски надзори даден во продолжение, тие се претставени месец по месец, согласно периодот кога биле завршени. Тој не ги опфаќа единствено надзорите што се однесуваат на почитувањето на професионалните стандарди во известувањето и на забраната за поттикнување говор на омраза кои се поместени во главата Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

**Јануари**

- **Редовни програмски надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (МРА1, МРА2 и МРА3) со кои не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на подзаконските акти.
- **Контролни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси Г-ТВ за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетници) и на членовите 16 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (период на емитување на програмите и аплицирање на предупредувачката сигнализација); ТВ Алфа за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (описи на категориите програми) и ТВ ДУЕ за член 55 став 5 од ЗААВМУ (пласирање производи). Со надзорот беше констатирано дека Г-ТВ и ТВ ДУЕ го усогласиле своето работење. ТВ Алфа не постапи по изречената мерка, односно продолжи да ги крши одредбите за заштита на малолетната публика од потенцијално штетни програми и поради тоа Советот на Агенцијата ѝ изрече мерка јавна опомена.

**Февруари**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5), при што не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на подзаконските акти.
- **Контролни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси Г-ТВ, ТВ ГУРРА и ТВ ДУЕ за почитувањето на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со контролните надзори повторно беше констатирано прекршувањето за кое на крајот од 2021 година на овие радиодифузери им беше изречена мерка јавна опомена. Имајќи ја предвид законската одредба од член 23 (за прво констатирано прекршување на некој член во календарската година се изрекува мерка јавна опомена), операционализирана во Заклучокот на Советот за начинот на изрекување мерки, за прекршувањето повторно им беше изречена мерка јавна опомена по која следуваа нови контролни надзори за да се провери дали радиодифузерите ќе ја усогласат програмата.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис Г-ТВ за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) при што беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ СИТИ за почитувањето на член 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Беше утврдено дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по службена должност врз телевизискиот програмски сервис ТВ ДУЕ. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) и беше изречена мерка јавна опомена.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по службена должност врз телевизискиот програмски сервис ТВ СИТИ. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ (емитување одреден процент изворно создадена програма во периодот од 7 до 19 часот). Во март радиодифузерот престана да емитува програма.

**Март**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси Наша ТВ и ТВ 24 Вести. Кај ТВ 24 Вести беше констатирано прекршување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ (неозначено пласирање производи, посебно промотивно препорачување и придавање претерана важност на пласираните производи во програмата) и Советот на Агенцијата изрече мерка јавна опомена.
- **Вонреден програмски надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Сител и ТВ Канал 5 произлезен од обврските според Меморандумот за соработка потпишан меѓу АВМУ и Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), а во врска со известувања од АХВ за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за конкретни дотатоци во исхрана. Со надзорот, кај двата медиума беше констатирано прекршување на членот 53 став 2 од ЗААВМУ (забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации), на членот 53 ставови 5 и 17 од ЗААВМУ (забрана за лажно претставување производи и услуги и за невистинити и нечесни аудиовизуелни комерцијални комуникации) и на членот 101 од ЗААВМУ (во рекламите и телешопингот не смеат да бидат прикажувани, визуелно или тонски, лицата кои редовно презентираат вести и актуелни информативни емисии). Последователно, на медиумите Советот им изрече мерка јавна опомена, а за наодите од надзорите навремено беше известена и АХВ.

**Април**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Алфа, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, Наша ТВ и ТВ 24 Вести. Кај ТВ Сител беше констатирано прекршување на член 55 став 5 од ЗААВМУ (неозначување програма во која се пласирани производи) и Советот на Агенцијата изрече мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Сител и ТВ Канал 5 за почитување на член 53 став 2 од ЗААВМУ (забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации), при што беше констатирано дека ТВ Канал 5 постапил по изречената мерка, а ТВ Сител продолжил да го прекршува Законот, поради што Советот на Агенцијата поведе прекршочна постапка против оваа национална телевизија.
- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Алфа за обврските од членот 50 став 3 од ЗААВМУ и од членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (заштита на малолетниците и описи на категориите програми). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис Г-ТВ, со кој беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето на член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот), но продолжил со вршење на повредата на членот 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), така што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Дуе за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузериот продолжил да го прекршува ЗААВМУ и Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Дуе за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по службена должност врз програмскиот сервис Г-ТВ. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) и Советот на Агенцијата изрече мерка јавна опомена.

**Мај**

- **Редовни програмски надзори** врз програмските сервиси Радио Антена 5, Радио Канал 77, Метрополис Радио и ЈОН - Радио. Не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Канал 5 и ТВ Сител за почитување на членот 101 од ЗААВМУ (во рекламите и телешопингот не смеат да бидат прикажувани, визуелно или тонски, лицата кои редовно презентираат вести и актуелни информативни емисии). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерите постапиле по изречените мерки јавна опомена и ги отстраниле прекршувањата.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Сител за почитување на членот 55 став 5 од ЗААВМУ (неозначување програма во која се пласирани производи). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ 24 Вести за почитување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ (ако програмата содржи пласирање производи тоа треба да биде јасно означено; не смее директно да се поттикнува купување или изнајмување стоки и услуги; на производот не смее да му се придава претерана важност). Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Гурра за почитувањето на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот продолжил да го крши Законот, поради што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по службена должност врз ТВ Канал 5. Со надзорот беше констатирано прекршување на членот 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ (програмите кои содржат пласирање производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување; и во програмите кои содржат пласирање на производи, на производот за кој станува збор не смее да му се придава претерана важност во смисла на истакнување или упатување на него), поради што Советот на Агенцијата ѝ изрече мерка јавна опомена.

**Јуни**

- **Редовни програмски надзори** врз 12 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (МРТ, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ 21-М, ТВ Шења и ТВ Клан) во однос на годишната обврска за емитување европски аудиовизуелни дела. Надзорот покажа дека, во 2021 година, сите радиодифузери ја исполниле обврската.
- **Редовни програмски надзори** врз 12 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (МРТ, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ 21-М, ТВ Шења и ТВ Клан) во однос на обврската во годишниот буџет за програма да одвојат најмалку 10% за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, како и во однос на тоа дека најмалку половина од ваквите емитувани дела нема да бидат постари од 5 години. Надзорот покажа дека сите радиодифузери ја исполниле обврската во 2021 година.
- **Редовни програмски надзори** врз радиопрограмските сервиси Роса-АБ, Зона М-1, Скај Радио, ЕФ-ЕМ 90.3-Спортско Радио и РА РФМ. За овие радиодифузери се проверуваше почитувањето на член 80 ставови 7, 8 и 9 и на Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година. Со надзорот не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис Г-ТВ за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Надзорот покажа дека радиодифузерот постапил по изречената мерка опомена и го отстранил прекршокот.

**Јули**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Ера, ТВ Тера, ТВ МТМ, ТВ М, ТВ Шутел и ТВ Стар. Со надзорот беа констатирани следниве прекршувања: кај ТВ Шутел на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање предупредувачка сигнализација за заштита на малолетната публика); кај ТВ Стар на член 98 став 2 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг) и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (меѓу две вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути); кај ТВ М, ТВ Шутел, ТВ Стар и ТВ Ера на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот), кај ТВ Ера и ТВ

Стар на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), а кај ТВ Шутел на член 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Советот на Агенцијата на радиодифузерите им изрече мерки јавна опомена за направените прекршувања.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Канал 5 за почитување на обврските од членот 55 од ЗААВМУ ставови 6 (програмите кои содржат пласирање производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување) и 7 (во програмите кои содржат пласирање производи не смее да му се придава претерана важност - истакнување или упатување - на производот за кој станува збор). Со надзорот беше констатирано дека во периодот опфатен со надзорот радиодифузерот не емитуваше програми со пласирање производи и, следствено, немаше ни прекршување.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Сител и ТВ Канал 5 за обврските од член 53 од ЗААВМУ став 5 (забрана за аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставуваат природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности) и став 17 алинеја 2 (аудиовизуелните комерцијални комуникации треба да бидат вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста и да не се против интересите на потрошувачите). Врз основа на доставената стручна анализа од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), со контролниот надзорот беше констатирано дека радиодифузерите продолжиле со вршење на повредата од ЗААВМУ и Советот на Агенцијата покрена прекршочни постапки.

**Август**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Компани 21 - М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Сонце. Со надзорите, кај ТВ Сонце беше констатирано прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот); кај ТВ 21-М на член 50, став 3 од ЗААВМУ и на членот 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица, како и на членот 53 став 2 (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации) од ЗААВМУ, а кај ТВ ШЕЊА, на член 98 став 2 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг) и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (меѓу две вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути). Советот на Агенцијата на овие радиодифузери им изрече мерки јавна опомена за направените прекршувања.

**Септември**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Сител, ТВ Алфа, ТВ Телма, ТВ Алсат-М и ТВ Канал 5, при што беа констатирани едно прекршување кај ТВ Сител и три кај ТВ Алсат – М. ТВ Сител го прекрши член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетната публика); додека ТВ Алсат-М го прекрши член 98 став 2 (услови за рекламирање и телешопинг) од ЗААВМУ, односно членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники (рекламата на поделен екран не смее да покрие суштински делови од дејството); потоа членот 50 став 3 од ЗААВМУ и членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (објавите/промотивните најави треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), како и членот 92 ставови 1 и 3 (македонски аудиовизуелни дела). Советот на Агенцијата, на ТВ Сител и на ТВ Алсат – М, им изрече мерки јавна опомена за направените прекршувања.

**Октомври**

- **Редовен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Алфа, со кој беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетниците) и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (неозначени промотивни најави). Советот на Агенцијата ѝ изрече мерка јавна опомена.
- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Канал Феста, Дибра ТВ, ТВ Плус, ТВ Свет и ТВ Здравкин. Со надзорите беа констатирани следниве прекршувања: кај Дибра ТВ на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација) и на член 98 став 1 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг); кај ТВ Плус на член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот), на член 54 став 5 од ЗААВМУ (недозволено спонзорирање верска програма) и на членот 4 од Правилникот за спонзорство (забрането спонзорирање верски програми, служби и проповеди); а кај ТВ Здравкин на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот), на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација) и на член 53 став 2 од ЗААВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Советот на Агенцијата на овие радиодифузери им изрече мерки јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Стар за почитувањето на членот 92 став 1 (изворно создадена програма) и членот 64 став 1 (употреба на јазикот) од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ М за почитувањето на членот 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ ЕРА за почитувањето на членот 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) и членот 64 став 1 (употреба на јазикот) од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Шутел за почитувањето на членот 92 став 1 (изворно создадена програма) и членот 64 став 1 (употреба на јазикот) од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Сонце за почитувањето на членот 64 став 1 (употреба на јазикот) од ЗААВМУ, при што беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ 21- М за почитувањето на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и членот 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетници. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Шења за почитувањето на членот 98 став 2 (услови за рекламирање и телешопинг) од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (меѓу две вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Вонреден програмски надзор** реализиран по службена должност врз програмскиот сервис ТВ 21- М. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ (пласирање производи), поради што Советот на Агенцијата му изрече мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Стар за почитувањето на членот 98 став 2 (нови рекламни техники) од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Шутел за почитувањето на член 50 став 3 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање предупредувачка сигнализација). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не ја отстранил извршената повреда на Законот, поради што Советот на Агенцијата поведе прекршочна постапка.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ 21-М за почитувањето на член 53 став 2 од ЗААВМУ (прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не ја отстранил извршената повреда на Законот, поради што Советот на Агенцијата поведе прекршочна постапка.

**Ноември**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Калтрина, ТВ Кочани-ЛД, ТВ Протел, ТВ Спектра, ТВ Ускана Медиа. Со надзорот беа констатирани следниве прекршувања: кај ТВ Калтрина на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетната публика); кај ТВ Спектра на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 (временски периоди за емитување на категориите програми) и 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица; кај ТВ Протел на членот 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот); а кај ТВ Ускана Медиа на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Советот на Агенцијата на овие радиодифузери им изрече мерки јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Алсат-М за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ (нови рекламни техники). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка и не го отстранил прекршувањето, поради што Советот на Агенцијата поведе прекршочна постапка.

**Декември**

- **Редовни програмски надзори** врз непрофитните радио програмски сервиси Радио Марија - Благовест од Струмица, Универзитетското Радио Студент ФМ 92.9 од Скопје, Универзитетското Радио УГД ФМ од Штип и Универзитетското Радио УКЛО ФМ од Битола. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ 21-М за почитувањето на член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ (пласирање производи). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Алфа за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (објавите/промотивните најави треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува). Беше утврдено дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Алсат-М за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (објавите/промотивните најави треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува) и на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (македонски аудиовизуелни дела). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Сител за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање предупредувачка сигнализација на програмите). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Здравкин за почитувањето на член 53 став 2 од ЗААВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации), на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (македонски аудиовизуелни дела) и на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки и ги отстранил прекршувањата.

## Административни надзори

Во 2022 година редовните административни надзори врз радиодифузерите беа реализирани согласно планираното во годишниот План за вршење административен надзор. Со оглед на тоа дека со редовните надзори кај некои радиодифузери беа констатирани прекршувања и им беа изречени мерки јавна опомена, по истекот на рокот за отстранување на повредата на законот, утврден во решението за изрекување мерка, беа реализирани и контролни надзори. За оние радиодифузери на кои мерки јавна опомена им беа изречени на крајот од 2022 година, контролните надзори беа направени на почетокот од 2023 година и тие не се опфатени во овој Извештај. Од спроведените вкупно 69 административни надзори, 59 беа редовни и 10 контролни. Редовниот административен надзор со кој се утврдуваше дали радиодифузерите во 2021 година се придржувале до програмскиот концепт, беше спроведен врз вкупно 108 медиуми (сите 43 телевизиски и 65 радио сервиси).

Прегледот на сите административни надзори претставен подолу, е организиран според периодот на нивното завршување.

### Јануари

- **Редовни административни надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3), при што не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на Законот за медиуми.
- **Контролни административни надзори врз** телевизиските програмски сервиси ТВ ДУЕ и ТВ ГУРРА за член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека ТВ ГУРРА не постапила по изречената мерка, односно продолжила со вршење на повредата, поради што ѝ беше изречена мерка јавна опомена.

### Февруари

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5), со кои не беа констатирани прекршувања.

- **Контролни административни надзори** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Дуе за почитувањето на член 14 (објавување импресум) од Законот за медиуми; и на непрофитниот радиопрограмски сервис Универзитетското Радио Студент ФМ 92.9 од Скопје, за член 51 став 1 од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека ТВ Дуе продолжила да го крши Законот и ѝ беше изречена јавна опомена.

**Март**

- **Редовни административни надзори** врз националните сателитски ТВ програмски сервиси Наша ТВ и ТВ 24 Вести. Не беа констатирани прекршувања.

**Април**

- **Редовен административен надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Со надзорите кај ТВ Алсат-М беше констатирано прекршување на членот 14 од Законот за медиуми (објавување импресум) и Советот на Агенцијата ѝ изрече мерка јавна опомена.
- **Редовен административен надзор** врз сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2021 година, за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми, односно за придржување до програмскиот концепт кој е составен дел од нивната дозвола. Овој надзор беше спроведен врз вкупно 108 радиодифузери, а Импулс Радио не беше опфатено бидејќи дозвола доби во 2021 година, односно програма емитуваше само во дел од годината. Извештаите за исполнувањето на програмскиот концепт, во законски утврдениот рок до 31 март, ги доставија вкупно 31 телевизија и 54 радија, додека 11 ТВ и 11 РА сервиси ги доставија извештаите со задоцнување. Вкупно 107 радиодифузерите ја исполнија обврската (42 телевизии и 65 радија) и според податоците од доставените извештаи, сите генерално беа во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување. Единствено кај телевизискиот програмски сервис ТВ Ирис беше констатирано прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, бидејќи воопшто не достави извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување во 2021 година, поради што Советот ѝ изрече мерка јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис на ТВ Дуе за почитување на членот 14 од Законот за медиуми (објавување импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.

**Мај**

- **Редовен административен надзор** врз програмските сервиси Радио Антена 5, Радио Канал 77, Метрополис Радио и ЈОН – Радио. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервиси ТВ Гурра за член 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не ја отстранил извршената повреда, така што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Ирис за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување писмен извештај за спроведување на програмскиот концепт утврден во дозволата за телевизиско емитување во 2021 година). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.

**Јуни**

- **Редовен административен надзор** врз радиопрограмските сервиси Роса-АБ, Зона М-1, Скај Радио, ЕФ-ЕМ 90.3-Спортско Радио и РА РФМ, при што не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Алсат-М за почитувањето на член 14 од ЗМ (објавување импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Јули**

- **Редовен административен надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Ера, ТВ Тера, ТВ МТМ, ТВ М, ТВ Шутел и ТВ Стар. Со надзорите беше констатирано прекршување на членот 14 од ЗМ (импресум) кај ТВ Шутел, на која ѝ беше изречена јавна опомена.

**Август**

- **Редовен административен надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Сонце. Со надзорите беше констатирано прекршување на членот 14 од ЗМ (импресум) кај ТВ 21-М, за што Советот ѝ изрече јавна опомена.

**Октомври**

- **Редовен административен надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Алфа, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алсат-М и ТВ Канал 5. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.
- **Редовен административен надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Канал Феста, Дибра ТВ, ТВ Плус, ТВ Свет и ТВ Здравкин. Со надзорот беа констатирани две прекршувања по член 14 од ЗМ (импресум) – кај Дибра ТВ и ТВ Плус, и две по член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците) кај Дибра ТВ и ТВ Феста.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Шутел за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не ја отстранил извршената повреда, така што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.

**Ноември**

- **Редовен административен надзор** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Калтрина, ТВ Кочани-ЛД, ТВ Протел, ТВ Спектра и ТВ Ускана Медиа. Со надзорот беа констатирани прекршувања на член 14 од ЗМ (импресум) и на член 51 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците) кај ТВ Калтрина.
- **Контролен административни надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ 21-М за почитувањето на член 14 од ЗМ (импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Декември**

- **Редовен административен надзор** врз непрофитните радиодифузни установи Радио Марија – Благовест, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9, Универзитетско Радио УКЛО ФМ и Универзитетско

Радио УГД ФМ. Констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми (импресум) и на членовите 51 (информации достапни за корисниците) и 97 став 2 од ЗААВМУ (идентификација на радиодифузер) кај Радио Студент ФМ 92.9 и на член 51 од ЗААВМУ кај Радио Марија – Благовест и кај Радио УГД ФМ. Бидејќи ова беше втор пат во 2022 година, кај Радио Студент ФМ 92.9 да се утврди повредата на членот 51 став 1 од ЗААВМУ, за ова прекршување против него беше покрената прекршочна постапка.

**Надзор над исполнувањето на минималните кадровски услови**

За обезбедување телевизиско или радио емитување, покрај условите и обврските пропишани во ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да исполнуваат и посебни минимални кадровски услови, кои се утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување".

Имајќи ги предвид одредбите од овој правилник, а врз основа на извршен увид во податоците за бројот и структурата на вработените во радиодифузерите на 31.12.2021 година, Агенцијата констатираше дека следните 16 радиодифузери го немаат потребниот број на вработени: ТВ Шутел, ТВ Ирис, ТВ Топестрада, ТВ Канал 8, ТВ Здравкин, Г-ТВ, РА Сити, РА Лидер, РА Б-97, РА Ла Коста, РА Комета, РА Балкан ФМ, РА Зора, РА Супер, РА Еко и РА Ред ФМ.

Со цел да утврди дали моменталниот број на вработени во овие телевизии и радиостаници е во согласност со горенаведениот правилник, Агенцијата во октомври побара од нив да достават соодветна документација, односно документи издадени од Агенцијата за вработување на РС Македонија за лицата во редовен работен однос и договори за дело и/или авторски договори за хонорарно ангажираните лица.

Од доставената документација беше видно дека 14 радиодифузери ги исполнуваат, а два – ТВ Шутел и ТВ Ирис не ги исполнуваат минималните кадровски услови, што беше констатирано и со извештаите од извршените вонредни административни надзори. Петнаесет од вкупно 16 вонредни надзори беа извршени во четвртиот квартал од 2022 година, додека надзорот на ТВ Шутел беше спроведен во јануари 2023 година. Поради неисполнување на кадровските услови Агенцијата покрена постапки за одземање на дозволите на овие два радиодифузера (за ТВ Ирис во декември 2022 година, а за ТВ Шутел во јануари 2023 година).

Постапувајќи согласно своите законски надлежности, ТВ Шутел и ТВ Ирис беа писмено известени дека се покренати постапки за одземање на дозволите и им беше укажано дека доколку не ја доставаат потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнуваат минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од директорот за покренување на постапката, ќе донесе одлука за одземање на дозволите за телевизиско емитување. И двете телевизии ги доставија потребните документи, поради што Агенцијата во јануари оваа година ги запре претходно поведените постапки.

**Стручен надзор**

Поради издавањето нова дозвола, во февруари беше направен стручен надзор на локалната радиостаница Импулс од Ново Село. Дозволата на оваа радиостаница и беше доделена во 2021 година, меѓутоа започна со работа во 2022 година, па согласно ЗАВМУ, стручниот надзор беше извршен во рок од 30 дена од истекот на 30-от ден од денот на започнувањето со емитување радиопрограма. Беше

извршена проверка на исполнувањето на техничките и просторните услови, а беше направен и увид во документацијата за бројот и структурата на вработените во овој радиодифузер, со цел да се утврди дали ги исполнува кадровските услови кои барателот на дозволата ги навел во пријавата за учество на јавниот конкурс за добивање дозвола. Беше констатирано дека радиостаницата во целост ги исполнува техничките, просторните и кадровските услови.

**Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување за 2022 година**

Во 2022 година Агенцијата спроведе административни надзори над вкупно девет радиодифузери (ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Сонце, ТВ Ирис, ТВ Здравкин, РА Јон, РА Лидер, РА 5 Чоки и РА Ла Коста) коишто во законски утврдениот рок не го платија надоместокот за дозволата за радио или телевизиско емитување.

Четири од нив го платија надоместокот пред да биде донесена одлуката за покренување постапка за одземање на дозволата. Агенцијата покрена постапки за одземање на дозволите на останатите пет радиодифузери, но поради тоа што сите пет во целост ја исполнија обврската пред да се одземе дозволата, постапките беа запрени.

**Постапување во врска со други обврски на радиодифузерите**

Во 2022 година, а врз основа на сознанија за отповикани одобренија за користење на радиофрекфенции што ги издала Агенцијата за електронски комуникации на вкупно четири радиостаници, Агенцијата постапуваше во врска со исполнувањето на обврската од член 62 став 5 (обезбедедување покриеност со сигнал од најмалку 80% од регионот за кој е издадена дозволата). Само кај една радиостаница – регионалната Капитол ФМ, оваа постапка заврши со одземање на дозволата, а останатите три радиостаници го усогласија работењето со ЗААВМУ, односно обезбедија покриеност со сигнал согласно со одредбата од член 62 став 5 од овој закон.

## МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

По распишувањето на Локалните избори 2022 за градоначалници на Општина Маврово и Ростуше и на Општина Центар Жупа, и за членови на Советот на Општина Тетово, Агенцијата започна подготвителни активности за спроведување на своите обврски. На својата веб страница, Агенцијата креираше посебен дел насловен „Локални избори 20 август 2022“, во кој ги објавуваше сите релевантни документи (легислатива, формулари, извештаи, дописи итн.). Во текот на јули и август 2022 година, Агенцијата спроведе низа активности поврзани со мониторингот на програмата на радиодифузерите. Имајќи предвид дека локалните избори се спроведуваа само во три општини, мониторингот на Агенцијата беше сконцентриран на периодот на изборната кампања. Агенцијата објави и извештај за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Локалните избори 2022 за избор на членови на Советот на Општина Тетово, кој е достапен за јавноста на веб страницата.

**Мониторинг за време на изборната кампања**

Мониторингот за медиумското покривање на изборната кампања за Локалните избори стартуваше на 31 јули, кога и започна изборната кампања. Со оглед на тоа дека Локалните избори се одржуваа само во три општини, Агенцијата одлучи да го спроведува мониторингот на изборното медиумско претставување врз основа на добиени претставки. Неколку дена пред почетокот на изборната кампања, на 27 јули, регулаторното тело упати допис до сите радиодифузери во којшто ги потсети на нивните законски обврски до кои треба да се придржуваат за време на изборната кампања, и тоа: за начинот на известување за кандидатите, за обврските во однос на емитувањето платено политичко рекламирање, за забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства и др. Во текот на деновите од изборната кампања не пристигнаа претставки поврзани со изборната кампања.

**Мониторинг на платеното политичко рекламирање**

Со мониторингот на платеното политичко рекламирање (ППР) беа опфатени четири телевизии коишто склучија договори со учесниците во изборната кампања, од вкупно шест радиодифузери колку што првично се имаа пријавено во Регистарот на Државната изборна комисија (ДИК) за емитување ППР за избор на членови во Советот на Општина Тетово. Мониторингот на ППР беше спроведен во текот на изборната кампања (од 31 јули до 18 август 2022 година) врз програмата на националната ТВ 21 – М и врз програмите на три телевизии од Тетово што емитуваат програма на регионално ниво: ТВ Коха, ТВ Полог и ТВ Кисс & Менада.

Неколку дена пред почетокот на изборната кампања, на 28 јули, Агенцијата испрати посебен допис до шесте радиодифузери кои се имаа пријавено во Регистарот за емитување ППР на ДИК, во кој ги извести за обврските поврзани со ППР што произлегуваат од Изборниот законик и од Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, а се однесуваат на потврдувањето на извештаите, за извештајот за искористен рекламен простор што треба да го поднесат и за други поврзани обврски. Во прилог на дописот им беа испратени трите обрасци од ДИК за платено политичко рекламирање, како и Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање од Агенцијата.

За време на мониторингот на платеното политичко рекламирање, секојдневно се прегледуваа снимките од емитуваната програма на четирите телевизии и податоците се споредуваа со дневните медиа планови што овие медиуми ги доставуваа редовно. Телевизиите кај кои беше регистрирано несовпаѓање на податоците меѓу медиа плановите и снимките, беа известувани да направат соодветни корекции.

Со мониторингот беше констатирано дека на програмите на четирите телевизии беше емитувано платено политичко рекламирање за 13 учесници во изборите, во вкупно траење од 23 часа 51 минута и 7 секунди. Најмногу време за ППР беше закупено на регионалните телевизии ТВ Коха (08:47:39) и ТВ Кисс & Менада (08:37:03), потоа на националната телевизија ТВ 21 – М (04:09:47) и на ТВ Полог (02:16:38).

Агенцијата констатираше само едно прекршување на дозволените лимити за ППР, и тоа кај телевизијата Кисс & Менада за што, во согласност со Изборниот законик, поведе прекршочна постапка пред надлежен суд. Телевизијата, на 12, 16, 17 и 18 август 2022 година, во повеќе реални часови емитувана програма, одвои повеќе од четири минути за ППР на кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од позицијата (Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ), повеќе од четири минути за ППР за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од опозицијата (ВМРО ДПМНЕ) и повеќе од 1 минута за ППР за политичка партија која е дел од законодавниот дом, а на последните избори за пратеници не освои доволно пратенички мандати да формира пратеничка група (Левица).

Неколку дена по завршувањето на изборниот процес, на 26 август, Агенцијата ги потврди извештаите за реализирани услуги, односно ги потврди податоците за вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање што го емитувала секоја од четирите телевизии, со цел од страна на Државната изборна комисија да им бидат исплатени средствата од Буџетот на државата, кои им следуваат согласно одредбите од Изборниот законик.

**Мониторинг на изборниот молк**

Со мониторингот на деновите од изборниот молк, 19 и 20 август (вториот ден до затворањето на избирачките места во 19:00 часот), беа опфатени програмите на тринаесет радиодифузери на државно ниво (МРТ 1, МРТ 2, ТВ Алфа, ТВ Алсат М, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21 М, ТВ Шења, ТВ Клан Македонија, ТВ Сонце, ТВ 24 Вести, Наша ТВ) и регионалните тетовски телевизии ТВ Полог, ТВ Коха и ТВ Кисс & Менада. За другите радиодифузери се постапуваше по претставки. Ден пред почетокот на изборниот молк, на 18 август, Агенцијата објави соопштение поврзано со известувањето во деновите од изборниот молк, со кое ги потсети радиодифузерите и јавноста дека до крајот на гласањето престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на учесниците во изборната кампања, а радијата и телевизиите при известувањето за изборниот процес мора да ги почитуваат правилата утврдени во Изборниот законик.

Со мониторингот за известувањето за време на изборниот молк беше утврдено дека осум радиодифузери на државно ниво и една регионална тетовска телевизија недоследно ги почитувале правилата за известување во овој период. Поради тоа Агенцијата, на 24 август, испрати укажувања до националните сервиси МРТ 2, ТВ Шења, ТВ Телма, ТВ Сител, ТВ Клан, ТВ 21-М, ТВ Сонце, ТВ 24 Вести и до тетовската ТВ Полог.

**Претставки во врска со изборите**

На 18 август беа испратени дописи до Првиот програмски сервис на Македонската телевизија – МРТ 1 и до Министерството за култура, како одговор на нивните меѓусебно поврзани барања, кои се однесуваа на известувањето за редовните активности на носители на функции во органите на власта за време на изборниот молк. Во дописите до нив беше посочено дека правилата за начинот на известување на медиумите за време на изборниот молк се јасно утврдени во член 76-б од Изборниот законик и оти во овие денови тие, меѓу другото, не смеат да известуваат и за активностите на носителите на функции во органите на власта. Регулаторното тело во дописите потсети дека за евентуални прекршувања на законските одредби постапува исклучиво откако медиумските содржини ќе бидат емитувани, имајќи предвид дека со Уставот е загарантирано правото на слобода на изразување и е забранета цензурата, а Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги обезбедува почитување на самостојноста и независноста на медиумите во креирањето на уредувачката политика.

**Соработка со ДИК**

Пред почетокот на изборната кампања, на 29 јули 2022 година, Агенцијата со допис ја извести Државната изборна комисија за сите дотогаш преземени активности од страна на регулаторот во врска со Локалните избори 2022 година, а кои се однесуваа на: (1) креирањето посебен дел на веб страницата на Агенцијата посветен на Локалните избори со сите релевантни документи наменети за радиодифузерите и пошироката јавност; (2) упатениот допис до сите радиодифузери со потсетување на законските обврски за време на изборната кампања; (3) дописот до шестте радиодифузери впишани во Регистарот на ДИК за

емитување ППР за избор на членови на Советот на Општина Тетово со потсетување на обврските за ППР што произлегуваат од Изборниот законик.

Агенцијата, исто така, ја извести Државната изборна комисија дека нема да испраќа дневни извештаи до неа за време на изборната кампања, имајќи предвид дека изборите се одржуваа само во три општини, поради што и мониторингот беше со значително намален обем и се спроведуваше врз основа на претставки, а мониторингот на ППР се вршеше само кај оние радиодифузери кои склучија договори за ППР со учесниците во изборната кампања.

На 26 август, во рамки на законските рокови, Агенцијата ги потврди извештаите за реализирани услуги, односно ги потврди податоците за вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање на секоја од четирите мониторирани телевизии емитувано за време на изборната кампања на Изборите за членови на Советот на Општина Тетово, со цел да може ДИК да им ги исплати средствата што им следуваа од Буџетот на државата.

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Локалните избори 2022 за избор на членови на Советот на Општина Тетово, беше усвоен од Советот на Агенцијата на 34 седница одржана на 6 септември 2022 година и истиот ден беше доставен до ДИК и објавен на веб страницата на Агенцијата.

**Настани посветени на медиумите и изборите**

Во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и УСАИД, на 5 и 6 април во Скопје се одржа конференцијата „Интегритет на изборите во новото информациско опкружување“, посветена на медиумите и нивната регулација во изборните процеси. Целта на Конференцијата беше да се поттикне дискусија меѓу граѓанските организации, здруженијата, институциите од земјава и релевантни чинители од европските земји за прашања поврзани со изборите и преку нивните искуства да се понудат препораки за унапредување на моменталната состојба. Излагања во рамките на првиот ден имаа директорот на АВМУ д-р Зоран Трајчевски и членот на Советот на АВМУ Зоран Фиданоски. Вториот ден од Конференцијата опфати искуства на АВМУ и на регулаторното тело за комуникации на Италија (АГКОМ) во поглед на мониторингот на медиумските содржини и платеното политичко рекламирање на радиодифузерите. Раководителката на Секторот за програмски работи во АВМУ м-р Емилија Јаневска ги објасни процесот и активностите поврзани со мониторингот на платеното политичко рекламирање на радиодифузерите и предизвиците со кои се соочува Агенцијата во текот на изборните циклуси.

Агенцијата го разгледуваше прашањето на изборите и медиумите и од аспект на родот. Во втората половина од годината, претставнички на Агенцијата присуствуваа на работна средба на тема „Студија за учеството на жените во политичките процеси во Северна Македонија: Мешана слика за родовата еднаквост во контекст на локалните избори во 2021 година“. Средбата беше организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и финансирана од Швајцарската агенција, а на неа беше реферирано и на податоците од анализата на Агенцијата за претставувањето на политичарките за време на изборното медиумско претставување за изборите 2020 година.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Радиодифузерите се должни да бидат транспарентни во своето работење **кон регулаторот**, така што до 31 март во тековната година ќе му достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник и за економското работење во претходната година, и **кон јавноста**, така што најмалку три пати во текот на годината на сопствената програма ќе ги објават податоците за сопственоста, одговорниот уредник и за изворите на финансирање во претходната година.

За да утврди дали ги исполниле горенаведените обврски, Агенцијата во 2022 година изврши четири редовни и три контролни административни надзори над работењето на радиодифузерите.

Во април, согласно „Годишниот план за вршење административен надзор во 2022 година", беше спроведен редовниот надзор во однос на исполнувањето на обврската за обезбедување јавност кон регулаторот (член 15 став 1 од Законот за медиуми). Со надзорот беа опфатени сите 109 радиодифузери коишто емитуваа телевизиска или радиопрограма, а беше констатирано дека само една радиостаница (Капитол) не ја исполни во целост оваа законска обврска од причина што беше избришана од Централниот регистар на РС Македонија и во периодот на вршење на надзорот постапката за бришење беше во фаза на жалба пред Комисијата за жалби при Централниот регистар.

Другите три редовни надзори беа извршени во април, јули и ноември и се однесуваа на исполнувањето на обврската да се обезбеди транспарентност во работењето кон јавноста (член 15 став 3 од Законот за медиуми). Според оваа обврска, радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, за одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават три пати на својата програма, односно: првиот пат најдоцна до 31 март, вториот пат најдоцна до 30 јуни и третиот пат најдоца до 31 октомври, а снимка од објавата да и достават на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Со трите надзори беа опфатени сите радиодифузери, и тоа: со надзорот во април беа опфатени 109 радиодифузери, со надзорот во јули 108, а со надзорот во ноември 106 радиодифузери. Обврската во првиот и во третиот утврден рок ја исполнија сите радиодифузери, а во вториот рок не ја исполнија само регионалните телевизии Шутел и Ирис и локалната радиостаница Плус Форте, поради што Агенцијата писмено ги опомена и им даде дополнителен рок да го усогласат своето работење со Законот за медиуми. Контролниот надзор на РА Плус Форте беше извршен во август, а на ТВ Шутел и ТВ Ирис во октомври и беше констатирано дека сите три постапиле по изречената мерка.

Имајќи ја предвид важноста на плурализмот во медиумите и транспарентноста на медиумската сопственост за зачувување на јавната дебата во демократските општества, Агенцијата во извештајната година ја изработи публикацијата „Сопственоста на медиумите во 2022 година". Публикацијата содржи податоци за сопствениците на телевизиите, радиостаниците и на издавачите на печатените медиуми, како и податоци за сопствениците на правните лица кои се јавуваат како сопственици на радиодифузерите и на издавачите на печатени медиуми.

## ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

### Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура

Во 2022 година Советот на Агенцијата донесе две одлуки со кои одобри промена на сопственичката структура на два радиодифузера – регионалната телевизија Шутел од Скопје и локалната радиостаница Ла Коста од Виница.

Во декември 2021 година Агенцијата се обрати до ТВ Шутел во врска со сомневањата дека сопственикот на оваа телевизија е во роднинска врска со лице кое по завршувањето на локалните избори во 2021 година беше избрано за член на Советот на Град Скопје. ТВ Шутел ја извести Агенцијата дека постои роднинска поврзаност помеѓу овие две лица и дека за да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и да го отстрани прекршувањето на овој член од законот, ќе изврши промена на сопственичката структура. Согласно член 41 од законот, во јануари 2022 година ТВ Шутел достави до Агенцијата Известување за промена на сопственичката структура, со кое беше побарана согласност за истапување од сопственоста на телевизијата на единствениот сопственик - физичкото лице Валентин Бајрам од Скопје и за пристапување на физичкото лице Енвер Иљаз, исто така од Скопје. Откако беше констатирано дека со предложената промена не се прекршуваат одредбите од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата донесе одлука и ја одобри истата. Промената беше реализирана во Централниот регистар на РС Македонија во март 2022 година.

По претходно добиено Известување за промена на сопственичката структура од страна на РА Ла Коста, а откако беше констатирано дека не постојат законски пречки за спроведување на побараната промена, Советот на Агенцијата донесе одлука со која дозволи промена во сопственоста и на овој радиодифузер. Промената се однесуваше на целосно истапување на физичкото лице Дафинка Костадинова од Виница и пристапување на лицето Бранко Ивановски од Виница. Побараната промена беше одобрена од страна на Агенцијата на почетокот од ноември, а на крајот од месецот истата беше реализирана и во Централниот регистар.

### Следење на промените на сопственоста на радиодифузерите

Агенцијата во континуитет ја следи сопственичката структура на радиодифузерите, како и секоја промена во нивната сопственост, преку увид во податоците од тековните состојби што ги издава Централниот регистар на РС Македонија и со редовна проверка во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар, каде што се објавуваат сите извршени промени кај трговските друштва.

Користејќи ги податоците за сопствениците на радиодифузерите со кои располага Агенцијата, како и податоците за сопствениците од тековните состојби коишто во 2022 година самите радиодифзуери ги доставија до регулаторот како дел од нивната законска обврска за обезбедување јавност во своето работење, Агенцијата во мај изврши вонреден административен надзор над радиодифузерите за да констатира дали некој од нив извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата. Од вкупно 109 радиодифузери, со надзорот не беше опфатена само радистаницата Капитол ФМ затоа што овој радиодифузер не достави тековна состојба во Агенцијата од причина што овој субјект беше избришан од Централниот Регистар на РСМ согласно Законот за трговските друштва (поради неподнесена годишна сметка за 2019 година). Со надзорот не беа констатирани прекршувања на одредбите со кои се уредува постапката за промена на сопственичката структура.

**Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречување недозволена медиумска концентрација**

- Во февруари 2022 година, Советот на Агенцијата донесе решение со кое ја запре постапката за утврдување недозволена медиумска концентрација кај ТВ Сити од Скопје, која беше покрената во декември 2021 година поради тоа што управителот на телевизијата истовремено се јавуваше и како прокурист во друштво регистрирано за вршење дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма (што е спротивно на член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и член 36 став 1 од ЗААВМУ), како и поради тоа што постоеја индиции за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација и по основ на поврзаност преку член на семејство (што е спротивно на член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗАВМУ). Постапката беше запрена поради тоа што ТВ Сити во меѓувреме изврши промена на управителот, со што беа отстранети причините за понатамошно водење на истата.

- Имајќи ги предвид индициите дека кај ТВ 24 Вести постои скриена сопственост, односно дека вистински сопственик на телевизијата не е лицето кое е впишано во Регистарот на вистински сопственици што го води Централниот регистар на РС Македонија, а со оглед на тоа што Агенцијата за финансиско разузнавање има обврска да презема мерки и дејствија, односно да спроведува анализа кога постои сомневање за вистинитоста или адекватноста на добиените податоци за вистинскиот сопственик, Агенцијата во февруари побара од Управата за финансиско разузнавање податоци во врска со вистинскиот сопственик на ТВ 24 Вести. До крајот на годината до АВМУ не беа доставени информации во врска со ова прашање, коишто на регулаторот му се потребни за исполнување на неговите надлежности за обезбедување транспарентност на сопственоста на медиумите и утврдување постоење недозволена медиумска концентрација.

## СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

**Активности за поттикнување на медиумската писменост**

### Мрежа за медиумска писменост

Мрежата за медиумска писменост го зголеми бројот за 16 нови членки и на крајот од 2022 година броеше 83 членови. По извршените промени во Пристапницата со кои се овозможи експерти од разни области, како и ентузијасти, индивидуално да се зачленат во Мрежата, за прв пат во неа се приклучија и физички лица. Членови на Мрежата во 2022 станаа: Марина Тунева, Марија Џиџева и Мими Ѓоргоска Илиоска, Кинотека на Република Северна Македонија, Национална установа филмски центар „Вардар филм–Скопје“, Локална библиотека „Гоце Делчев“ од Велес, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Унија на Македонски Професионални Асоцијации во Креативните Индустрии – УМПАКИ, ЦИВИЛ – Центар за слобода, Здружение за унапредување на новинарските практики ИНОВАТИВНИ МЕДИУМИ – Скопје, Младите размислуваат – IREX, КАТАВЕЈ ДООЕЛ, КТ ФИЛМ и МЕДИА ДООЕЛ Битола, УЗЕНГИЈА, Медиумска информативна агенција (МИА) и Цивил Медиа,.

Мрежата продолжи да функционира со хоризонтална поставеност, во која сите членови се рамноправни, а работата на членовите на Координативната група и координаторката е административна, односно тие не се формална водечка структура. Бидејќи на две членки на Координативната група (Олга Самарџиќ Јанкова и Весна Никодиноска) им истече мандатот, во октомври 2022 година беа спроведени избори. Најпрвин

членовите на Мрежата можеа да номинираат кандидати за членови на Координативната група, а од 21 до 26 октомври беше организирано онлајн гласање преку платформата Google Forms на кое секоја членка можеше да даде глас за еден од тројцата номинирани кандидати. За нов член на Координативната група беше избран Бојан Шашевски од Радио МОФ, а Весна Никодиноска беше реизбрана со мандат од 2 години.

Комуникацијата и споделувањето на информациите помеѓу членовите на Мрежата се одвива преку посебна мејл-група чие администрирање, како и одржувањето на веб-сајтот www.mediumskapismenost.mk, го спроведува АВМУ, во рамките на својата законска обврска да ја поттикнува медиумската писменост во земјава низ соработка со релевантни чинители (член 26 од ЗААВМУ). Оваа година сите информации за настани, како и изработени видео материјали беа споделувани и на профилите на социјалните мрежи Фејсбук, Твитер и Инстаграм, како и на Јутјуб каналот на Мрежата кои се администрирани од страна на вработени во Агенцијата.

Во 2022 година беше одново актуелизирана идејата за формирање Работна група за филмска писменост, чија координаторка стана Даниела Станковска-Плачковска од Агенцијата за филм и која има 14 членки. Во текот на февруари и март, Групата одржа два работни состанока на кои се мапираа реализираните активности на полето на филмска едукација и писменост и се детектираа можности каде Мрежата би го проширила својот опсег. Оваа работна група во септември одржа уште една средба на која беше презентиран предлог – текст на истражувањето со наслов „Филм и филмска писменост - Писменост за подвижни слики-филмско образование-филмска писменост. Развој на критички, креативни и културни вештини – клучен елемент на писменоста во 21 век- од рамка до влијание''. Групата беше особено активна и за време на деновите на медиумска писменост 2022.

**Денови на медиумска писменост 2022**

Активностите на Мрежата вообичаено се концентрирани за време на централната годишна активност – Денови на медиумска писменост (ДМП). Од 25 октомври до 1 ноември 2022, под мотото „Размислувај критички, состави ја целата приказна“, во организација на Агенцијата и на Мрежата за медиумска писменост, по четврти пат се одржаа Деновите на медиумска писменост 2022. На овој начин, нашата земја четврта година по ред се приклучи кон Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО. Преку ДМП 2022, јавноста имаше можност да присуствува на низа настани фокусирани на различни аспекти од медиумската писменост и различностите, реализирани како работилници, дебати, видео и панел дискусии, презентации, изложба, филмови. Во организацијата, и оваа година, се вклучија поголем број членки на Мрежата и нивни соработници: Македонскиот институт за медиуми, ИРЕКС, Проект на УСАИД за медиумска писменост – Младите размислуваат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Институтот за комуникациски студии, Радио МОФ, Коалиција Маргини, Фондацијата Метаморфозис, ПИНА, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, МРТ, Институтот Макс Ван Дер Штул, Делегацијата на Европската Унија, СЕММ, Лице в лице, Мета.мк, Порталб.мк, Агенцијата за филм, кината Милениум, Синеплекс, Кинотека на РСМ и дистрибутерската куќа Катавеј.

Почетокот на ДМП 2022 беше означен со прес конференција што ја одржа директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, кој ја претстави програмата и говореше за значењето на медиумската писменост и на ДМП. Тој говореше за ДМП 2022 и во гостување во Утринската програма на МРТ1 на 26 октомври. Координаторката на Мрежата Емилија Петреска-Камењарова, на 27 октомври учествуваше во дебатната емисија „Објектив: Медиумската писменост кај лицата со попреченост“ на МРТ1, на која говореа и Елена Кочоска од „Полио Плус“ и Сузана Стојановска – мајка на дете со попреченост и згрижувачка на дете со попреченост.

Оваа година, во рамки на Деновите за прв пат беше вклучена и филмска програма, поделена во два дела. Едниот дел од програмата беше наменет за лица со попреченост, кои со претходна резервација на билети, бесплатно можеа да следат филмови од редовниот репертоар на кината Милениум и Синеплекс и во Кинотека на РСМ. Вториот дел од програмата вклучуваше бесплатно прикажување на тематски филмови наменети за деца од основни училишта од 6-то до 9-то одделение во кината Милениум, Синеплекс и Кинотека на РСМ, обезбедени од дистрибутерската куќа Катавеј. Станува збор за филмовите „Брат ми брка диносауруси“ за живот на лице со Даунов синдром, „Хакер“ за видео игри и „Карираи нинџа“ за булинг. Проекциите беа проследени со работилници со детски психолози кои посебно се специјализирани за работа на некоја од темите.

На 28 октомври 2022, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги организираше работилница насловена „Неодложна пристапност“, посветена на медиумските потреби на лицата со попреченост. Работилницата имаше за цел да им помогне на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање полесно да се справат со обврските од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, согласно која ќе треба да ги направат своите програми достапни за лицата со попреченост. Работилницата ја отвори директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, ја модерираше раководителот на Одделението за човекови права и медиумска писменост м-р Сашо Богдановски, а на неа говореа и две лица со посебни потреби. Кристијан Лазарев – автор на македонскиот асистент за читање „Кико“ и проектен асистент на Здружението „Отворете ги прозорците“, ги истакна придобивките од имплементирањето на читачот „Кико“, како и вредноста од обезбедување дигитална достапност до информациите на веб страниците на медиумите и институциите. Елена Кочоска – програмска раководителка за вработување и едукација на лица со попреченост во „Полио Плус“, ги посочи реалните проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и ги сподели своите размислувања како да се придонесе за надминување на бариерите во испораката на медиумските содржини. Директорот на АВМУ констатираше дека примената на парадигмата еднаквост и еднакво учество во општеството за сите општествени групи, особено почива на работата на медиумите, а Сашо Богдановски дискутираше за Нацрт – саморегулаторниот документ за пристапност до аудиовизуелните медиумски содржини и ги посочи активностите на Агенцијата за обезбедување достапност до медиумите за лицата со сетилна попреченост.

На 31 октомври 2022, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се одржа состанок на Мрежата за медиумска писменост на кој, во отворена дискусија, членовите на Мрежата ги искажаа своите мислења за тоа како може да се подобри нејзината работа и како да се направи повидлива за јавноста која не е доволно запознаена со неа. Состанокот го водеше координаторката на Мрежата Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ, и тој започна со соопштување на резултатите од изборот на членови на Координативната група на Мрежата: за нов член беше избран Бојан Шашевски од Радио МОФ, а Весна Никодиноска од МИМ беше реизбрана со мандат од две години. Координаторката на Мрежата информираше за работата на Мрежата во изминатата година и за нејзината меѓународна активност, а координаторката на Работната група за филмска писменост Даниела Станковска - Плачковска од Агенцијата за филм ги претстави работата и активностите на оваа најнова работна група во рамките на ММП.

По завршувањето на ДМП, во ноември, претставник на регулаторното тело учествуваше во емисијата „Јас сум Цако“ на Радио МОФ, во која одговараше на прашања поврзани со ДМП 2022.

За потребите на промовирање на Деновите за медиумска писменост беше спроведена кампања која ја реализираше агенцијата Маркет вижн, ангажирана преку јавна набавка. Беа изработени видео и аудио спот на македонски, албански и англиски јазик. Спотовите се емитуваа на медиумите и беа споделени на социјалните мрежи со цел поголем број граѓани да се информираат за настаните за медиумска писменост. Воедно, од некои од настанатите за време на ДМП 2022 беа изработени куси видеа, исто така на три

јазика, но и со вклучено толкување на македонски толковен јазик за глувите и за лицата со оштетен слух. Информациите и спотовите за најава и видео материјалите од проектите за Деновите на медиумска писменост беа поставени на веб – страниците www.mediumskapismenost.mk и www.avmu.mk и на Фејсбук, Инстаграм, Твитер и Јујтуб каналот на Мрежата.

**Други активности на АВМУ за медиумска писменост**

Агенцијата беше активна на полето на медиумската писменост во текот на целата година. На почетокот на февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на дводневен виртуелен симпозиум „Држење чекор со трендовите: Образование за медиумска писменост во сѐ побрзата денешница“, во организација на Институтот за комуникациски студии и ИРЕКС, а во рамки на проектот Младите размислуваат (YouThink), којшто се реализира со поддршка од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).

Во февруари, претставничка на регулаторот беше панелистка на онлајн Панел дискусијата „Ефикасноста на законските и саморегулаторните механизми за спречување на говорот на омраза и дезинформациите во Северна Македонија“, која Македонскиот институт за медиуми ја организираше како дел од Регионалниот проект „Отпор кон дезинформации и говор на омраза: Акција на граѓанското општество за реафирмирање на слободата на медиумите и спречување дезинформации и пропаганда за ширење омраза во земјите од Западен Балкан и во Турција“. Проектот е имплементиран со поддршка од Европската Унија од страна на партнерските организации СЕЕНПМ, Албанскиот медиумски институт, Медиацентар Сараево, Косово 2.0, Црногорскиот медиумски институт, Македонскиот институт за медиуми, Новосадската школа за новинарство, Мировниот институт Љубљана и Бианет Турција. Претставничката на АВМУ говореше за „Улогата на регулаторното тело во спречување на говорот на омразата преку медиумите: примери од практиката и спроведени активности“.

Во февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на Првата средба и работилница: „Може ли медиумската писменост да ја промовира одговорната употреба на видео игрите и да спречи ризично однесување?", организирана онлајн од страна на Медитеранската платформа на регулаторни тела (МНРА).

Во март, претставничка на регулаторното тело учествуваше во фокус групата што Фондација Метаморфозис ја организираше како дел од проектот „Центар за борба против дезинформации: Разоткривање на штетните влијанија преку новинарството во улога на куче-чувар“ (Anti-Disinformation Hub: Exposing Malign Influences through Watchdog Journalism).

Во април, претставници на Агенцијата одржаа онлајн средба со Леа Ченгиќ и Азра Масло, претставнички на Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина. Средбата беше посветена на размена на искуства во врска со активностите за медиумска писменост во двете земји.

Во април, позитивно беше одговорено на барање за писмо за поддршка од Институтот за комуникациски студии (ИКС) за проект за медиумска писменост насловен TADAM – Tools and Awareness about Disinformation, Algorithms and Media (Алатки и свесност за дезинформациите, алгоритмите и медиумите).

Во мај, претставничка на регулаторот онлајн учествуваше на Конференцијата „Справување со дезинформации во Република Северна Македонија“, која се одржа во хибриден формат (комбинација на физичко присуство во хотел „Панорамика“ во Скопје и онлајн, преку платформата ЗУМ), во организација на Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“. Како дел од подготовката за оваа конференција, таа учествуваше и на онлајн состанок што се одржа на 27 мај.

Во јули, претставници на Агенцијата одржаа состанок со Михајло Лахтов од ИРЕКС, директор на Проект за медиумска писменост „Младите размислуваат“ и Наташа Булеска од Канцеларијата за образование на

УСАИД. Состанокот беше посветен на можностите за соработка меѓу АВМУ, Мрежата за медиумска писменост и овој проект, кој е финансиран од УСАИД. Набргу потоа, „Младите размислуваат“ стана членка на Мрежата.

Во јули, претставничка на регулаторното тело беше интервјуирана од страна на Мартина Чепман, експертка која реализираше компаративна студија како дел од проектот ПАМТ2 на Европската Унија за Тунис. Целта на студијата беше, преку пет студии на случај, да претстави различни добри практики и методолошки пристапи за примена на национални стратегии или стратешки документи за медиумска политика.

Во август, претставничка на регулаторот имаше онлајн состанок со Александра Ливи, специјалистка за граѓански ангажман во организацијата World Learning. Состанокот беше реализиран на иницијатива на г-а Ливи, која беше заинтересирана за можностите за соработка на World Learning со Агенцијата и со Мрежата за медиумска писменост, во контекст на проект за промовирање на младинскиот активизам преку медиумите со кој би се пријавиле на повик на УСАИД за финансирање проекти.

Во октомври, координаторката на Мрежата за медиумска писменост учествуваше на онлајн состанокот на членките на Алијансата (мрежата) за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО, чија членка е македонската Мрежа.

Во ноември, претставничка на Агенцијата присуствуваше на меѓународната конференција за регулаторите за медиуми од Балканскиот регион, на тема „Предизвиците за регулирањето на дезинформациите, медиумската писменост и одржливата дигитална средина“, која се одржа во Софија, Бугарија, организирана од бугарското регулаторно тело. Претставничката на АВМУ имаше излагање насловено „Медиумската писменост како алатка во борбата со дезинформациите“.

Во ноември, до членките на ММП и до медиумите беше дистрибуирана информација, која пристигна од Отсекот за комуникации и односи со медиумите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, за курсеви за самостојно е-учење со цел да им помогне на новинарите кои истражуваат корупција или други високопрофилни случаи од јавен интерес да ги усовршат своите дигитални истражувачки вештини.

Во декември, претставници на регулаторното тело учествуваа на обуката „Медиумска и информациска писменост во контекст на спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (P/CVERLT): Адресирање на предизвиците на дигиталното “информациско нарушување“, во организација на ОБСЕ.

**Обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост**

Во 2022 година, активностите на Агенцијата на полето на обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост подразбираа соработка со граѓанскиот сектор, меѓународните организации, медиумите и власта.

Регулаторното тело зеде учество на повеќе настани организирани во рамките на процесот на подготовка на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2030: првата работилница, организирана од Министерството за труд и социјална политика и Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), во соработка со тимот на Агенциите на Обединетите Нации се одржа во јуни, другата во септември, а третата насловена: „Пристапност – комуникација“ во октомври. На работилниците, актери од различни организации заеднички дискутираа и подетално посочија потенцијални решенија и мерки кои ќе бидат рефлектирани во новата стратегија, при што претставникот на Агенцијата беше активно вклучен. Во ноември, на барање на државната советничка Лидија Крстевска Дојчиновска од Канцеларијата на претседателот на Владата, претставникот на регулаторното тело достави коментари и дополнувања на

текстот на Стратегијата за лицата со попреченост, со посебен осврт на целите и мерките од областа на медиумите, приоритизација на мерките за првите три години и за мерките кои ќе бидат фокус на акцискиот план. Во март, до МИОА беа испратени коментари од АВМУ на Предлог – акцискиот план за 2021 година за имплементација на мерките од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост.

Во рамки на програмата за поддршка на изборните реформи во државата од IFES и ODIHR, во јануари, претставници на Агенцијата одржаа онлајн состанок со Елена Кочовска од Полио плус и експертката Хана Робертс. На состанокот се дискутираше за проект за покренување активности со цел унапредување на правото за политичко учество на лицата со попреченост согласно член 29 од Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, како и унапредување на капацитетите на релевантните актери во оваа област.

Соработката со Полио плус продолжи и во февруари, кога до програмската директорка за вработување и едукација на лица со попреченост – Елена Кочоска, беше доставен потврден одговор на Барање за соработка во врска со предлог-проектот насловен: „Синергија со медиумите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост“ и согласност за учество доколку проектот биде прифатен за реализација.

Во рамки на подготовките за одржување на Деновите на медиумска писменост 2022, во август, претставници на регулаторот одржаа уште еден состанок со г-а Кочовска за да се направат консултации околу организација на работилницата „Неодложна пристапност“ – за медиумските потреби на лицата со попреченост која се одржа на 28 октомври. Работилницата имаше за цел да им помогне на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање полесно да се справат со обврските од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, согласно која ќе треба постепено и континуирано да ги направат своите програми достапни за лицата со попреченост.

Во ноември, на покана од Радио МОФ, претставник на регулаторното тело учествуваше во емисијата „Јас сум Цако“, во која одговараше на прашања поврзани со ДМП 2022 и програмите за лицата со попреченост, а во рамките на Деновите, претставничка на Агенцијата учествуваше во дебата на МРТ1 посветена на медиумската писменост на лицата со попреченост.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

### Надзори за почитување на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ

Во 2022 година, Агенцијата изврши два програмски надзори врз почитувањето на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ, кои се однесуваат на забраната за поттикнување или ширење на дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било од законски забранетите основи. Двата надзори беа реализирани по писмени иницијативи поднесени од една граѓанска организација. Првиот беше извршен врз изданието на емисијата „Само вистина“, емитувано на 21 февруари 2022 година на ТВ Канал 5, а вториот врз изданието на емисијата „Што не е јасно“, емитувано на 23 февруари 2022 година на ТВ Алфа.

Двете емисии според жанровската класификација претставуваа актуелно – информативна програма, емисијата „Само вистина“ на ТВ Канал 5 беше реализирана во форма на дебата помеѓу тројца соговорници, а емисијата „Што не е јасно?“ беше реализирана во форма на интервју со еден соговорник. И во поглед на двете емисии, подносителот сметаше дека излагањата на одредени соговорници содржат говор на омраза кон Република Бугарија и бугарскиот народ со што се разгорува и предизвикува омраза, раздор и нетрпеливост врз основа на етничка припадност. Дополнително, подносителот реагираше и на поставеноста на водителите и на уредништвото во конкретните медиуми, сметајќи дека тие не се

оградиле од ставовите на гостите чии говори беа оспорувани во претставките, како и дека не се огласиле со извинување потоа.

При надзорот врз емисијата „Само вистина“ на ТВ Канал 5, беше констатирано дека во дебатата учествуваа тројца гости со спротивставени ставови, водителот во емисијата во живо имаше конкретни реакции на сите политички изјави на говорниците и преку поставување на дополнителни прашања и спротивставување на мислењата на соговорниците, медиумот на јавноста ѝ даде можност да се запознае со ставовите на повеќе теми од три различни гледишта.

Надзорот врз емисијата „Што не е јасно?“ на ТВ Алфа покажа дека изјавите на гостинот се однесуваа на претставници на институции, властите, политичките партии, црквите и академската заедница од повеќе држави и дека дискусијата насочена кон политичарите и политиките што ги спроведуваат не може да се смета за поттикнување или ширење омраза, раздор и нетрпеливост врз основа на етничка припадност. Дополнително, новинарите имаат право да поставуваат прашања и да изнесуваат ставови со кои би можела да се отвори поширока јавна дебата, како и јавно да ја критикуваат и преиспитуваат работата на политичарите и институциите.

Во двата надзори, Агенцијата заклучи дека не беше исполнет трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права – ограничувањето на слободата на изразување не беше пропишано со закон, па оттаму не беа констатирани прекршувања на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ.

**Одговори на претставки и реакции за начелата за вршење на дејност и за други одредби од ЗААВМУ**

Во поглед на почитувањето на начелата за вршење на дејноста од член 61, во текот на годината беше извршен надзор врз телевизискиот програмски сервис ТВ Телма, за изданието на емисијата „Код“ од 6 февруари 2022 година, реализиран по допис со барање за објаснување од Народниот правобранител – подрачна канцеларија Кичево. Во претставката испратена до Народниот правобранител, подносителот имаше наведено дека при објавувањето на пресудата за случајот во кој тој бил инволвиран, биле објавени неговото име и презиме, како и сите списи на предметот, со што бил откриен неговиот идентитет. При надзорот беше констатирано прекршување на членот 61 (начела за вршење на дејноста) од ЗААВМУ, односно начелото од став 1 алинеја 5 за почитување на пресумпција на невиност, бидејќи телевизијата јавно ги објави целосното име и презиме на обвинетиот, датумот на раѓање и местото на живеење, иако судскиот процес за случајот во тој момент беше во фаза на жалба пред Апелациониот суд Гостивар, односно не беше донесена правосилна пресуда.

Претставки пристигнаа и на други теми поврзани со програмските содржини.

Во јануари беше одговорено на две претставки. Во првата беше наведено дека македонските телевизии со рекламирање медицински услуги и производи: „*прават невиден терор и тортура над обичните ТВ претплатници*“. На подносителот му беа посочени одредбите од ЗААВМУ со кои е регулирано емитувањето на аудиовизуелните комерцијални комуникации – членови 53, 54, 55 и 99, и беше информиран за активностите што АВМУ ги презема во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство за спречување на штетни рекламни практики. Втората претставка се однесувашње на известувањето на онлајн медиумот КАМАЈ за сообраќајна несреќа, па подносителот беше упатен да се обрати до Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), со оглед на тоа дека АВМУ нема надлежност над интернет порталите.

Во текот на годината, регулаторното тело одговори на повеќе претставки во врска со емитувањето на играниот серијал од турско производство „Величенствениот“ на ТВ Алфа. При првите две претставки, подносителката беше информирана дека контролниот надзор покажа оти ТВ Алфа и по изречената јавна

опомена во 2021 година, продолжи да не ги почитува правилата за заштита на малолетниците од потенцијално штетни програми, односно серијата ја класифицираше во погрешна категорија и ја емитуваше во погрешно време, со што го прекршуваше членот 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. По извршениот контролен надзор во 2022 година, во Извештајот беше предложено Советот на Агенцијата повторно да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена, со оглед на фактот дека констатираното прекршување беше прво во 2022 година, а ЗААВМУ пропишува дека за првиот прекршок на одредена одредба во годината се изрекува јавна опомена. На подносителот на третата претставка му беше посочено дека во тој момент сè уште течеше законскиот период во кој ТВ Алфа требаше да го усогласи емитувањето на играниот серијал, по што беше предвидено да следи нов контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по решението за мерка. По оваа претставка, следуваше и работна средба на претставници на Агенцијата и на ТВ Алфа во врска со изречените мерки за класификацијата и терминот на емитување на посочениот серијал. Конечно, надзорот по четвртата претставка покажа оти радиодифузерот ја отстранил извршената повреда на правилата за заштита на малолетниците.

Преку Претставка, во април, гледач реагираше на користењето на стандардниот македонски јазик во програмите на медиумите, особено кај националните телевизии. Подносителот беше информиран за надлежностите на Агенцијата во овој поглед, како и за ставовите во однос на конкретните примери во претставката.

Во јуни пристигна Претставка која се однесуваше на тоа дека Радио Канал 77, во различни региони од државата емитува програмски сервис со различни реклами. Увидот во програмата на Радиото покажа дека наводите од Претставката се точни, па радиодифузерот во јуни беше потсетен дека има дозвола да емитува еден радио програмски сервис на територијата на целата држава, а рекламите, согласно дефиницијата од ЗААВМУ, се составен дел од тој програмски сервис. Од него беше побарано веднаш да ја усогласи програмата и во сите општини да емитува еден, истоветен програмски сервис, а за ова беше известен и подносителот на Претставката.

Во февруари беше испратен допис до ТВ Сител и ТВ Канал 5 во кој, врз основа на известување од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), им беше укажано да не емитуваат незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхраната.

## Родот и радиодифузијата

И во 2022 година, Агенцијата беше проактивна во полето на родовите прашања во аудиовизуелните медиумски услуги, првенствено преку анализите на третманот на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во медиумските програми за 2021 и 2022 година, а потоа и преку своите придонеси и учество во изработката и оценувањето на повеќе стратешки документи и во други активности.

На првиот јавен состанок на Агенцијата, кој се одржа во март, презентирани беа наодите од истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", кое за потребите на регулаторното тело го изработи Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС (избран на јавна набавка). Како што кажува и самиот наслов, фокусот на истражувањето беше ставен на известувањето на радиодифузерите за спортските настани во земјата и светот, во периодот пред и за време на Летните олимписки игри 2020. Наодите од оваа анализа покажаа доминантно присуство на мажи меѓу спортист(к)ите и новинар(к)ите во спортските емисии. Дополнително, востановено беше занемарливото присуство на жени меѓу спортските работници/чки. Според вообичаената пракса на Агенцијата, истражувањето првично беше објавено на сајтот на АВМУ, во делот за Родот и медиумите,

потоа беше отпечатено и доставено до Собранието, до претседателката, членовите и замениците на членовите на собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите, до Министерството за труд и социјална политика, до Агенцијата за млади и спорт, тогашната советничка за спорт во Владата, до спортските редакции на националните телевизии и на други релевантни адреси. Публикацијата беше преведена на албански и англиски јазик, а потоа и објавена на соодветните јазични верзии на сајтот на АВМУ и проследена до меѓународните организации со кои соработува Агенцијата.

Анализата пак, на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите за 2022 година е фокусирана на родовите прашања и претставувањето на жените и мажите во забавните програми на радиодифузерите. Истражувањето го работи Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, кој го доби тендерот на јавна набавка. Презентацијата на ова истражување се очекува да биде во првата половина на 2023 година.

Како новина во полето на родот и медиумите е иницијативата на регулаторот за изработка на посебна веб страница, со која досегашниот линк „Родот и медиумите“ се одвои од матичниот сајт на АВМУ и се претвори во ресурсен центар за новинар(к)ите, како и за сите засегнати субјекти во ова поле. Во тој контекст, во текот на јули беа одржани консултативни состаноци со претставник на економскиот оператор кој беше избран за изработката на страницата, како и со проектната координаторка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – за можноста за споделување на нивните ресурси. Веб страницата, по направените финални консултации со претставнички на Секторот за еднакви можности при МТСП, беше официјално промовирана во февруари 2023 година. Оваа веб страница е пристапна за лицата со попреченост, со примена на стандардот WCAG 2.1.

Во јуни, во просториите на Агенцијата беше одржана работилница за медиумски професионалци: „Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување“, со претставници од националните радија и телевизии. На работилницата со свои презентации и прилози учествуваа: Ирена Цветковиќ од Коалиција Маргини, Ана Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка Марина Тунева и Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ. За учесниците/чките беа обезбедени примероци од „Прирачникот за известување за родово базираното насилство“, кој беше изготвен во рамки на проектот на ХОПС во кој учествуваше АВМУ, и од „Водичот на АВМУ за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите“, изработен во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2.

Како и секоја година, продолжи меѓуинституционалната соработка со МТСП, па така, на почетокот на годината, до експертка ангажирана од Министерството, беа испратени мислење и коментари за нацртите на Националниот акциски план за родова еднаквост (2021-2023) и оперативниот план на МТСП за 2021-2022, а потоа, по барање на експертката, претставници на Агенцијата одржаа состанок со неа на кој се разговараше за деловите од нацртот на Националниот акциски план кои се однесуваат на медиумите. Исто така, до МТСП беше испратен и допис со забелешки и предлози во врска со Предлог - стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022 – 2026 година. Во втората половина од годината, координаторката и заменик - координаторот за еднакви можности во АВМУ одржаа онлајн состанок со стручната консултантка за Националниот план за родова еднаквост 2022 – 2024, а веднаш потоа ги доставија и своите коментари и забелешки за НАП-от. Кон крајот на годината беше организирана и средба на работната група за НАП-от за родова еднаквост 2022 – 2024 на која учествуваа претставници на Агенцијата, а целта на средбата беше комплетирање на документот со деталите и предвидениот буџет.

Исто така, во март, до МТСП беше доставен годишниот извештај за 2021 година на координаторката и заменикот-координатор за еднакви можности во Агенцијата. Нивните активности продолжија во текот на целата година, па во јули, на барање на МТСП одговорија на онлајн прашалникот во врска со примената на родоводоговорното буџетирање во АВМУ и евентуалните потреби од обуки. Понатаму, тие учествуваа и на работната средба на која беа презентирани наодите од мониторинг извештаите за напредокот на

државата при спроведување на активностите предвидени во Националниот акциски план (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција за период од октомври 2018 - декември 2021, во организација на МТСП во рамките на проектот „На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република Северна Македонија", финансиран од Фондацијата „Kvinna till Kvinna"(The Kvinna till Kvina Fondation), а имплементиран од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.

Како една од поважните активности на координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности е и учеството на првата евалуациска посета на Групата експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство (ГРЕВИО), во Република Северна Македонија. Посетата следуваше по доставениот Прв извештај на државата во врска со имплементацијата на Истанбулската конвенција, а беше организирана од МТСП како координатор на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата.

Во контекст на соработката со МТСП, вредно е да се споменат учествата на претставници/чки на Агенцијата на повеќе настани: промоцијата на Прирачникот за менторство како дел од тригодишната програма „Жени за жени во јавната администрација" – во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и МТСП; презентацијата на анализата „Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија" - во организација на МТСП, Секретаријатот за европски прашања и Канцеларијата на ОН Жени во РС Македонија и регионалната конференција „Родово одговорни политики – Добри практи и предизвици од регионот" – во организација на МТСП.

Освен ова, Агенцијата одговори на Барањето за информации од јавен карактер поднесено од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, за активностите што ги има преземено во втората половина од 2021 година, за остварување на НАП-от за Истанбулската конвенција. Дополнително, во ноември беше одговорено и на прашалник на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), за анализа на правната рамка и практиките на вклучување на родовите аспекти во работата на институциите на централно ниво, со фокус на Владата на Република Северна Македонија, министерствата и нивните органи.

Родот во медиумите беше тема и на кусото интервју на претставничка на Агенцијата за документарниот магазин „Приказна", кој се емитуваше на МТВ 1 на 19 септември. Овој проект е поддржан од ЕУ, а во ермисијата се зборуваше за најчестите стереотипи, сексизмот и родовата дискриминација на жените и мажите во програмите на медиумите.

Агенцијата и во 2022 година ја продолжи соработката со организациите од невладиниот сектор, која овозможува инклузивност и координиран пристап во процесот на подигнување на свеста за родовите прашања во сите релевантни сфери. Така, во април, претставници/чки од Агенцијата учествуваа на онлајн настан во организација на Институтот за комуникациски студии насловен „Како до подобро родово известување на медиумите во Македонија". Исто така, претставничка на Агенцијата учествуваше на Четвртиот форум на креативните градови за филм од мрежата на УНЕСКО, на тема „Зајакнување на улогата на жената во аудиовизуелните медиуми", која во ноември се одржа во Битола, во организација на Битолскиот филмски центар, со поддршка од УНЕСКО, Министерството за култура и Градот Битола, каде ги презентираше наодите од анализите за родот и медиумите на Агенцијата.

Во рамки на соработката со меѓународните организации и други субјекти, во втората половина од годината, претставнички на Агенцијата присуствуваа на работна средба на тема „Студија за учеството на жените во политичките процеси во Северна Македонија: Мешана слика за родовата еднаквост во контекст на локалните избори во 2021 година", организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и финансирана од Швајцарската агенција. Во текот на декември, двајца претставници на Секторот учествуваа на два настани на кои одржаа свои презентации што имаа и сегменти поврзани со родовите прашања. Станува збор за обуката „Медиумска и информациска писменост во контекст на спречувањето

на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (P/CVERLT): Адресирање на предизвиците на дигиталното "информациско нарушување", во организација на ОБСЕ и за онлајн конференцијата „Нов медиумски пејзаж: предизвици и правила", на која говореа и претставници на регулаторните тела од Србија, Бугарија, Португалија и Грција – во организација на Центарот за европско уставно право – Фондација Темистоклес и Димитрис Цацос од Грција.

Конечно, годината беше заокружена со изработката на оперативните планови на Агенцијата за 2023 година за спроведување на Акцискиот план за Истанбулската конвенција и за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост.

### Кампањи од јавен интерес

Во текот на годината беше позитивно одговорено на три дописи во кои различни субјекти се обратија до АВМУ со барање за мислење - дали нивните кампањи можат да се емитуваат означени како „бесплатно емитување". Станува збор за барања од: Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со барање за емитување видео спотови за сообраќајна едукација на децата и младите; МТСП за кампања за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство „Со тебе сме - заедно против насилството врз жените и девојчињата" и СОС Детско село - за емитување два спота со апел за донирање во кои се обраќа Боге, првото дете згрижено во СОС Детско село. Во трите случаи беше одговорено позитивно, а Агенцијата ја објави кампањата за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство и на својата веб страница и спотовите ги испрати до телевизиите, бидејќи станува збор за активност предвидена со Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) 2018-2023, каде АВМУ е институција партнерка, и на веб страницата и профилите на Фејсбук, Твитер, Инстаграм и на Јутјуб каналот на Мрежата за медиумска писменост, зашто МТСП е една од членките на Мрежата.

## ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

### Доделување дозволи за телевизиско емитување по пат на јавен конкурс[1]

Во јануари 2022 година до Агенцијата беше доставено едно писмено барање за доделување дозвола за дигитално терестријално емитување на телевизиски програмски сервис на државно ниво, поднесено од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип. По повод поднесеното барање Агенцијата донесе Одлука (Уп1 бр. 08-13 од 27.05.2022 година) за негово одбивање, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (наш арх. бр. 03-2051/3 од 20.05.2022 година) се утврди дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со: 1. претежно забавен општ формат, 2. претежно информативен општ формат и 3. општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.

Во извештајниот период не е доделена дозвола за радио/телевизиско емитување по пат на јавен конкурс.

[1] Детални податоци за постапките за доделување на дозволи со објавување на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи по пат на јавен конкурс" (Прилог бр. 1.1.)

**Доделување дозволи за телевизиско/радио емитување без јавен конкурс**[2]

Во јули 2022 година, од страна на физичкото лице Амир Хамити од Куманово, до Агенцијата беше доставено Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на локално ниво. Во однос на доставеното барање Агенцијата донесе Одлука (Уп1 бр. 08-211 од 04.11.2022 година) со која додели дозвола за телевизиско емитување, и тоа за програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво (на подрачјето на општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане). Согласно Одлуката, барателот на дозволата го регистрираше во Централниот регистар на РС Македонија Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово.

Во ноември до Агенцијата беше поднесено барање за доделување на дозвола за телевизиско емитување без објавување на јавен конкурс од страна на правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје. Поднесеното барање не беше уредно и содржеше недостатоци, поради што Агенцијата го извести подносителот и го задолжи да го дополни предметното Барање. Откако беше констатирано дека барателот на дозволата ги исполнува условите од законот, Агенцијата во февруари 2023 година донесе Одлука (Уп1 бр. 08-81 од 28.02.2023 година) за доделување дозвола за телевизиско емитување, и тоа за програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво во радиодифузниот регион Д1-Црн Врв Скопје.

**Престанок на важност на дозволи за телевизиско и радио емитување по сила на закон**

Во 2022 година, по сила на закон престана важноста на дозволите на две телевизии и две радија, и тоа:

- на телевизиите - Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ – 21 ДООЕЛ Велес, по сила на закон - со писмена изјава на имателите на дозволите со која се известува Агенцијата дека престануваат со емитување на телевизиска програма; и
- на радијата - Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид и Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, со одземање на дозволите од страна на Агенцијата.

## ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

**Евидентирање во регистарот**

Во извештајната година, во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети не беше евидентиран нов субјект, а беа избришани два субјекти, и тоа: Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево (во јуни) и Друштво за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија (во декември), откако овие оператори ја известија Агенцијата дека престануваат со вршење на дејноста. На крајот од годината во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети, вкупниот број на евидентирани субјекти изнесуваше 32.

[2] Детални податоци за постапките за доделување на дозволи без објавување на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи без објавување на јавен конкурс“ (Прилог бр. 1.2.)

**Регистрација на програмски пакети**

Во 2022 година, до Агенцијата беа доставени вкупно 300 пријави за регистрација на пакет програмски сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Постапувајќи согласно својата законска надлежност утврдена во членот 141 од ЗААВМУ, откако изврши проверка на комплетноста и уредноста на доставените пријави, Агенцијата издаде вкупно 317 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Во извештајниот период Агенцијата донесе две решенија со кои се смета дека пријавата не е доставена, а врз основа на доставено барање од страна на подносителот донесе и едно решение за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**Програмски надзор**

Во извештајната година Агенцијата спроведе вкупно 169 надзори на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 130 редовни, 23 вонредни и 16 контролни надзори.

Редовните надзори беа спроведени за да се констатира дали операторите ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ, односно од член 64 став 2 (доколку програмските сервиси што ги реемитуваат се титлуваат на јазик различен од оној на кој оригинално се произведени, задолжително да бидат титлувани или на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните), член 141 (програмските сервиси што ги емитуваат да бидат претходно регистрирани во Агенцијата) и член 143 став 3 (операторот задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис). Со оглед на тоа дека Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево беше евидентирано во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети до 9-ти јуни во тековната година, врз него се направи само еден редовен надзор. Врз операторот Друштво за радиодифузна дејност СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија не беше извршен редовен надзор бидејќи истиот не започна со вршење на дејноста во тековната година. Врз сите други оператори редовниот надзор беше спроведен согласно Годишниот план за програмски надзор.

Подолу во текстот се наведени сите надзори според месецот кога беа спроведени:

**Јануари**

- Четири редовни надзори на операторите Глобалсат од Скопје, Инфел од Охрид, Кабел Нет од Струмица и Пет Нет од Гевгелија. Кај операторот Пет Нет од Гевгелија беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата. Кај останатите оператори не беа констатирани прекршувања.

**Февруари**

- Три редовни надзори на операторите Македонски Телеком од Скопје, Нафи и Беко од Гостивар и Дрим Сат од Гостивар. Само кај операторот Македонски Телеком беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Два контролни надзори на операторот Македонски Телеком од Скопје и Пет Нет од Гевгелија, со кои беше констатирано дека операторите постапиле по претходно изречената мерка.

**Март**

- Осум редовни надзори на операторите Инел Интернационал од Кавадарци, Кабел од Струмица, Алтра Сат од Охрид, Кабел Л Нет од Лабуништа, Скрембл од Ново Село, Кабел Нет од Прилеп, Телекабел од Штип и Траншпед Трејд од Крива Паланка. Само кај операторот Алтра Сат од Охрид беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ. На овој оператор Агенцијата му изрече мерка јавна опомена и му наложи да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Редовен надзор врз 11 оператори, и тоа: Алтра Сат од Охрид, Инел Интернационал од Кавадарци, Кабел од Струмица, Кабел Л Нет од Лабуништа, Глобал Сат од Скопје, Инфел од Охрид, Кабел Нет од Струмица, Пет Нет од Гевгелија, Телекабел од Штип, Траншпед Трејд од Крива Паланка и Кабел Нет од Прилеп, а  во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорот не беа констатирани прекршувања

- Контролен надзор на операторот Алтра Сат од Охрид, со кој беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Април**

- Пет редовни надзори на операторите Каблекалл од Кичево, Мултимедија од Куманово, Бив Пирамида од Делчево, Комбо од Куманово и Винсат Кабел од Виница. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Редовен надзор врз осум оператори, и тоа: Каблекалл од Кичево, Мултимедија Нет од Куманово, Комбо од Куманово, Скрембл од Ново Село, Антена АС од Македонски Брод, БИВ Пирамида од Делчево, Сигнал Нет од Куманово и Винсат Кабел од Виница, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорот не беа констатирани прекршувања

**Мај**

- Седум редовни надзори на операторите Скупи Кабле од Скопје, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Сигнал Нет од Куманово,  ИП Системс од Куманово, Теленет Ком од Тетово, Спајдер Нет од Гевгелија и Антена АС од Македонски Брод.  Кај два оператора беа констатирани прекршувања на член 141, и тоа кај Скупи Кабле од Скопје и Антена АС од Македонски Брод, поради што Агенцијата им изрече мерки за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Редовен надзор врз шест оператори, и тоа: Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Скупи Кабле од Скопје, Канал 16 од Ресен, Теленет Ком од Тетово, ИП Системс од Куманово и Спајдер Нет од Гевгелија, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- Контролен надзор на операторот Скупи Кабле од Скопје, со кој се констатираше дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Јуни**

- Шест редовни надзори на операторите А1 Македонија од Скопје, Канал 16 од Ресен, Неотел од Скопје, М Тел од Скопје, Тотал ТВ од Скопје и Вива Нет од Берово. Кај еден оператор, А1 Македонија беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ и согласно ЗААВМУ Агенцијата му изрече мерка јавна опомена и му наложи да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Пет редовни надзори на операторите А1 Македонија од Скопје, Тотал ТВ од Скопје, Неотел од Скопје, М Тел од Скопје и Вива Нет од Берово, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано прекршување само кај операторот Тотал ТВ, поради што Агенцијата му изрече мерка опомена и му наложи во својот програмски пакет задолжително и бесплатно да ги вклучи сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

- Три контролни надзори на операторите Антена АС од Македонски Брод, Алтра Сат од Охрид и А1 Македонија. Само кај операторот Антена АС беше констатирано дека продолжил со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за која е опоменат и за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

**Јули**

- Седум редовни надзори на операторите Инел Интернационал од Кавадарци, Глобалсат од Скопје, Пет Нет од Гевгелија, Траншпед Трејд од Крива Паланка, Скрембл од Ново Село, Кабел од Струмица и Комбо од Куманово. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Седум редовни надзори на операторите Инел Интернационал од Кавадарци, Глобалсат од Скопје, Пет Нет од Гевгелија, Траншпед Трејд од Крива Паланка, Скрембл од Ново Село, Кабел од Струмица и Комбо од Куманово, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Вонреден надзор на Алтра Сат од Охрид со кој беше констатирано прекршување на член 143 став 2 од ЗААВМУ. На овој оператор Агенцијата му изрече мерка јавна опомена и му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права. Дополнително, Агенцијата го информираше Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид.

- Контролен надзор на Тотал ТВ од Скопје, со кој беше констатирано дека продолжува со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за кој е опоменат и за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

**Август**

- Шест редовни надзори на операторите Алтра Сат од Охрид, Инфел од Охрид, Телекабел од Штип, М Тел од Скопје, Вива Нет од Берово и Кабел Нет од Прилеп. Кај два оператори - М Тел од Скопје и Вива Нет од Берово беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ. На двата оператори Агенцијата

им изрече мерка јавна опомена и им наложи да го исклучат реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Шест редовни надзори на операторите Алтра Сат од Охрид, Инфел од Охрид, Телекабел од Штип, М Тел од Скопје, Вива Нет од Берово и Кабел Нет од Прилеп, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Два контролни надзори на операторите М Тел од Скопје и Вива Нет од Берово, со кои се констатираше дека операторите постапиле по претходно изречената мерка.

**Септември**

- Шест редовни надзори на операторите Бив Пирамида од Делчево, Кабел Нет од Струмица, Мултимедија Нетворкл Л од Гостивар, Сигнал Нет од Куманово, Теленет Ком од Тетово и Винсат Кабел од Виница, со кои не беа констатирани прекршувања.

- Шест редовни надзори на операторите Бив Пирамида од Делчево, Кабел Нет од Струмица, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Сигнал Нет од Куманово, Теленет Ком од Тетово и Винсат Кабел од Виница, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека кај сите оператори во целост е исполнета обврската од законот.

**Октомври**

- Седум редовни надзори на операторите Неотел од Скопје, Канал 16 од Ресен, Спајдер Нет од Гевгелија, Мултимедија од Куманово, ИП Системс од Куманово, Каблекалл од Кичево и Скупи Кабле од Скопје. Кај четири оператори, и тоа: Неотел, Канал 16, Спајдер Нет и Скупи Кабле беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ. На три оператори Агенцијата им изрече мерка јавна опомена и им наложи да го исклучат реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата, а кај операторот Скупи Кабле беше констатирано дека продолжува со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за кој е опоменат, за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

- Шеснаесет вонредни надзори на операторите Алтра Сат од Охрид, Сигнал Нет од Куманово, Винсат Кабел од Виница, Кабел од Струмица, Бив Пирамида од Делчево, Вива Нет од Берово, Инел Интернационал од Кавадарци, Инфел од Охрид, Кабел Л Нет од Лабуништа, Пет Нет од Гевгелија, Траншпед Трејд од Крива Паланка, Телекабел од Штип, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Теленет Ком од Тетово, Глобалсат од Скопје и Кабел Нет од Струмица. Целта на овие надзори беше да се утврди дали операторите на јавни електронски комуникациски мрежи престанале да ги реемитуваат програмските сервиси кои беа регистрирани во Агенцијата врз основа на Генералниот лиценцен договор (GLA) со рок на важност до 30.09.2022 година. Кај операторите Сигнал Нет, Винсат Кабел и Кабел беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, за што Агенцијата им изрече мерка јавна опомена и им наложи да го исклучат реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани, а кај операторот Алтра Сат беше констатирано дека продолжува со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за кој е опоменат и за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

- Шест контролни надзори на операторите Неотел од Скопје, Сигнал Нет од Куманово, Канал 16 од Ресен, Винсат Кабел од Виница, Кабел од Струмица и Спајдер Нет од Гевгелија, со кои се констатираше дека операторите постапиле по претходно изречената мерка.

**Ноември**

- Пет редовни надзори на операторите Македонски Телеком од Скопје, Кабел Л Нет од Лабуништа, Нафи и Беко од Гостивар, Дрим Сат од Гостивар и А1 Македонија од Скопје. Само кај операторот Македонски Телеком беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ и поради продолжување со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за кој е опоменат беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

- Пет редовни надзори на операторите Македонски Телеком од Скопје, Кабел Л Нет од Лабуништа, Нафи и Беко од Гостивар, Дрим Сат од Гостивар и А1 Македонија од Скопје, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека кај сите во целост е исполнета обврската од законот.

**Декември**

- Редовен надзор на операторот Тотал ТВ од Скопје, со кој не беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

- Редовен надзор на Тотал ТВ од Скопје во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од ЗААВМУ, при што беше констатирано дека продолжува со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за кој е опоменат, за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

- Вонреден надзор на шест оператори, и тоа: Каблекалл од Кичево, Телекабел од Штип, Теленет Ком од Тетово, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Траншпед Трејд од Крива Паланка и ИП Системс од Куманово. Само кај операторот Каблекалл од Кичево беше констатирано прекршување на член 143 став 2 од ЗААВМУ. На овој оператор Агенцијата му изрече мерка јавна опомена и му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права. Дополнително, Агенцијата го информираше Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Каблекалл од Кичево.

**Други активности на Агенцијата во врска со реемитувањето на програмски сервиси**

1. На 17.03.2022 година, во Службен весник на Република Северна Македонија бр.65/22 беше објавена „*Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/351 на Советот од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки* во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина“. Со оваа Одлука беше забрането реемитување на програмските сервиси на RT – Russia Today и Sputnik. Ваквата Одлука на ден 01.08.2022 година беше дополнета со забрана за реемитување на програмските сервиси „Rossiya RTR / RTR Planeta, Rossiya 24 / Russia 24 и TV Cenre International. И во двата случаи Агенцијата постапи согласно известувањето од Владата и ги информираше сите оператори на јавни електроснки комуникациски мрежи во РС Македонија дека се должни да ја почитуваат Одлуката на Владата и веднаш да престанат со реемитување на овие програмски сервиси.

2. На 05.07.2022 година, Discovery Communications Europe Limited достави известување до Агенцијата со кое ја информираше дека договорот за реемитување склучен помеѓу нив и Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, е раскинат и не е валиден од 05.11.2021 година. Имено, со договорот првично на операторот му беа пренесени права за реемитување на програмските сервиси „Discovery Channel“, „Animal Planet“, „TLC“, „ID“, „Discovery Science“, „DTX“, „Travel Channel“, „Food Network“, „HGTV“, „Eurosport 1“ и „Eurosport 2“. Со цел да се утврди дали операторот на јавна електронска комуникациска мрежа реемитува програмски сервиси согласно член 143 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дали реемитува програмски сервиси врз основ на регулирани авторски права, согласно Законот за авторското право и сродните права, на ден 06.07.2022 година Агенцијата изврши вонреден програмски надзор. Со надзорот беше констатирано дека операторот ги реемитува програмските сервиси „Discovery“, „Eurosport 1“ и „Eurosport 2“, за кои видно од доставеното известување на Discovery Communications Europe Limited нема регулирани авторски права согласно Законот за авторското право и сродните права. Поради тоа, Агенцијата го информираше Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на овој оператор. За сите преземени дејствија, Агенцијата го информираше и имателот на правата.

3. Во август, Тринг Макс ДОО и АРТМОТИОН ДОО ја информираа Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека имаат склучено договор со кој на Тринг Макс му се даваат ексклузивните права за реемитување на тв каналите Klan Kosova, RTV Dukagjini, Kanal 10, T7, Artkino 1, Artkino 2, Artkino 3, Artdoku 1, Artdoku 2, Prime, Episode, Prince Kids, Gurmania и Beat за целата територија на РС Македонија. Со дописот, имателот на правата побара од Агенцијата да ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги реемитуваат наведените програмски сервиси, а немаат склучено соодветен договор со Тринг Макс ДОО, започнувајќи од 01.09.2022 година да извршат нивно затемнување. Агенцијата постапи по овој допис и ги информираше сите оператори.

4. Во текот на 2022 година, правното лице Јунајтед Медија во неколку наврати достави дописи до Агенцијата, со кои се бараше затемнувања или на кој било друг начин да се направат недостапни одредени канали на Спорт Клуб и Нова ТВ во време на емитување на УЕФА Лига на нации (UEFA Nations League 2022/23), поради тоа што овие канали немаат права за пренос на натпреварите на територијата на РС Македонија. Имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата ги извести за ова сите оператори на јавни електронски комуникацики мрежи и во прилог им го достави распоредот на термините на одигрување на натпреварите.

5. Во август, Македонски Телеком АД – Скопје со писмен допис ја информираше Агенцијата дека ги има обезбедено ексклузивните права за фудбалските натпревари од УЕФА - Лига на шампиони, вклучително и play-off натпреварите кои се одигруваат во август и кои се емитуваат на програмските сервиси на Арена Спорт, како и за сите останати содржини кои се однесуваат на ова натпреварување (хајлајтс емисии, магазини, репризни снимки од натпреварите во живо и архивски снимки). Истовремено, побара од Агенцијата да ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги реемитуваат програмските сервиси на Арена Спорт, а немаат склучено соодветен договор за погоренаведените содржини со Македонски Телеком АД – Скопје, да извршат затемнување на програмските сервиси на кои се емитуваат погоренаведените содржини. Имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата веднаш ги извести за ова сите оператори на јавни електронски комуникацики мрежи и во прилог им го достави распоредот на термините на одигрување на натпреварите во живо.

6. Во септември, Media House Group со писмен допис ја информираше Агенцијата дека одредени телевизиски серии кои се емитуваат на програмскиот сервис „Klan HD Albania“ немаат регулирани

авторски права за територијата на РС Македонија. Станува збор за телевизиските серии: Doktori I mrekullive / Mucize doctor; Amaneti / Emanet и Loja e fatit tim / Kaderimin oyunu. Исто така, со овој допис имателот на правата побара од Агенцијата да ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи што го реемитуваат програмскиот сервис „Klan HD Albania“, да вршат затемнување на истиот во периодите кога ќе се емитуваат овие телевизиски серии. Агенцијата постапи по овој допис и ги информираше сите оператори.

7. Во ноември, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Барање за покренување на кривична пријава до надлежни органи против операторот ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, поради тоа што преку својата платформа ЕОН ТВ бесправно ја реемитувал ТВ Канал 5 без склучен договор за истата согласно законските прописи, односно продолжил да ја реемитува телевизијата и по истекот на претходно склучениот договор, избегнувајќи ги своите законски обврски, со што постапил спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оглед на тоа дека по добиените информации се јави сомнеж дека со наведените дејствија Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје извршило повреда на авторското право и сродните права, што претставува противправно дело што со закон е определено како кривично дело, Агенцијата го извести Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

8. Во декември, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Барање за покренување на кривична пријава до надлежни органи против „EON TV International Ltd“, поради тоа што овој субјект преку својата платформа нелегално реемитувал делови од програмата на КАНАЛ 5 телевизија спротивно на склучениот договор меѓу двете правни лица, односно спротивно на своите договорни обврски. Со оглед на тоа дека по добиените информации се јави сомнеж дека со наведените дејствија правното лице – оператор EON TV International Ltd, Limassol Kipar извршило повреда на авторското право и сродните права, што претставува противправно дело што со закон е определено како кривично дело, Агенцијата го извести Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

9. Во декември, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СИТЕЛ ДООЕЛ ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека склучиле договор со GRAND PRODUCTION DOO Белград, со што се стекнале со ексклузивно право за емитување на нивните емисии на територијата на РС Македонија, почнувајќи од 01.01.2023 година. Поради тоа, радиодифузерот побара од Агенцијата да ги извести сите кабелски и IPTV оператори задолжително да го затемнуваат сигналот на оние програмски сервиси на кои се емитуваат емисиите од Гранд Продукција, а за кои ТВ Сител стекнал ексклузивни права. Постапувајќи по ваквата информација, Агенцијата на 30.12.2022 година достави известување за стекнати ексклузивни права до сите оператори.

10. Во декември до Агенцијата беше доставено известување од „Хајат ДОО“ од Босна и Херцеговина дека во потврдите за регистрација на програмски сервиси кај некои оператори на јавни електронски комуникациски мрежи во РС Македонија се регистрирани програмските сервиси „Hayat”, „Hayat Folk”, „Hayat Music” и „Hayat Plus” и покрај тоа што немаат валидни договори за реемитување на истите. Согласно ваквото известување, Агенцијата направи корекција кај сите наведени оператори во дописот и им издаде потврди за измена на потврдата за регистрирање на збирен програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна електронска комуникациска мрежа, во кои беа избришани наведените програмски сервиси. Дополнително, Агенцијата изврши вонреден програмски надзор со кој се констатираше дека шест од операторите не ги реемитуваат спорните програмски сервиси, додека кај еден од операторите, Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, беше констатирано дека го реемитува програмскиот сервис „Hayat“. Поради тоа,

Агенцијата го информираше Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на овој оператор. За сите преземени дејствија Агенцијата го информираше и имателот на правата.

## ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Евидентирање во регистарот

Во 2022 година, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, покрај постоечките четири субјекти, односно Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (Vip Now), Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје (НеоТВ Филмови и Видеа) и Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ), не беа евидентирани нови даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

### Програмски надзор

Во Годишниот план за вршење програмски надзор за 2022 година беше предвидено редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да се спроведе двапати во текот на годината. Имајќи го предвид ова, надзорите на Акционерското друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје, на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и на Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје беа направени во јуни и ноември, а на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје во јуни и декември. Предмет на надзорите беше исполнувањето на обврските од ЗААВМУ коишто се однесуваат на забраната за пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49), заштитата на малолетни лица (член 50 став 1) и промоцијата на производство и пристап до европски дела (член 60). Со осумте редовни надзори беше констатирано дека давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнуваат обврските од законот.

## ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во текот на 2022 година Агенцијата спроведуваше административни надзори над издавачите на печатени медиуми од аспект на почитувањето на обврските за објавување импресум (член 14 став 1 од Законот за медиуми) и за обезбедување јавност во работењето (член 15 став 2 од Законот за медиуми).

За да констатира дали ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од ЗМ (на видно место, во секој печатен примерок од печатен медиум да ги објават податоците за: 1) називот и адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, 2) името на одговорното лице на издавачот на медиум, 3) името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото, 4) називот и адресата на печатницата, 5) датумот на печатење или препечатување и 6) бројот на печатени примероци), Агенцијата изврши четири редовни и еден вонреден административен надзор на издавачите на печатени медиуми.

Согласно роковите утврдени во Годишниот план за вршење административен надзор, два редовни надзори беа спроведени во февруари, и по еден во јуни и октомври.

Првиот надзор во февруари беше извршен над 13, а вториот над осум издавачи. Со двата надзори беа опфатени вкупно 23 печатени медиуми, од кои 13 со едниот надзор („Нова Македонија", „Слободен печат", „Вечер", „Коха", „Лајм", „Капитал", „Фокус", „Економија и бизнис", „Убавина и здравје", „Порта 3", „Штипски глас", „Битолски весник" и „Зенит") и десет со вториот („Бахче", „Портрет", „Добра храна", „Руски доктор", „Шења", „Скопско ехо", „Македонско ехо", „Зелена берза", „Лице в лице" и „InStore"). Обврската беше во целост исполнета кај сите печатени медиуми.

Субјект на редовниот надзор во јуни беа 18 издавачи, а беа опфатени 19 медиуми („Слободен печат", „Коха", „Фокус", „Нова Македонија", „Вечер", „Лајм", „Битолски весник", „Зенит", „Капитал", „Бахче", „Руски доктор", „Порта 3", „Штипски глас", „ InStore", „Економија и бизнис", „Шења", „Убавина и здравје", „Портрет" и „Лице в лице"). И со овој надзор не беа констатирани прекршувања кај ниту еден медиум.

Надзорот во октомври беше направен над 19 издавачи на печатени медиуми и со него беа опфатени вкупно 21 весници и магазини („Нова Македонија", „Слободен печат", „Вечер", „Коха", „ Лајм", „Капитал", „Зенит", „Фокус", „Македонско ехо", „Битолски весник", „Бахче", „Економија и бизнис", „Убавина и здравје", „Шења", „Портрет", „Штипски глас", „InStore", „Руски доктор", „Порта 3", „Скопско ехо" и „Лице в лице"). Обврската за објавување импресум беше во целост исполнета кај сите медиуми опфатени со надзорот.

Вонредниот административен надзор во врска со исполнувањето на оваа законска обврска беше направен во јули над издавачот на магазинот „Емитер" и со него не беа констатирани непочитувања на законските одредби.

Во април Агенцијата спроведе редовен административен надзор над сите издавачи на печатени медиуми кои се евидентирани во регистарот што таа го води, со цел да констатира дали ја исполниле обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми за обезбедување јавност, согласно која се должни еднаш годишно, а најдоцна до 31 март во тековната година, да ги објават во најмалку еден дневен весник податоците за сопственичката структура и исечок од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Податоците што треба да се објават вклучуваат назив и седиште на правните лица или име и место на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, процент на акциите или уделот кој го стекнале и датум на стекнување. Беше констатирано дека обврската ја исполниле сите 20 издавачи на печатени медиуми.

## ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

### Преземени мерки за констатирани прекршувања на Изборниот законик[3]

### Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка за констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик за време на Изборите за членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период 2022 година

Во 2022 година, за време на Изборите за членови на Советот на Општина Тетово, Агенцијата констатираше непочитување на Изборниот законик, односно прекршување на член 75-ѓ став 1 од

[3] Детални податоци за изречените мерки за констатирани прекршувања на Изборниот законик се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Поведена прекршочна постапка против радиодифузер за констатирано прекршување за време на Локалните избори за членови на советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период 2022 година" (Прилог бр. 1.3)

Изборниот законик, за што покрена една прекршочна постапка пред надлежен суд против правното лице ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово и одговорното лице на радиодифузерот, поради тоа што радиодифузерот на 12, 16, 17 и 18 август 2022 година, во повеќе реални часови емитувана програма одвоил повеќе од четири минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од позицијата (Коалиција НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА предводена од СДСМ), повеќе од четири минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од опозицијата (ВМРО - ДПМНЕ) и повеќе од една минута за платено политичко рекламирање за политичка партија во Собранието на Република Македонија која на последните избори за пратеници не освои доволно пратеници да формира пратеничка група (Политичка партија - ЛЕВИЦА).

## Преземени мерки за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на ЗМ

### Преземени мерки кон издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси

Во 2022 година, за констатирани непочитувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата против радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа изрече вкупно 103 мерки, од кои:

- 79 решенија за преземање мерка – јавна опомена (од кои: 62 решенија за преземање мерка – јавна опомена за радиодифузерите[4] и 17 решенија за преземање мерка – јавна опомена/јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи[5]);
- осум прекршочни постапки (против шест радиодифузери) и 10 успешно завршени постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог (три постапки против три радиодифузери и седум постапки против пет оператори на јавна електронска комуникациска мрежа)[6];
- две одлуки за одземање на дозвола[7], и
- четири решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[8].

## Преземени мерки против радиодифузерите

### Изречени мерки – јавни опомени

Агенцијата во текот на 2022 година донесе вкупно 62 решенија за преземање мерка – јавна опомена, и тоа:

---

[4] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон радиодифузерите се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузерите за 2022 година“ (Прилог бр. 1.4)

[5] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за 2022 година“ (Прилог бр. 1.5).

[6] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување против радиодифузери и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за констатирани прекршувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти во 2022 година“ (Прилог бр. 1.6).

[7] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Постапки во врска со одземање дозволи за телевизиско/радио емитување во 2022 година“ (Прилог бр. 1.7).

[8] Деталните податоци за донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери во 2022 година“ (Прилог бр. 1.8).

- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники, односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники – емитување на поп-ап реклами на поделен екран што покриваа – суштински делови од драмското дејствие и преведувачкиот титл, како и предупредувачкиот знак за категоријата програма и логото на телевизијата;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 98 став 1 од ЗААВМУ, поради емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 став 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за емитување половина од законскиот минимум програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ, односно поради непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации – емитување забавно документарна емисија, која не е означена како програма во која се пласирани производи, а пласираните производи од одредени спонзори, пак - посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 став 5 од ЗААВМУ, односно поради емитување програма во која се пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 54 став 5 од ЗААВМУ и член 4 од Правилникот за спонзорство (ПС), односно поради емитување спонзорирана религиска ТВ-проповед, спротивно на одредбите од член 54 став 5 од ЗААВМУ и член 4 од ПС.
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – погрешно категоризирање и означување на програма и емитување програма во несоодветен временски период од денонoќието односно пред 20 часот;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – погрешно категоризирање и означување на програма;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 5 од ЗМ - неисполнување на обврската за доставување на писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, на начин и во законски предвидениот рок (31-ви март 2022 година) согласно член 15 став 5 од ЗМ;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники – емитување на поп – ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 став 1 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ, односно поради тоа што во емитуваните програми кои содржат пласирани производи, пласираните производи од одредени спонзори промотивно се препорачуваат и им се придава претерана важност (истакнување или упатување), односно пласираните производи од одредени спонзори посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување;

- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ, односно поради прекршување на забраната за емитување на аудиовизуелни комерцијални комуникации со емитување рекламен и телешопинг спот во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитуваните програми (промотивни најави за играна програма) не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 101 од ЗААВМУ, односно поради прекршување на забраната за учество во телешопинг спотови, визуелно или тонски, на лице кое редовно презентира вести;
- три решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 3 од ЗМ, односно поради необјавување во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2022 година) на сопствената програма на податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и недоставување снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето до АВМУ;
- четири решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 53 став 2 од ЗААВМУ, поради емитување на промотивни спотови, односно недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации;
- пет решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитување програма која пред почетокот на емитувањето не е означена со соодветна предупредувачка сигнализација и не е класифицирана во соодветната категорија програми во текот на целото времетраење;
- пет решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што радиодифузерите не ги обезбедија информациите што треба да им се направат достапни на корисниците согласно член 51 став 1 од ЗААВМУ;
- седум решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 14 од ЗМ - неисполнување на обврската за објавување на податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис, односно необјавување на податоци за импресум;
- осум решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот и
- девет решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 64 став 1 од ЗААВМУ, односно заради употреба на јазик спротивно на пропишаниот начин во Законот.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување како постапки за издавање на прекршочен платен налог за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и подзаконските акти**

Во извештајната година беа покренати десет прекршочни постапки против радиодифузери поради тоа што, врз основа на извршен програмски или административен надзор, беше констатирано дека продолжиле со истата повреда за којашто биле претходно опоменати во текот на годината.

Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беа спроведени вкупно десет постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог. Од нив, две завршија успешно во извештајната година, односно сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог, една заврши успешно во јануари 2023 година, а седум завршија неуспешно, поради што Агенцијата до надлежниот суд поднесе барања за поведување на прекршочна постапка.

**Покрената прекршочна постапка/спроведена забрзана постапка за порамнување како постапка за издавање на прекршочен платен налог за констатирано прекршување на Законот за медиуми**

Во текот на декември 2022 година Агенцијата спроведе една постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, заради тоа што и покрај изречената јавна опомена за констатиран прекршок на член 14 од ЗМ, еден радиодифузер продолжил со вршење на истата повреда на законот за која претходно беше опоменат. Оваа постапка заврши неуспешно, со оглед на тоа што сторителите на прекршокот не ги платија глобите, по што во законски утврдениот рок Агенцијата до надлежниот суд достави барање за поведување на прекршочна постапка.

**Одземање на дозволата на радиодифузерите**

Во 2022 година Советот на Агенцијата покрена осум постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување, и тоа:

- пет постапки беа покренати против пет радиодифузери поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата и истите беа запрени, со оглед на тоа што радиодифузерите го платија во целост годишниот надоместок за дозволата,
- една постапка беше покрената затоа што радиодифузерот престанал со емитување на радио програмски сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, по што од страна на Агенцијата беше донесена Одлука за одземање на дозволата за радио емитување,
- една постапка беше покрената поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста (беа отповикани одобренијата за користење на радиофреквенции издадени од АЕК, што претставува основен услов за вршење на дејноста – емитување на радио програмски сервис), поради што од страна на Агенцијата беше донесена Одлука за одземање на дозволата за радио емитување, и
- една постапка беше покрената поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, но истата, по исполнувањето на условите во цитираниот правилник, беше запрена во јануари 2023 година.

**Бришење од регистарот на радиодифузери**

Агенцијата во текот на 2022 година донесе четири решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, и тоа:

I. На ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и на ТРД телевизија КАНАЛ – 21 ДООЕЛ Велес им престана важноста на дозволите за телевизиско емитување по сила на закон – со писмена изјава со која имателите на дозволите ја известија Агенцијата дека престануваат со емитувањето телевизиска програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ);

II. На ТРД РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид му престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 2 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ); и

III. На ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје му престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста – биле отповикани одобренијата за користење на радиофреквенции издадени од Агенцијата за електронски комуникации, како основен услов за вршење на дејноста – емитување на радио програмски сервис (член 82 став 1 алинеја 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ).

**Преземени мерки против издавачите на печатен медиум**

**Изречени мерки – јавни опомени**

Во извештајниот период, од страна на Агенцијата не беше изречена ниту една мерка – јавна опомена кон издавачите на печатени медиуми.

**Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

**Изречени мерки – јавни опомени**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради прекршувања на ЗААВМУ констатирани врз основа на извршен програмски надзор на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во предметниот период донесе 17 решенија. Четиринаесет решенија за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервис/и беа донесени поради констатирана повреда на член 141 од ЗААВМУ, односно поради реемитување програмски сервис/и кој/и не е/се регистриран/и во Агенцијата согласно напред наведениот член. Едно решение за јавно опоменување е донесено поради констатирана повреда на член 143 став 3 од ЗААВМУ, односно поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа во својот програмски пакет не ги обезбедил програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои задолжително и бесплатно треба да ги содржи согласно член 143 став 3 од ЗААВМУ. Додека пак две решенија за преземање мерка - јавна опомена се донесени за констатиран прекршок на член 143 став 2 од ЗААВМУ, односно поради тоа што операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за своите корисници реемитувале програмски сервиси за кои немаат регулирани авторски и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување како постапки за издавање на прекршочен платен налог за констатирани прекршувања на ЗААВМУ**

Во текот на 2022 година, во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беа спроведени вкупно седум постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог на пет оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и одговорните лица – управителите. Од нив, шест спроведени постапки завршија успешно во извештајната година, односно сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог, а една спроведена постапка заврши успешно во јануари 2023 година. (Прилог бр. 1.6).

## УПРАВНИ СПОРОВИ

Во 2022 година беа поведени два управни спора[9] против акти донесени од страна на Агенцијата.

Едниот спор беше поведен од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, поднесувајќи тужба против Решение Уп1 бр. 03-161 од 06.06.2022 година, со кое Агенцијата му изрече мерка – јавна опомена и му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Оваа постапка е се уште во тек пред Управниот суд.

Вториот управен спор беше поведен од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, поднесувајќи тужба против Одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, Уп1 бр. 08-13 од 27.05.2022 година. Во однос на оваа постапка, Управниот суд во февруари оваа година донесе Пресуда со која ја одби тужбата како неоснована..

## АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

**Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година[10]**

Агенцијата во август ја изработи Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, во која се содржани податоци за економското работење на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во минатата година, односно вкупните приходи што тие ги оствариле во 2021 година и структурата на приходите, вкупните трошоци и структурата на трошоците, финансискиот резултат од работењето, бројот на вработените, како и податоци за гледаноста на телевизиите и слушаноста на радиостаниците во 2021 година. Податоците за јавниот сервис се анализирани во посебен дел од Анализата, додека работењето на комерцијалните радиодифузери е анализирано во рамки на релевантните пазари, и тоа од аспект на производот (засебно телевизиите и засебно радиостаниците) и од географски аспект (засебно радиодифузерите кои емитуваат на државно, регионално и локално ниво).

[9] Деталните податоци за управните спорови се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Управни спорови“ (Прилог бр. 1.9)
[10] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/08/Анализа-на-пазарот-на-аудио-и-аудиовизуелни-медиумски-услуги-за-2021-година.pdf

**Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година**[11]

Годишната анализа за структурата на вработените во 2021 година Агенцијата ја изработи во септември 2022 година. За да се обезбеди сеопфатна слика за вработените во телевизиите и радиостаниците, податоците во анализата се анализирани од неколку аспекти, и тоа од аспект на работното место (дали се ангажирани како новинари, уредници, техничари, режисери, монтажери и др.), од аспект на статусот на вработените (редовен работен однос или хонорарен ангажман) и од демографски аспект (пол, етничка припадност и ниво на образование). Анализата ја прикажува состојбата на 31.12.2021 година.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс**[12]

По нарачка на Агенцијата, а врз основа на претходно доставено писмено барање од заинтересирана страна, во извештајната година беше изработена студија која имаше за цел да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку терестријален мултиплекс. Студијата се состои од три дела - економска анализа, анализа на постоечката медиумска понуда и анализа на потребите на публиката. Економската анализа, меѓу другото, вклучува анализа на макроекономската ситуација во РС Македонија, анализа на економските перформанси на терестријалните телевизии на државно ниво, компаративна анализа на состојбите во медиумскиот пазар во неколку земји од регионот и финансиска анализа на потенцијалната инвестиција во терестријална телевизија која ќе емитува на целата територија на државата, а целта беше да се утврди влијанието на потенцијалниот нов субјект врз работењето на постојните телевизии на релевантниот пазар. Во вториот дел беа анализирани програмските формати на петте телевизии на овој пазар и застапеноста на различни програмски содржини во нивната програмска понуда, а третиот дел - Анализата на потребите на публиката, вклучи истражување на мислењето на публиката со кое беа обезбедени податоци за тоа дали и колку публиката е задоволна од понудата на домашните телевизии, кои програмски содржини и недостасуваат на програмската понуда на домашните телевизии и податоци за ставот на публиката за квалитетот на понудените програмски содржини. Студијата ја изработи истражувачката агенцијата Маркет Висион од Скопје и истата покажа дека не постои оправданост за објавување конкурс за доделување дозвола за програмски сервиси какви што беа побарани од заинтересираната страна, поради што Агенцијата донесе одлука со која го одби нејзиното барање.

**Сопственоста на медиумите во 2022 година**[13]

Имајќи ја предвид важноста на плурализмот во медиумите и транспарентноста на медиумската сопственост, Агенцијата во јуни ја изработи публикацијата „Сопственоста на медиумите во 2022 година“, во која се содржани податоци за сопствениците на радиодифузерите и на издавачите на печатените медиуми во 2022 година. За изработка на оваа публикација беа користени податоци од тековните состојби на издавачите на медиуми издадени од Централниот регистар на РС Македонија, како и податоци од објавите за сопственоста на издавачите на печатени медиуми во дневен весник. Дополнително, публикацијата содржи и податоци за случаите на интеграција на капиталот кај радиодифузери, одлуките на Агенцијата во врска со одобрените промени на сопственичката структура на радиодифузерите, како и податоци за преземените активности во врска со случаите на недозволена медиумска концентрација.

[11] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/09/Struktura-na-vrabotenite-vo-audio-i-audiovizuelnata-mediumska-industrija-vo-2021-godina.pdf
[12] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/05/Studija-za-opravdanost_20.05.2022.pdf
[13] https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/06/1.-Сопственоста-на-медиумите-во-2022-година.pdf

**Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во програмите на националните терестријални телевизии**

Во почетокот на 2022 година беше објавена анализата на третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и мажите, направена за 2021 година, а есента започна анализата за 2022 година, која е објавена во почетокот на 2023 година. Анализата за 2022 година се прави на примерок од забавните програми подготвен од вработените во Агенцијата, а за анализата е ангажиран Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, кој беше избран по спроведена постапка за најповолен понудувач по пат на јавна набавка на услуга.

Насловот на истражувањето за 2021 годинe е „Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии“[14]. Фокусот на истражувањето беше медиумското известување за спортските настани во земјата и светот, во периодот пред и за време на Летните олимписки игри 2020 (кои поради Ковид-кризата се одржаа во 2021 година). Притоа, беше даден квантитативен и квалитативен увид во тоа колку и како националните телевизии известуваа за спортистките и спортовите во женска конкуренција, наспроти спортистите и спортовите во машка конкуренција, како и колку жени и мажи имаше помеѓу спортските новинар(к)и и експерт(к)и. Анализата е поделена во три дела, од кои првиот се осврнува на теоретската рамка, вториот ги претставува општите наоди, додека третиот поединечно го анализира претставувањето и вклучувањето на жените во различните видови емисии во различните медиуми. На крај, студијата нуди пакет заклучоци и препораки за подобрување на моменталната состојба со цел унапредување на родовата еднаквост во медиумите.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

**Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите[15]**

Преку спроведување на четири истражувања на јавното мислење, секое на примерок од по 2.400 испитаници, истражувачката агенцијата Маркет Висион од Скопје и ги обезбеди на АВМУ следните податоци за 2022 година: просечен дневен и неделен досег на радиостаниците; место каде испитаниците слушале радио (дома, во автомобил, на работа, во ресторан и друго); период од денот во кој слушале радио; вид на програмската содржина што ја слушале; просечен дневен и неделен досег на телевизиите; удел во гледаноста на територијата на која телевизиите емитуваат програма и удел во вкупната гледаност; период од денот во кој испитаниците гледале одредена телевизија; вид на програмската содржина што ја гледале; демографска структура на слушателите на радиостаниците и на гледачите на телевизиските станици според пол, возраст и етничка припадност; просечен дневен и неделен досег на странските телевизии; и начин на којшто испитаниците го примаат телевизискиот сигнал. Податоците беа доставувани во Агенцијата периодично, и тоа во јуни беа доставени податоците за периодот јануари-мај, во август податоците за јуни и јули, во октомври податоците за август и септември и во јануари 2023 година податоците за периодот октомври-декември. Освен овие четири извештаи, за потребите на Агенцијата беше изработен и годишен извештај за гледаноста на телевизиите и за слушаноста на радиостаниците во целата 2022 година.

[14] Достапна на: bit.ly/3iJGsT5 (avmu.mk)
[15] Достапно на: https://avmu.mk/гледаностслушаност/

**Придонес кон изготвување документи, учество на дебати, состаноци, работни средби, обуки и работилници**

Агенцијата даде свој придонес и мислења за повеќе документи, по барања од повеќе институции и организации. До Министерството за надворешни работи беше испратено мислење во врска со извештаите за имплементација на Конвенцијата за расна дискриминација.

Агенцијата учествуваше на јавна дебата за Предлог - стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, при што беа презентирани ставовите и предлозите на АВМУ за нацрт - верзијата на Стратегијата подготвена со учество на членовите на Националното координативно тело и експертска поддршка на Елена Грозданова од МТСП, а подоцна беше испратен и допис до МТСП со забелешки и предлози од АВМУ во врска со Предлог Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година.

Во декември, Агенцијата на барање од МИОА, достави забелешки на ГАП Анализата подготвена во рамки на проектот поддржан од ЕУ за усогласување на медиумските закони со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

Во ноември беа одржани работни средби во организација на Агенцијата за млади и спорт, посветени на младинското информирање во насока на создавање нова Стратегија за млади на кои активно учествуваше претставник на АВМУ.

Во текот на годината три пати беше одговорено на барања за информации од јавен карактер од Институтот за европска политика ЕПИ, во врска со евентуалната појава на говор на омраза кај радиодифузиерите.

Исто така, до Државниот совет за превенција на детско престапништво беше упатен допис со предлог за консултација во врска со „Стратегијата за превенција на детско престапништво 2021-2025“. Дописот имаше за цел Агенцијата, уште во процесот на носење на овој стратешки документ и акцискиот план за негово спроведување, да даде придонес така што предвидените активностите ќе бидат димензионирани според надлежностите на регулаторот. Државниот совет не одговори на овој допис од Агенцијата.

Во јануари беше одржан состанок со претставници на конзорциумот составен од граѓанските организации: Мировна акција, Прилеп/Тетово, Платформа за истражувачко новинарство и анализа – ПИНА, Скопје и Трансформација на конфликти и граѓанско образование – КРИСП, Берлин, а во врска со можноста Агенцијата да соработува со нив на проект за кој би поднеле пријава на конкурс објавен од Делегацијата на Европската Унија. Во февруари, Агенцијата му даде поддршка на конзорциумот за предлог-проектот насловен „Преку трансформација на наративите против насилниот екстремизам“.

Претставници на Агенцијата присуствуваа на онлајн обуки на тема: „Вовед во заштитата на лични податоци“ и „Методологија за хармонизација на секторската легислатива со Законот за заштита на личните податоци со практичен пример“, организирани од Агенцијата за заштита на личните податоци, во соработка со ЕУ твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“.

Во јуни, претставници на Агенцијата, во Тетово имаа работна средба со претставници на регионални и локални телевизии што емитуваат програма на албански јазик. На средбата беше разговарано за најчесто констатираните прекршувања со мониторингот на Агенцијата и за начинот на примена и мониторинг на конкретните законски одредби, како и за проблемите со кои се соочуваат радиодифузерите при исполнување на програмскиот концепт.

Во декември, претставничка на Агенцијата во својство на членка на Советодавното тело за комуникациската стратегија за општествени промени на Канцеларијата на УНХЦР во Скопје учествуваше

на работилница на ова тело на која беше договарано како секој од субјектите-членови може да придонесе за промена на свеста и ставовите кај јавноста во врска со прашањето на бегалците, но и на лицата без државјанство.

Вработените во Агенцијата, во текот на 2022 година учествуваа и на:

- Панел – дискусијата на тема: „Ефикасноста на законските и саморегулаторните механизми за справување со говорот на омраза и дезинформациите во Северна Македонија“, организирана од Македонскиот институт за медиуми на 15 февруари 2022 година;
- Ад-хок работилница „VSPs &regulation”, организирана од страна на Европската платформа за регулаторни тела (ЕПРА) на 16.03.2022 година;
- Конференција на ИФЕС на тема: „Интегритетот на изборите во новата информациска средина, одржана на 5 и на 6 април 2022 година;
- Обуки на тема „Вовед во заштитата на лични податоци“ и „Методологија за хармонизација на секторската легислатива со Законот за заштита на личните податоци со практичен пример“, организирани од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци, во соработка со ЕУ твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“, на 1 и на 2 јуни 2022 година;
- 83-та Средба на правници, организирана од страна на Здружението на правници на Република Северна Македонија во периодот од 2 до 4 јуни 2022 година;
- Прв состанок на Тим за реорганизација, организиран на 16 јуни 2022 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, координатор на ИПА 2017 проектот „Поддршка на државната реорганизација“;
- Онлајн обука – вебинар во организација на Европската платформа за регулаторни тела (ЕПРА) и холандскиот Комесаријат за медиуми на тема „Заштита на малолетници на видео на барање“, одржана преку платформата Webex на 30 јуни 2022 година;
- Обука на тема: „Јавните набавки во услови на неизвесност и криза“, одржана во Белград, Република Србија, во организација на Друштвото за едукација, консалтинг и други интелектуални услуги СИМПОЗИОН ДООЕЛ Скопје, во периодот од 28-ми до 30-ти септември 2022 година;
- Обука на тема: „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност и следење/контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки“, организирана од страна на Друштвото за консултантски услуги АЦТ ДОО Скопје, во просториите на Агенцијата, на 04.10.2022 година;
- Јавна расправа за предлог текстот на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и одржана во Клуб на пратеници во Скопје на 31.10.2022 година;
- Меѓународна конференција во организација на Институтот за комуникациски студии (ИКС) на тема: „Кревање на завесата: Справување со политичките дезинформации преку поголема транспарентност на институциите“, одржана во хотел Лимак Скопје на 13.12.2022 година;
- Обука на тема: „Поддршка на процесот за билатерален скрининг за работната група за Поглавје 10: Дигитална трансформација и медиуми, организирана од страна на Секретаријатот за европски прашања и одржана во Клуб на пратеници во Скопје на 14.12.2022 година.

**Стандарди за управување со квалитет**

Во 2022 година беше спроведена редовна надзорна проверка од сертификациско тело во однос на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, со која се потврди дека Агенцијата работи согласно барањата на стандардот.

**Изменети и донесени акти**

Во извештајната година, Советот на Агенцијата ги измени и дополни следните подзаконски акти:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во јануари);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во објектот Палата „Панко Брашнаров“ од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во јуни);
- Правилник за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (изменет и дополнет во три наврати, и тоа во јули, октомври и декември);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзиното издавање и одземање (во јули);
- Методологија за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година (во септември);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во септември); и
- Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (во октомври).

За сите изменети и дополнети подзаконски акти на Агенцијата беа изработени пречистени текстови.

Покрај за претходно наведените подзаконски акти, исто така беа изработени пречистени текстови и на:

- Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (во октомври); и
- Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Северна Македонија (во октомври).

Во текот на 2022 година беа донесени и нови акти од страна на Агенцијата, и тоа:

- Годишен план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за 2022 година (во февруари);
- Анализа на ризик, со која се идентификувани и проценети безбедносните ризици на сите активности при обработката на личните податоци и со која се предвидени ефективни мерки за управување со тие ризици во работењето на АВМУ како контролор, според прописите за заштита на личните податоци (во јуни);
- Методологија за спроведување на проценка на влијание на заштитата на лични податоци (во јуни);

- Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за 2022 година (во август);
- Процедура за уредување на постапката за лобирање во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во септември);
- Процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки (во октомври);
- Упатство за постапување со подароци, погодности и гостопримства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во ноември);
- Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година (во декември);
- Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година (во декември).

Во извештајната година, до АВМУ беше доставено барање од радиостаницата Канал 77 во врска со „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Со барањето радиодифузерот го оспорува став 6 од член 9, според кој *„Како вработени лица, се сметаат лицата во редовен работен однос со полно работно време кај радиодифузерот и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор“.* Во меѓувреме, РА Канал 77 поднела и иницијатива до Уставниот суд на РС Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведениот член. Имајќи го предвид ова, Агенцијата донесе заклучок сите активности во врска со доставеното барање за евентуални измени на правилникот да ги одложи до донесување одлука на Уставниот суд во врска со поведената иницијатива.

**Заведени предмети во Деловодникот на АВМУ, Уписникот за предмети од првостепена управна постапка и Уписникот за предмети по претставки и предлози**

Во Деловодникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2022 година заведени се 4947 предмети со основни броеви, согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење, според кое основна евиденција за сите примени и сопствени документи/записи е деловодникот или друга посебно пропишана книга за евиденција.

Во Уписникот за предметите од првостепена управна постапка евидентирани се вкупно 416 предмети. До Министерството за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, Агенцијата достави два извештаи за податоците што се однесуваат на управната статистика за предметите од првостепена управна постапка, на пропишан Образец ИЗ 1, според Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците во управната статистика, како и содржината на извештаите од управната статистика.

Агенцијата во текот на 2022 година продолжи да ги евидентира примените претставки согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, како и содржината на извештаите, во Уписник за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), и да постапува по нив во согласност со Законот. Во Уписникот за предметите по претставки и предлози на Агенцијата, заклучно со 31.12.2022 година, евидентирани се вкупно 13 претставки, и по нив е постапено во законски утврдениот рок. Агенцијата до Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, достави два Извештаи за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 1 јануари 2022 година до 30 јуни 2022 година и за периодот од 1 јули 2022 година до 31 декември 2022 година.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот**

Меѓународната соработка на Агенцијата во 2022 година на билатерално и на меѓународно ниво се одвиваше комбинирано, односно со физичко и со онлајн присуство. Претставниците на Агенцијата активно учествуваа во работата на меѓународните регулаторни платформи, групи и организации.

## ЕПРА

На 2 февруари, претставничка на Агенцијата учествуваше на состанок на Управувачката група на ЕМИЛ, групата на ЕПРА за медиумска писменост. На состанокот се дискутираше за тоа на кои активности ќе се концентрира ЕМИЛ во текот на 2022 година.

На 16 февруари, претставничка на Агенцијата учествуваше на првиот состанок за 2022 година на ЕМИЛ, на кој беа споделени информации за конкурси за обезбедување финансиска поддршка на проекти од сферата на медиумската писменост и борбата против дезинформациите, за извесни допрецизирања на тендерската документација, како и за планираните активности на ЕМИЛ за тековната година. Информациите за опциите за обезбедување грантови беа споделени со членките на македонската Мрежа за медиумска писменост.

На 16 март, повеќе претставници на Агенцијата учествуваа на онлајн работилницата на ЕПРА за регулацијата на платформите за споделување видеа во врска со прашањето за заштита на малолетните лица.

На 28 март, претставничка на Агенцијата учествуваше на вториот состанок на Управувачката група на ЕМИЛ, на кој се разговараше за организацијата на состанокот на ЕМИЛ закажан за 22 април 2022 година, на тема заштита на малолетниците.

На 12 и 13 мај, во Антверпен, Кралството Белгија, се одржа 55-от состанок на ЕПРА на кој учествуваа претставници на Агенцијата. На првиот ден, посебен фокус на утринската сесија беше ставен на слободата на медиумите и дезинформациите во време на конфликт, а свое обраќање имаше и претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите Тереза Рибеиро. Фокусот на попладневната тематска сесија „Малолетници и рекламирање“ (Minors & Advertising) беше ставен на презентирање на неодамнешните истражувања на оваа тема. Во вториот дел од сесијата беа претставени клучните согледувања за прашања поврзани со маркетингот на инфлуенсерите на платформите за споделување видеа насочен кон малолетници. Вториот ден од состанокот беше посветен на Регулаторите за медиуми во дигиталната средина. Новина во програмата на ЕПРА за 2022 година е воведувањето комбинација од онлајн работни групи и состаноци во живо. Преку овој нов модел на работење ќе се покријат различни комплементарни агли за темата која се однесува на медиумските регулатори во дигиталната околина и ќе се усвои трансверзален пристап којшто вклучува три актуелни теми за регулаторите: регулирањето на платформите за споделување видео, медиумска и информациска писменост и вештачка интелигенција.

Во организација на Европската платформа за регулаторни тела (ЕПРА) и холандскиот Комесаријат за медиуми, на 30 јуни, на тема „Заштита на малолетници на сервисите видео на барање“, се одржа онлајн обука – вебинар на која присуствуваше претставник на Агенцијата.

На 11 јули 2022 година, претставничка на Агенцијата учествуваше на третиот состанок на Управувачката група на ЕМИЛ (групата на ЕПРА за медиумска писменост), кој се одржа онлајн. На состанокот беше договорена динамиката со која ќе се одржуваат состаноците на ЕМИЛ до крајот на годината; се дискутираше за соработката со други организации (особено со Европската комисија); за текот на изработка на материјалот за профилите на членките и беа разменети искуства и информации меѓу членките.

На 16 септември 2022 година, претставничка на Агенцијата учествуваше на осмиот состанок на Групата. При редовната размена на новости, знаења и искуства меѓу членките, претставничката на АВМУ ги информираше учесниците за дотогаш пријавените настани за Деновите на медиумска писменост 2022, што од европските колеги беше високо оценето и беше разговарано за тоа овие податоци да се презентираат и за време на 56 средба на ЕПРА во октомври 2022 година.

Претставници на Агенцијата од 12 до 15 октомври учествуваа на 56-от состанок на ЕПРА, што се одржа во Анталија, Турција.  Состанокот беше организиран во три целини: една пленарна и две тематски сесии. Во рамки на пленарната сесија имаше презентација на медиумскиот пејзаж во Турција, беше информирано за активностите на членките на ЕПРА и на Одборот на ЕПРА. Вообичаено за состаноците на ЕПРА, пленарната сесија заврши со информации за новостите и активностите на неколку постојани набљудувачи на состаноците на ЕПРА: Европската аудиовизуелна опсерваторија, Европската Комисија, ЕРГА, ОБСЕ и Советот на Европа. Првата тематска сесија беше насловена „Дезинформации/неточни информации, плурализам и доверба", додека втората тематска сесија беше насловена „Медиумските регулатори во дигиталното опкружување — подготовка за новите обврски".

На 18 ноември претставничка на Агенцијата учествуваше онлајн на деветтиот состанок на ЕМИЛ, групата за медиумска писменост на ЕПРА. Д-р Тобијас Диенлин, доцент по интерактивна комуникација на Универзитетот во Виена, презентираше практични совети за тоа како да се истражи општественото влијание на програмите за писменост, особено за тоа како да се оценува успешноста на проектите за медиумска писменост. Потоа, за напредокот на британскиот регулатор Ofcom во развојот на пакет алатки за евалуација за онлајн иницијативите за медиумска и информациска писменост говореше Кејт Морис, виша соработничка во Офком. Колегата од италијанскиот регулатор, меѓу другото, постави прашање за начините за изработка на стратешки документи и политики, како и за финансирањето на мрежите, на што беше посочено дека добар пример е РС Македонија. Претставничката на АВМУ го сподели македонското искуство во врска со овие две теми со присутните на состанокот.

Во текот на 2022 година беше одговорено на повеќе прашалници од ЕПРА. Агенцијата одговори на прашалникот што преку ЕПРА го постави регулаторното тело од Исланд, а се однесуваше на тоа дали е забележан зголемен број претставки во врска со известувањето за прашањето за и против вакцинација. Беше одговорено и на прашалник од финската организација КАВИ, испратен преку ЕПРА, за правилата за класификација на аудиовизуелните содржини и филмовите во контекст на заштита на малолетната публика. На 7 јули, Агенцијата одговори на барањето на ЕБУ-ЕПРА за ажурирање на листата со настани од големо значење за јавноста на РСМ, а на 22 август одговори на Прашалникот поставен од регулаторот од Косово, во врска со заштита на малолетните лица во аудиовизуелните медиумски услуги.

**МНРА**

На 22 февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на првата средба и работилница: "Може ли медиумската писменост да ја промовира одговорната употреба на видео игрите и да спречи ризично однесување?", организирана онлајн од страна на Медитеранската платформа на регулаторни тела (МНРА). Во рамки на средбата, претставникот на Агенцијата поднесе извештај за активностите на македонскиот регулатор во врска со поттикнувањето и развојот на медиумската писменост.

**ЕРГА**

На 3 февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на првиот состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА - Справување со дезинформации и зајакнување на демократијата во дигиталната средина (Subgroup 3 - Countering disinformation and strengthening democracy in the digital environment). На почетокот на состанокот, претседавачот на Подгрупата 3, Љубош Куклиш од словачкиот регулатор, соопшти дека на барање на Европската комисија, а поради ситуацијата со Украина и Русија, управниот одбор на ЕРГА предлага во рамки на оваа Подгрупа да се формира работна група која ќе работи на препораки и мерки за справување со засилениот наплив на дезинформации и пропаганда од Русија, што беше прифатено од членовите на Подгрупата. Во овој контекст беше споделена информација и за одлуката на германскиот регулатор да го забрани емитувањето на телевизискиот програмски сервис Раша Тудеј на германски јазик, бидејќи радиодифузерот немал лиценца за емитување во Германија. Овој случај го покрена прашањето за натамошното справување со ситуации кога странски државни медиуми се обидуваат да емитуваат програма и да вршат пропаганда во земји на Европската Унија. На состанокот стана збор и за тековната изработка на новиот Кодекс (Code of Practice) на платформите за споделување на видеа, на кој тие работат заедно со Европската комисија. Овој Кодекс како корегулаторен документ, треба да го замени постојниот Кодекс кој е саморегулаторен документ и со многу помали обврски на платформите за транспарентност и за заштита на своите корисници.

На 18 февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на онлајн работилницата на Академијата на ЕРГА, посветена на новата легислативна иницијатива на Европската комисија - Европскиот акт за слобода на медиумите.

На 22 февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на онлајн состанокот на Подгрупата 2 на ЕРГА за комплетирање на регулаторната рамка на ЕУ за медиуми. На состанокот се разговараше за статусот на Актот за дигитални услуги, за предложениот одговор на Прашалникот за јавни консултации за Европскиот акт за медиумска слобода и за предложениот документ за позициите на ЕРГА кон овој документ, и во контекст на двата акти за иднината на ЕРГА, нејзината улога, особено во поглед на надлежностите и заштитните мерки за заштита на независноста на членките на ЕРГА.

Претставник на Агенцијата на 8 март учествуваше на ад-хок онлајн состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА - борба со дезинформации и зајакнување на демократијата во дигиталната сфера. На почетокот на состанокот стана збор за актуелната состојба и спроведувањето санкции за руските медиуми на територијата на Европската Унија, како и за ставот на одборот на ЕРГА да се забрани емитување на руските државни медиуми на територија на ЕУ. Претседавачот на ЕРГА појасни дека ставот е изграден врз основа на одлуката на Европската Комисија да воведе економски санкции, а не врз база на Директивата и дека било неопходно брзо реагирање на настанатата ситуација. Ваквиот чекор создал правни предизвици за спроведување на одлуката и покажал дека е неопходно да се има посигурен механизам за вакви идни и итни ситуации. Претставникот на Европската комисија се заблагодари за брзата реакција на ЕРГА, но посочи дека неопходно е интернет провајдерите да ги блокираат и државните руски сајтови кои шират дезинформации и пропаганда.

На 22 март, претставници на Агенцијата учествуваа на првиот онлајн состанок на Подгрупата 1 на ЕРГА за конзистентна примена и спроведување на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. На состанокот се разговараше за планираните активности на Подгрупата за 2022 година.

На 28 март, претставник на Агенцијата учествуваше на првиот онлајн состанок на Групата за врски за медиумска писменост на ЕРГА. На состанокот се разговараше за можните активности на Групата во текот на годината, како и за плановите за наредните состаноци. Инаку, целта на Групата ќе биде да ги информира членките на ЕРГА за активностите за медиумска писменост на ниво на ЕУ кои би можеле да им бидат релевантни, како и да ја одржува комуникацијата со другите заинтересирани субјекти што работат во оваа сфера за да не се преклопуваат евентуалните активности.

На 26 април, претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Подгрупата 2 на ЕРГА за комплетирање на регулаторната рамка на ЕУ за медиуми. Две основни точки беа на дневниот ред на состанокот – статусот на Актот за дигитални услуги и Европскиот акт за медиумска слобода, новата легислативна иницијатива на Европската комисија, но стана збор и за теми поврзани со овие документи, како што е прашањето за иднината на ЕРГА и нејзините надлежности коишто ќе произлезат од документите.

На 17 мај, претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на хибридниот состанок на Контакт Мрежата на ЕРГА (Contact Network of the European Regulators Group for Audiovisual Media Services), кој се одржа во Брисел, Кралство Белгија. Целта на состанокот беше подготовка за првиот пленарен состанок на ЕРГА закажан за 21 јуни. На состанокот секој од претседавачите на Подгрупите и Акциските групи реферираше за статусот на активностите, особено за документите за кои ќе треба да се разговара или да бидат усвоени на пленарниот состанок.

На 9 јуни, претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Групата за врски за медиумска писменост на ЕРГА. Вториот состанок на Групата беше посветен на информирање за актуелни проекти за медиумска писменост на неколку регулаторни тела и други организации.

На 20 и на 21 јуни, претставник на Агенцијата престојуваше во Брисел, Кралството Белгија, заради присуство на дводневниот состанок на претставниците на Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги. На првиот ден од состанокот, ЕРГА Академијата организираше работилница во рамки на која се одржа панел дискусијата „Видливоста на европските дела: перспективата на чинителите“. На 21 јуни учествуваше на првиот пленарен состанок на ЕРГА на кој се дискутираше за досега реализираните активности од страна на подгрупите, за активностите што следат во втората половина од годината, како и за Нацрт-програмата за работа на ЕРГА за 2023 година. Особено внимание предизвика документот за дискусија подготвен од Подгрупата 2, за можните принципи и механизми за реакција против медиуми што се под директна контрола на трети земји, што би можеле да бидат вградени во Европскиот акт за медиумска слобода.

На 24 јуни, претставници на Агенцијата онлајн учествуваа на вториот состанок на Подгрупата 1 за конзистентна имплементација и спроведување на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (Subgroup 1 Consistent implementation and enforcement of the AVMSD framework). Претседавачот со Подгрупата, Франческа Пеликано (Francesca Pellicanò) од италијанскиот регулатор АГКОМ, информираше за дискусиите за активностите на Подгрупата 1 коишто се водеа за време на Пленарниот состанок на ЕРГА, што се одржа на 21 јуни во Брисел. Вториот дел од состанокот беше посветен на статусот на три активности на Подгрупата 1: за влогерите (на која работат претставниците од австрискиот регулатор RTR и од холандскиот регулатор CvDM), алгоритмите и видливост на содржини (на која работат претставниците од германскиот регулатор DLM и словачкиот регулатор RVR) и за платформите за

споделување видеа, член 28б (на која работат претставниците од италијанскиот регулатор AGCOM), а беше најавена и работилница со која ќе бидат опфатени овие прашања.

На 12 септември, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформации и за јакнење на демократијата во дигиталното опкружување. Главна тема на состанокот беа активностите по потпишувањето на новиот Кодекс на практики за дезинформации (Code of practice on disinformation), кој од саморегулаторен документ на платформите за споделување видеа се трансформираше во корегулаторен акт.

На 28 септември, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Подгрупата 1 на ЕРГА. Целта на состанокот беше да се провери статусот на материјалите што се подготвуваат во рамки на Подгрупата и информирање за претстојната работилница закажана за 4 октомври 2022 година.

На 4 октомври, претставничка на Агенцијата учествуваше на работилница организирана од Подгрупата 1 на ЕРГА за конзистентна имплементација и спроведување на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Работилницата се состоеше од три панели, по еден за секое од трите прашања на кои Подгрупата работеше во текот на 2022 година. Првиот беше посветен на платформите за споделување видеа и на обврските од член 28б од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Фокусот на панелот беше на примената на одредбите од Директивата, нивната имплементација во националните законодавства на земјите членки на ЕУ и предизвиците.

Претставничка на Агенцијата на 18 октомври учествуваше на онлајн хибридниот состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА за комплетирање на регулаторната рамка на ЕУ за медиуми, што се одржа во Брисел, Кралство Белгија. Централна тема на овој состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА беше Европскиот акт за медиумска слобода што Европската Комисија го усвои на 16 септември 2022 година. Целта на документот е да се обезбеди заштита на медиумскиот плурализам и независноста во Европската унија. Предложената регулатива (Proposal for a REGULATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL establishing a common framework for media services in the internal market (European Media Freedom Act) and amending Directive 2010/13/EU) вклучува одредби за заштита на независноста на уредниците, за заштита од политички влијанија врз уредувачките одлуки и против шпионирањето на новинарите. Потоа, за независноста и стабилното финансирање на јавните радиодифузни сервиси, како и за транспарентноста на медиумската сопственост и за распределбата на средствата од државното рекламирање. Актот се осврнува и на прашањето за медиумските концентрации, а предвидува и формирање на нов независен одбор за медиумски услуги составен од националните медиумски регулатори, како замена за ЕРГА.

На 3 ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Групата за врски за медиумска писменост на ЕРГА. Согласно целите на Групата, состанокот беше посветен на размена на информации меѓу регулаторните тела за проекти за медиумска писменост и други актуелни прашања во овој контекст. На покана од претседавачите на групата (германскиот регулатор DLM), на состанокот беа презентирани два успешни проекти за медиумска писменост. Првиот од Холандија, за активност на нивната мрежа за медиумска писменост, кои изработиле веб страна која им помага на корисниците да добијат информации поврзани со користењето на дигитални медиуми и да го измерат својот дигитален баланс - „The Digital Balance Website“. Вториот проект беше од Естонија, а се однесуваше на начинот на интеграција на медиумската писменост во сите фази од формалното образование. По презентациите, членовите од Групата разменија информации и за начинот на примена на обврската за известување на Европската комисија за активностите и преземените мерки за медиумска писменост која произлегува од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

На 14 ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформации и за јакнење на демократијата во дигиталното опкружување.

Состанокот беше посветен на активностите поврзани со новиот Кодекс на практики за дезинформации. Претседавачот на состанокот, Станислав Матејка од словачкиот регулатор и претставничката на Европска комисија, Кристина Стамп, информираа за начинот на учество на претставници од ЕРГА и од националните регулаторни тела во Постојаната работна група формирана врз основа на Кодексот, односно во работата на шесте подгрупи на Постојаната работна група. Посебен фокус беше ставен на учеството во подгрупата за мониторинг и известување на Постојаната работна група за чие координирање е задолжена ЕРГА, како и на обврските на Подгрупата 3 на ЕРГА поврзани со координирањето на оваа Подгрупа на постојаната работна група. Во однос на роковите за предвидените активности на подгрупата за мониторинг и известување на Постојаната работна група, претставничката на Европска комисија посочи дека до крајот на декември треба да бидат усвоени обрасците за изгледот на извештаите што треба да ги доставуваат платформите за споделување видеа.

Претставници на Агенцијата учествуваа на 18-от пленарен состанок на ЕРГА, кој во хибриден формат се одржа во Брисел, Кралство Белгија, на 30 ноември и 1 декември. Првиот ден се одржа состанокот на Академијата на ЕРГА, каде главна тема беше Предлог - Европскиот акт за слобода на медиумите. Пленарниот состанок го отвори претседавачот на ЕРГА, Карим Ибурки, а Валере Муталиер, шеф на кабинетот на еврокомесарот Тиери Бретон имаше говор посветен на Предлог - Европскиот акт за слобода на медиумите, по што во дискусија по говорот се вклучија повеќе членови на ЕРГА. Следна точка беше извештајот за активностите на Одборот на ЕРГА и преглед на работата во 2022 година. Најголем дел од состанокот беше посветен на преглед на резултатите и усвојување на извештаите подготвени од страна на работните тела на ЕРГА (трите Подгрупи, Акциската група за имплементација на Меморандумот и Групата за врски за медиумска писменост).

Во текот на февруари беше одговорено на два прашалници од ЕРГА, од кои едниот се однесуваше на политиките, мерките и иницијативите за медиумска писменост за справување со дезинформациите поврзани со КОВИД-19, а вториот беше во врска со предлогот за регулатива на Европскиот парламент и на Советот за транспарентноста и таргетирањето кај политичкото рекламирање и за националните регулативи и пракса поврзани со ова прашање. Агенцијата одговори и на прашалник од Подгрупата 3 на ЕРГА, во врска со известувањето за кризата во Украина и преземените мерки за спречување на дезинформациите.

**Други меѓународни настани и активности**

Претставник на Агенцијата на 20 јануари учествуваше на онлајн работилницата „Мерки за плурализам на пазарот и концентрација на економски ресурси“, организирана од истражувачкиот конзорциум на Центарот за медиумски плурализам и слобода на медиумите; Центарот за информатичка технологија и интелектуална сопственост на КУ Левен; Институтот за информатичко право на Универзитетот во Амстердам; Студиите за медиуми, иновации и технологија, VUB-SMIT). На работилницата беа презентирани првичните наоди од Студијата за медиумска плуралност и различност на интернет, која ги мапира постоечките мерки во земјите-членки на ЕУ насочени кон пазарен плурализам, ја адресира концентрацијата на економските ресурси на медиумските пазари, како и трендот на расходи за онлајн рекламирање и неговото влијание врз одржливоста на медиумската индустрија.

Претставници на Агенцијата на 2 февруари во просториите на Агенцијата одржаа билатерална средба со претставници на албанскиот регулатор за медиуми (АМА). На средбата беа разменети искуства од секојдневните активности на двата регулатори, а се разговараше и за имплементацијата на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во националните законодавства на земјите.

Од 20 до 23 февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на мултилатералниот настан посветен на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во организација на АМА – Регулаторното тело за аудиовизуелни медиумски услуги на Република Албанија. На средбата претставниците на регулаторните тела за медиуми од Албанија, Косово, Црна Гора, Србија и Македонија разговараа за најефективното транспонирање на изменетата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија, за претстојните предизвици и за подобрување на законската рамка.

На 31 март, претставници на Агенцијата имаа работна средба со Беноа Лутрел, советник од Регулаторното тело за аудиовизуелна и дигитална комуникација на Република Франција (АРКОМ) и Жили Маравал, аташе за соработка во Француската амбасада во Скопје. Целта на средбата беше споделување на искуства и размислувања во повеќе сегменти, меѓу кои имплементацијата на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, мониторингот на медиумски содржини за време на изборни процеси, забраната за реемитување на каналите каде се појавува како основач Руската Федерација или приватни лица, физички или правни лица со потекло од Руската Федерација. На средбата се дискутираше и за регулацијата на социјалните мрежи.

На 26 април, претставник на Агенцијата учествуваше на работен состанок со претставници на Министерството за правда за изработка на 4-иот извештај на РСМ по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

На 27 април, претставници на Агенцијата учествуваа на ТАИЕКС онлајн состанок на тема: The new geopolitical consequences of disinformation in the Western Balkans.

Од 23 до 26 мај, претставник на Агенцијата учествуваше во составот на националната делегација на Семинарот за хибридни закани на земјите - членки на НАТО од Јадранската група „Adriatic Regional Countering Hybrid Threats (CHT) Seminar". Настанот беше планиран уште од 2019 година, но одложуван повеќепати поради актуелната ситуација со пандемијата и мерките во врска со ширењето на Ковид 19. Во врска со овој настан беа спроведени и повеќе онлајн активности, дел меѓународни и дел национални, кои кулминираа во текот на месец мај. Во рамките на Семинарот беа организирани четири тркалезни маси и шест фокус групи, за кои беа подготвени посебни презентации. Иако не е вообичаено за ваквите настани во завршните документи да се посочуваат индивидуални учесници или земји, македонските презентации беа посочени како исклучително добар пример и воедно поради придонесот за регулацијата на медиумите, побарано беше во иднина, по примерот на нашата национална делегација, и останатите да вклучат медиумски експерти.

Во мај 2022 година, Агенцијата до Министерството за надворешни работи достави одговор на прашалникот од Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI) при Советот на Европа, испратен во пресрет на мониторинг посетата на земјата, предвидена за октомври 2022 година.

На 12 јули, Агенцијата до Министерството за надворешни работи достави финални коментари за усвоеното Мислење од Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за национални малцинства на Советот на Европа за Северна Македонија.

На 29 јули, претставничка на Агенцијата беше интервјуирана од страна на Мартина Чепман, експертка која реализира компаративна студија како дел од проектот ПАМТ2 на Европската Унија за Тунис. Целта на студијата е преку пет студии на случај да претстави различни добри практики и методолошки пристапи за примена на национални стратегии или стратешки документи за медиумска политика.

На 25 август, претставничка на Агенцијата имаше онлајн состанок со Александра Ливи, специјалистка за граѓански ангажман во организацијата World Learning. Состанокот беше реализиран на иницијатива на

Ливи, која беше заинтересирана за можностите за соработка на World Learning со Агенцијата и со Мрежата за медиумска писменост, во контекст на проект за промовирање на младинскиот активизам преку медиумите со кој би се пријавиле на повик на УСАИД за финансирање проекти.

Од 5 до 7 септември, претставник на Агенцијата учествуваше на Регионална конференција во Охрид посветена на слободата на интернет, која беше организирана од страна на ABA ROLI Американската адвокатска комора (ABA Rule of Law Initiative - American Bar Association). Во рамки на конференцијата се одржаа повеќе работилници, дебати и презентации. Претставникот на Агенцијата беше говорник на воведната, пленарна сесија на која ги сподели ставовите и препораките поврзани со медиумската слобода и нејзиното значење во современите општества, говореше за приоритетните теми на кои треба да се работи за да се унапреди слободата на изразување во македонското општество, како и за други сознанија и искуства произлезени од работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 6 септември, претставничка на Агенцијата учествуваше на 6-та Регионална конференција на телата за еднаквост во Југоисточна Европа, која се одржа во Собранието на Република Северна Македонија, а во организација на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

На 14 септември, претставници на Агенцијата во просториите на Делегацијата на ЕУ учествуваа на првиот состанок на проектот за усогласување на медиумските закони со европската регулатива и стандарди (EU for Freedom of Expression: Alignment of national media legislation with EU acquis and media standards).

На 21 септември, претставници на Агенцијата остварија билатерална средба со словенечкиот регулатор за медиуми AKOS во Љубљана, Република Словенија. На состанокот се дискутираше за повеќе актуелни прашања во медиумската сфера, меѓу кои и за начинот на имплементација на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во словенечкото законодавство.

Од 21 до 23 септември, претставничка на Агенцијата учествуваше на Регионалната конференција на тема „Справување со говор на омраза на Западен Балкан", организирана од Асоцијацијата за Демократски Развој на Ромите СОНЦЕ - Тетово, со финансиска поддршка од Советот на Европа и од Европската Унија. Настанот беше посветен на аспекти на говорот на омраза кон маргинализирани заедници со посебен фокус кон Ромите, а претставничката на Секторот за програмски работи ја претстави праксата на АВМУ во справувањето со говорот на омраза кај радиодифузерите.

На 18 октомври, во просториите на МНР, претставници на Агенцијата учествуваа на состанокот со делегацијата на Европската комисија против расизам и нетолеранција - ЕКРИ. На состанокот, кој особено се фокусираше на темата расистички и анти-ЛГБТИ говор на омраза и насилство, покрај претставниците на АВМУ присуствуваа претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство и Министерството за образование и наука. Претставниците на ЕКРИ изразија благодарност за добиените одговори и ја охрабрија Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги продолжи своите активности, особено оние поврзани со медиумската писменост.

Во рамки на Берлинскиот процес, во организација на германскиот Аспен институт и Асоцијацијата Југоисточна Европа, на 1 и 2 ноември во Берлин, Република Германија, се одржа овогодинешниот форум „Цивилно општество и тинк танк 2022“, на кој учествуваше директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски. Форумот обработуваше теми поврзани со енергетската транзиција и безбедност, климатските промени и економски одржливиот развој, напорите за помирување во Западен Балкан и нередот во сферата на информации. Директорот Трајчевски беше говорник на панел дискусијата посветена на дезинформациите во Западен Балкан.

По повод 25 годишнината од своето формирање, Агенцијата на 10 и 11 ноември беше домаќин на регионалниот состанок „Регулаторните тела за медиуми во новото медиумско опкружување – како да се гарантира независноста“, на кој присуствуваа претставници од регулаторните тела за медиуми од Словенија, Хрватска, Босна, Црна Гора, Србија, Косово, Албанија и Бугарија. Состанокот беше во насока на продлабочување на меѓусебната соработка, со акцент на независноста. Посебен фокус беше ставен на три клучни прашања – процедурите за назначување и разрешување на раководните органи и независноста во однос на Владата и другите јавни или приватни тела; надлежностите, овластувањата и ресурсите за ефикасно спроведување на функциите и подобрување на регионалната соработка.

На 10 и 11 ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на Конференцијата за медиуми ЕУ-Западен Балкан 2022, што се одржа во Тирана, во организација на Европската Комисија. На 10 ноември, пред конференцијата, се одржа работилницата „Размислуваме заедно“, на која беа презентирани најновите програми за помош на медиумите на Западен Балкан. Дводневната конференција беше поделена во пет панели, од кои првиот панел беше посветен на севкупната состојба на медиумите во регионот и светот, при што се разгледуваа (дез)информациите од странски извори, манипулациите и мешањето, дезинформациите како предизвици за демократијата итн. Вториот панел се фокусираше на акутните закани за демократијата кои влијаат на Западниот Балкан и на цела Европа, особено во контекст на руската инвазија на Украина. Третиот панел се осврна на дигиталната трансформација и новите медиумски формати за известување за сложени теми, како што се климатските промени и надворешните работи. Вториот ден се одржаа уште два панели. Четвртиот панел се фокусираше на улогата на медиумите и интегритетот на изборите, важноста на медиумската писменост и градењето доверба која е потребна за функционирање на европските демократии. Последниот панел се однесуваше на „Колаборативните пристапи - клуч за зголемување на одржливоста на независните медиуми и подобрување на нивниот квалитет" во смисла на заштеда на човечки ресурси и градење на силните страни на независните медиуми.

На 18 ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на првиот состанок на работната група за Функционирање на демократските институции од Кластерот Темели за подготовка на билатералниот состанок со ЕК закажан за 7 декември во Брисел, Кралство Белгија, кој се одржа во Секретаријатот за европски прашања.

На 19, 20 и 27 ноември, претставници на Агенцијата учествуваа на серија состаноци со експертките Диардре Кевин, Снежана Трпевска и Катрин Ниман Меткалф во рамки на проектот за усогласување на македонските медиумски закони со европската регулатива и стандарди.

Од 23 до 25 ноември, претставници на Агенцијата присуствуваа на меѓународна конференција за регулаторите за медиуми од балканскиот регион на тема: Предизвиците за регулирањето на дезинформациите, медиумската писменост и одржливата дигитална средина, која се одржа во Софија, Бугарија. На првиот ден од конференцијата воведни обраќања имаа Соња Момчилова, претседателка на Советот за електронски медиуми на Бугарија и Љубош Куклиш, поранешен претседател на ЕПРА. Во рамки на воведниот настан беа презентирани активностите на Советот за електронски медиуми на Бугарија. Вториот ден од конференцијата беше поделен во четири сесии. Првата сесија беше отворена со кратка презентација на претставник од медиумските регулатори на Балканот, односно од Албанија, Грција, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Романија, Србија и Турција. Претставничка на Агенцијата имаше своја презентација со која ги запозна учесниците со улогата и работата на регулаторот, неговиот состав, финансирање, овластувања. Во втората сесија тема за дискусија беше вештачката интелигенција, предности и ризици. За оваа тема искуствата ги споделија претставниците од регулаторите на Каталонија, Турција и Бугарија. На панелот „Дезинформации и медиумска писменост проблеми и решенија“ беа претставени проектите на Бугарската национална телевизија - „МеГра“ и на Бугарското национално радио

- Factcheck, како алатки на јавниот сервис за борба против лажните вести. За дезинформациите и искуството во подигнувањето на свеста за медиумската писменост говореа проф. Георге Плиос, член на грчкиот регулатор, Јетон Мехмети од Косово, чиј фокус беше на истражувањето за довербата во медиумите, и претставничка на АВМУ која ги презентираше активностите на Агенцијата и на Мрежата за медиумска писменост. Таа се осврна на настаните со кои се одбележаа Деновите на медиумска писменост од 2019 година наваму. Сесијата „Регионални особености на регулацијата и современи предизвици“ се осврна на предизвиците на медиумскиот регулатор во услови на вооружен конфликт, а беа споделени искуствата на регулаторите за медиуми од Италија и од Бугарија со регулацијата на комерцијалните комуникации за игри на среќа (обложување).

На 9 декември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на состанокот на Контакт Комитетот на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

**Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со слободата на медиумите и со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

На 27 јануари, претставници на Агенцијата имаа онлајн состанок со Полио плус и независната експертка Хана Робертс, одржан во рамки на програмата за поддршка на изборните реформи во државата на IFES и ODIHR. Како дел од проектот, во текот на следниот период ќе бидат покренати активности со цел унапредување на правото за политичко учество на лицата со попреченост согласно членот 29 од Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, како и унапредување на капацитетите на релевантните актери во оваа област.

На 25 февруари, претставници на Агенцијата одржаа состанок со Јоана Косма и Арбен Ајрулаи од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Состанокот се одржа на барање од ИФЕС и на него беше договорено учество на АВМУ во реализација на меѓународна конференција посветена на медиумите и изборите.

На 8 март беше реализиран подготвителен онлајн состанок на кој присуствуваа претставници на Агенцијата и Јоана Косма, Арбен Ајрулаи, Афердида Хаџијаха од ИФЕС Скопје, како и Расто Кужел од МЕМО 98, во насока на организација на Конференцијата „Интегритет на изборите во новото информациско опкружување“. На 21 март се одржа дополнителен состанок меѓу претставниците на Агенцијата и на ИФЕС, на кој се допрецизираа деталите во врска со претстојната конференција.

На 17 март, претставници на Агенцијата учествуваа на интерактивна работилница во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), која се одржа во Скопје, чија цел беше да се придонесе за зајакнување на меѓуинституционалната соработка во областа на сајбер безбедноста.

Во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и УСАИД, на 5 и 6 април во Скопје се одржа конференцијата „Интегритет на изборите во новото информациско опкружување“, посветена на медиумите и нивната регулација во изборните процеси. Целта на Конференцијата беше да се поттикне дискусија меѓу граѓанските организации, здруженијата, институциите од земјава и релевантни чинители од европските земји за прашања поврзани со изборите и преку нивните искуства да се понудат препораки за унапредување на моменталната состојба. Директорот на АВМУ на почетокот на настанот се осврна на значењето на медиумското информирање за време на изборните процеси и активностите на Агенцијата за следење на

изборното медиумско известување на радиодифузерите во тој период. Го потенцираше и ставот за укинување на финансирањето на платеното политичко рекламирање (ППР) на политичките партии од буџетски средства на државата, а доколку тоа не е можно, партиите да добиваат средства за ППР по рамноправен модел. Членот на Советот на АВМУ Зоран Фиданоски потсети на дел од обврските за радиодифузерите во изборниот период и направи ретроспектива на неколку изборни циклуси во поглед на резултатите од мониторингот на изборното медиумско претставување на радиодифузерите и улогата на регулаторното тело во нив. На настанот стана збор и за влијанието на дигиталните дезинформации врз изборниот интегритет и начините за справување со нив. Останатите говорници споделија искуства и добри практики од европските земји за справувањето со дезинформациите и лажните вести во изборните кампањи, ја потенцираа важноста на регулацијата и саморегулацијата во медиумите за време на изборните процеси, уредничката независност, медиумското известување ослободено од политички и економски интереси. Вториот ден од Конференцијата опфати искуства на АВМУ и на регулаторното тело за комуникации на Италија (АГКОМ) во поглед на мониторингот на медиумските содржини и платеното политичко рекламирање на радиодифузерите. Претставничката на Агенцијата ги објасни процесот и активностите поврзани со мониторингот на платеното политичко рекламирање на радиодифузерите и предизвиците со кои се соочува Агенцијата во текот на изборните циклуси.

На 17 и 18 мај, претставник на Агенцијата во Подгорица, Република Црна Гора, присуствуваше на регионалната конференција со наслов „Регионална перспектива за изборните онлајн кампањи – предизвици и можности за интегритетот на изборите“, во организација на проектот на ОБСЕ/ОДИХР, „Поддршка на изборните реформи во Западен Балкан“, а финансиран од Европската унија и Австриската агенција за развој. Конференцијата имаше за цел да послужи како платформа за споделување на знаења за влијанието на онлајн кампањите врз интегритетот на изборите и за приодите кон нивно регулирање и набљудување. За време на дводневниот настан се водеа дискусии за клучните аспекти на водењето онлајн кампањи и нивното влијание врз интегритетот на изборниот процес и демократското спроведување на изборните кампањи. Дискусиите резултираа со усвојување на заклучоци за тоа како корисниците на проектот да обезбедат демократско спроведување на онлајн кампањите и истите да ги усогласат со меѓународните обврски и обврските и стандардите утврдени од ОБСЕ, како и претходните изборни препораки на ОДИХР.

На 7 јуни, претставници на Агенцијата присуствуваа на работна средба на тема „Студија за учеството на жените во политичките процеси во Северна Македонија: Мешана слика за родовата еднаквост во контекст на локалните избори во 2021 година“, организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и финансирана од Швајцарската агенција.

На 23 јуни, претставници на Агенцијата одржаа средба со делегација од Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР на која се дискутираше за согледувањата нотирани во конечниот извештај на набљудувачката мисија за Локалните избори 2021 година и препораките кои произлегоа од него. Меѓу другото, акцент беше ставен на финансирањето на кампањата, обезбедување пристап до програмите на радиодифузерите на лицата со сетилна попреченост и бројните недоследности во изборната законска рамка. Од страна на Агенцијата беа споделени и искуствата од спроведениот мониторинг на изборното известување на радиодифузерите, а се разговараше и за предлозите за измена и подобрување на изборната регулатива.

На 7 септември, претставници на Агенцијата одржаа онлајн состанок со претставниците на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР): Раул Мурешан, Џована Мајола, Кира Кастелдо и Виториа Ѕанелати. На состанокот се разговараше за можностите за поддршка од ОДИХР за Агенцијата во рамките на собирањето искуства за примена на одредбите на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги со која ќе се хармонизира Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 13 септември, претставници на Агенцијата одржаа состанок со претставничката на ОБСЕ за слобода на медиумите Тереза Рибеиро, во придружба на заменик-шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје Џеф Голдстајн, директорот на Канцеларијата на претставничката на ОБСЕ за слобода на медиумите Јирген Хајсел и помошник-офицерката за истражувања Шејла Јусуфовиќ. Се разговараше за предизвиците со кои се соочува Агенцијата во нејзиното работење од аспект на финансирањето и доцнењето на изборот на новите членови на Советот, идните активности за хармонизација на медиумската регулатива со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги и инволвираноста на регулаторното тело во овој процес, како и за состојбата во медиумската сфера генерално.

На 22 и 23 септември, претставник на Агенцијата учествуваше на настанот „Дијалог за предизвиците и напредокот при адресирањето на говорот на омраза во медиумите“, организиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со Советот за етика во медиумите. Настанот претставуваше потфат за рестартирање на Мрежата против говор на омраза во медиумите, каде Агенцијата е членка од самото формирање.

На 9 ноември, во просториите на Агенцијата се одржа состанок со Charlemagne Gomez, евалуатор на проектот на ОБСЕ/ОДИХР за поддршка на изборните реформи на кој учествуваа претставници на Агенцијата.

На 15 и 16 ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на состанок на Мрежата за борба против говорот на омраза насловен „Втор дијалог против говорот на омраза во медиумите“, што се одржа во Велес во организација на Мисијата на ОБСЕ во соработка со Советот за етика во медиумите на Македонија.

На 16 ноември, до членките на Мрежата за медиумска писменост и до медиумите беше дистрибуирана информација која пристигна од Отсекот за комуникации и односи со медиумите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје за курсеви за самостојно е-учење, со цел да им помогне на новинарите кои истражуваат корупција или други високопрофилни случаи од јавен интерес да ги усовршат своите дигитални истражувачки вештини.

На 17 ноември, претставничка на Агенцијата присуствуваше на промоција на Прирачникот за менторство како дел од тригодишната програма „Жени за жени во јавната администрација“, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика.

Од 5 до 7 декември, претставници на Агенцијата учествуваа на обуката „Медиумска и информациска писменост во контекст на спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (P/CVERLT): Адресирање на предизвиците на дигиталното “информациско нарушување“, која беше во организација на ОБСЕ, а се одржа во Скопје.

На 22 декември, претставник на Агенцијата учествуваше на работен состанок на кој се презентираше финалната верзија на Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам (СНЕ) и Акцискиот план 2023-2027, во организација на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Канцеларијата на ОБСЕ. Со оглед дека претставници на АВМУ не беа повикани за учество во претходните фази на подготовка на Стратегијата и на Акцискиот план, по состанокот беа доставени забелешки и коментари на одредени делови на текстот и се очекува тие да бидат прифатени.

**Соработка со Советот на Европа и ЕУ за зајакнување на слободата на изразување и на медиумите согласно стандардите на Советот на Европа**

Претставник на Агенцијата на 24 февруари учествуваше на вториот онлајн регионален Управен одбор на заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа “Horizntal Facility за Западен Балкан и

Турција – фаза 2”. На состанокот беше направен пресек на досега реализираните активности во регионот, како и импактот од нив.

Претставник на Агенцијата на 7 април учествуваше на третиот состанок на Управниот одбор на Horizontal Facility II заедничката програма на Европската унија и Совет на Европа: „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција – фаза II“ (Horizontal Facility). На состанокот беше направен пресек на досега реализираните активности во регионот, како и влијанието од нив.

На 10 мај, претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на третиот Управен Одбор на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија – ЈУФРЕКС II”, на кој беа презентирани досега реализираните активности, а стана збор и за следната фаза и активности од проектот.

На 9 јуни, во просториите на АВМУ се одржа „Работилница за медиумски професионалци: Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување“ со претставници од националните радија и телевизии. Работилницата се одржа со физичко присуство и со презентации учествуваа: Ирена Цветковиќ од Коалиција Маргини, Ана Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка Марина Тунева и м-р Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ. За учесниците беа обезбедени примероци од „Прирачникот за известување за родово базираното насилство“, што беше изготвен во рамки на проектот на ХОПС во кој учествуваше АВМУ, и од „Водичот на АВМУ за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите“, изработен во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2.

На 14 септември претставник на Агенцијата ја следеше јавната презентација на Анализата на податоци за говор на омраза и злосторства од омраза, реализирана во рамките на проектот ЈУФРЕКС2.

На 27 и 28 септември, претставник на Агенцијата во Будва, Црна Гора учествуваше на Регионалната завршна конференција на заедничката програма на Европска унија/Совет на Европа „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција – Фаза II“. За време на конференцијата беа презентирани постигнатите резултати од активностите за различните компоненти на програмата во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија, Турција и Македонија во однос на обезбедување правда; борба против корупција, економски и организиран криминал; борба против дискриминација и заштита на правата на ранливите групи; слободата на изразување и слободата на медиумите.

Претставници на Агенцијата на 20 октомври, во Будва, Црна Гора учествуваа на завршната конференција за слободата на говор и слободата на медиумите во Југоисточен Балкан (во рамки на ЈУФРЕКС 2 проектот). Конференцијата беше поделена во две паралелни сесии – едната за трендовите и проблемите при одговорноста на медиумите и корисниците на содржините на интернет порталите и платформите, а другата за механизмите на корегулација во спротивставувањето на штетните содржини на интернет, на која присуствуваа и претставниците на регулаторното тело. На оваа сесија, од претставниците на АВМУ беше укажано на важноста на имплементацијата на механизмите за корегулација и усогласувањето на регулативата со онаа на Европската Унија, потребата од продлабочување на регионалната соработка помеѓу регулаторните тела, како и потребата од продолжување на ваквите проекти. Во вториот дел од работниот ден беше одржан и отворен состанок на Управниот комитет на Советот на Европа, чија тема беше утврдувањето на резултатите од регионалната соработка и насочување на идните активности во рамки на ЈУФРЕКС 2 проектот.

На 29 ноември, претставници на Агенцијата учествуваа на состанок со експертката за мониторинг и евалуација Елизабета Марковска Спасеноска за спроведените активности во рамките на ЈУФРЕКС 2. На состанокот се разговараше за реализираните активности и нивните ефекти, за полезноста на проектот, како и за идните активности во продолжението на проектот, преименуван во ПРОФРЕКС.

На 14 декември, претставник на Агенцијата учествуваше на Завршниот состанок на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија – ЈУФРЕКС 2", којшто се одржа во Скопје. На состанокот беше направен пресек на наодите од Анализата за примената на европските стандарди за слобода на изразување и безбедност на новинарите во судските процеси пред македонските судови (1 јануари 2016 – 1 јуни 2022), која наскоро треба да биде отпечатена и објавена, а потоа корисниците на проектот споделија информации за спроведените активности и ефектите од нив, како и кои се следните чекори во ПРОФРЕКС.

## ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

На 28 април се одржа 18-от состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, на кој беше покренато прашањето за процесот на усогласување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија, како и за финансирањето на регулаторот за медиуми и јавниот сервис.

Агенцијата на 18 август до Министерството за правда достави забелешки на предлог-заклучоците и предлог-препораките од 16-от Поткомитет за правда и внатрешни работи во кои повторно истакна дека со законските измени од 31 декември 2018 година се воведе одредба која предвидува забрана за рекламирање за државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции, како и на правните лица со јавни овластувања и на трговските друштва во целосна државна сопственост, но не и за радиодифузерите. Агенцијата исто така посочи дека Советот за радиодифузија, кој со измената на ЗААВМУ од 2013 година премина во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е надлежен за спроведување на петгодишната Стратегија за развој на јавниот радиодифузен сервис, туку е надлежен Програмскиот совет на МРТ.

На 17 октомври, во Брисел се одржа објаснувачки состанок за новиот корпус на аки-то на ЕУ за Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми, со Албанија и Северна Македонија, на кој присуствуваа претставници на Агенцијата. Целта на состанокот беше да се опфатат неколку клучни сегменти од Поглавјето 10: електронски комуникации — политика и регулаторна рамка, аудиовизуелна политика и медиуми и услуги на информатичко општество. Во овој контекст беа претставени Регулативата на ЕУ 2022/612 и Имплементирачката регулатива 2019/296, и двете од сферата на роамингот, документи на Комисијата поврзани со политиката за радио спектар, релевантната легислатива и мерките за усогласување на спектарот, како и други одлуки во врска со уредите со краток домет, малите пристапни точки за 5Г, итн. Во рамките на темата за Гигабит општество беа претставени документи во врска со промовирањето на интернет поврзаноста во локалните заедници (WiFi4EU), како и Регулативата на ЕУ 2021/1153 за CEF2. Што се однесува до аудиовизуелната политика, беа презентирани позицијата на ЕУ за аудиовизуелните дела во контекст на Светската трговска организација и европските медиумски стандарди (член 6 од Договорот за ЕУ, Актот за дигитални услуги и Актот за дигитален пазар).

На 1 декември, претставници на Агенцијата, во Брисел, Кралството Белгија, беа дел од државната делегација која учествуваше на билатералниот скрининг со Европската комисија за Кластер: Фундаментални вредности, Поглавје 23 „Правосудство и фундаментални права". На темата „Слобода на изразување, вклучувајќи ја слободата на медиумите и плурализмот", излагање имаше претставничка на Агенцијата која се осврна на релевантни акти од легислативата на ЕУ и меѓународни акти, националната правна и институционална рамка. Во својата презентација таа подробно ги објасни степенот на усогласеност и компатибилност на македонската со европската легислатива, посочувајќи најпрвин како

македонското законодавство го гарантира правото на слобода на изразување (член 11 од Повелбата за фундаментални права на Европската Унија и член 10 од Европската Конвенција за заштита на човекови права и фундаменталните слободи). Потоа образложи како одредбите од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ од 2018 година, поврзани со независноста и транспарентноста на регулаторното тело, се преточени во ЗААВМУ – во кои членови, нивната примена, за работата на Агенцијата и нејзините актуелни планови/проекти, како и за подзаконски акти со кои е регулиран овој аспект од нејзиното работење, други акти со кои се уредува работењето и постапувањето на институцијата, како и идните планови.

На 7 декември, претставници на Агенцијата како дел од државната делегација учествуваа на билатералниот скрининг со Европската комисија за Кластер: Фундаментални вредности, Поглавје 23 „Функционирање на демократските институции“. Директорот на Агенцијата ја презентираше усогласеноста на националната правна рамка за слободата на изразување, вклучувајќи ги слободата на медиумите и плурализмот, и правилата за медиумите за време на изборни процеси со легислативата на Европската Унија и со стандардите и принципите кои произлегуваат од другите релевантни меѓународни инструменти и стандарди. Воедно, се осврна на начинот на имплементација на правната рамка, како и на активностите на државата во контекст на новите легислативни иницијативи на ЕУ поврзани со борбата против дезинформациите, платеното политичко рекламирање и слободата на медиумите.

**Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област**

На 18 февруари, Агенцијата достави одговор на барањето за пишан материјал за 18-тиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Северна Македонија, којшто во онлајн формат се одржа на 28 април 2022 година. Во материјалот Агенцијата реферираше за измените на Изборниот законик за платеното политичко рекламирање и носењето на Упатството за ППР, за мониторингот на медиумско известување на локалните избори, за спроведените надзори, следењето на сопственоста на радиодифузерите и недозволената медиумска концентрација, за изготвените анализи на пазарот, структурата на вработените, медиумскиот плурализам, родот и медиумите. Агенцијата информираше и за донацијата за радиодифузерите, за активностите на полето на медиумската писменост, за третите Денови на медиумска писменост, за работилницата за ревидираната Директива на аудиовизуелни медиумски услуги, како и за онлајн конференцијата „Медиуми и избори“, организирани во рамките на ЈУФРЕКС 2.

Агенцијата во март достави материјали од својот делокруг на работење за придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија. Во материјалите Агенцијата реферираше за организациските, техничките, финансиските и човечките ресурси, за активностите поврзани со аудиовизуелни медиумски услуги на барање, како и за владината препорака, согласно одлуката на Европската Комисија, операторите да престанат да ги емитуваат руските канали поради ширењето дезинформации и пропаганда за Украина и руската воена интервенција.

На 9 јуни, Агенцијата повторно достави материјали од својот делокруг на работење за придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија. Во материјалот Агенцијата реферираше за изготвената анализа „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии“, за подготвувањето на работилницата за „Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување“, како и за конференцијата за медиумите и нивната регулација во изборни процеси - „Интегритет на изборите во новото информациско опкружување“, која се одржа на 5 и 6

април во Скопје во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), АВМУ и УСАИД.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

### Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Во 2022 година Агенцијата одржа четири јавни состаноци. На 28 март Агенцијата го одржа првиот јавен состанок, на кој директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените истражувања, активностите на полето на меѓународната соработка. На состанокот беа презентирани и наодите од Анализата „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", со која за прв пат се дава квантитативен и квалитативен увид во тоа колку и како известуваат националните телевизии за спортистките и спортовите во женска конкуренција, наспроти спортистите и спортовите во машка конкуренција.

Вториот јавен состанок Агенцијата го одржа на 29 јуни. На состанокот, директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа за вториот квартал од годината. Беа презентирани и податоците за законските одредби кои радиодифузерите во 2021 година и првата половина на 2022 година најчесто ги прекршиле и поведените прекршочни постапки од страна на Агенцијата. За оваа тема беше отворена дискусија која, како што истакна заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата Селвер Ајдини, имаше за цел да ги утврди причините за прекршувањата и да даде препораки на што радијата и телевизиите да посветат повеќе внимание во иднина за да се зголеми степенот на почитување на законските обврски. За досегашната примена на медиумската регулатива и предлозите за нејзина измена во насока на подобрување на состојбите кај локалните и регионалните медиуми говореше Димитар Мицев од ТВ Канал Вис. Посебен акцент беше ставен на потребата за создавање на фонд за медиуми, укинување на забраната за рекламирање од членот 102 од ЗААВМУ, високите глоби, правилата за доделување дозволи за радио и ТВ емитување.

На 29 септември се одржа третиот јавен состанок, на кој директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски ги презентираше реализираните активности согласно Годишната програма за работа во периодот јули-септември 2022 година. На состанокот беа претставени и наодите од Анализата на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, во која е опфатено економското работење на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните телевизии и радија, како и податоците од мерењата на телевизиската и радиска публика. На состанокот се дискутираше и за Нацрт-Упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка. Измената и дополнувањата на Упатството се однесуваат на скратување на роковите потребни за усогласување со мерките јавна опомена изречени од страна на Агенцијата кон издавачите на печатени медиуми, радиодифузерите и ОЈЕКМ, пред да се изврши контролен надзор, со цел поголема ефикасност и ефективност во спроведувањето на ЗААВМУ и обезбедување баланс помеѓу интересите на јавноста и субјектите што се предмет на надзор.

На 21 декември беше одржан последниот јавен состанок за 2022 година, на кој директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски ги презентираше реализираните активности согласно Годишната програма за работа

за четвртиот квартал од годината. На состанокот беа презентирани и клучните наоди од структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година. Во анализата беше даден преглед на податоци за вкупниот број на вработени во јавниот сервис и во комерцијалните телевизии и радиостаници. Податоците се анализирани од аспект на работните места на кои тие биле ангажирани, статусот (редовен работен однос или хонорарен ангажман), полот, степенот на образование и етничката припадност.

**Комуникација со јавноста**

Согласно заложбите за транспарентност и отчетност и следејќи ја воспоставената пракса за објавување на трошоците на секои шест месеци, Агенцијата на почетокот на јануари 2022 година ја извести јавноста, дека во периодот од 01.07.2021 – 31.12.2021 година, директорот на Агенцијата при вршење на својата функција има направено трошоци во вкупен износ од 195.688,00 денари, од кои: трошоци за репрезентација (угостителски услуги со претставници на амбасади, членови на Советот на Агенцијата и деловни партнери) – 166.852,00 денари; за службен мобилен телефон – 17.100,00 денари и трошоци при патувања во странство (хотелско сместување) – 11.736,00 денари.

На 1 јули јавноста беше информирана за трошоците на директорот д-р Зоран Трајчевски и за втората половина од годината, периодот од 01.01.2022 – 30.06.2022 година. Овој период трошоците се во вкупен износ од 157.475,00 денари, и тоа по следните ставки: трошоци за репрезентација (угостителски услуги со претставници на амбасади, членови на Советот на Агенцијата и деловни партнери) – 84.847,00 денари; службен мобилен телефон – 15.130,00 денари и трошоци при патувања во странство – 57.498,00 денари.

Преку соопштение за јавност беше информирано дека под покровителство на УНЕСКО на 13 февруари се одбележа единаесеттото издание на Светскиот ден на радиото, кое оваа година се одржуваше под мотото „Радиото и довербата“. Годинешните поттеми беа во насока на задржување и подигање на довербата на слушателите, обезбедување пристапност до радио содржините за сите слушатели, вклучувајќи ги и лицата со сетилна попреченост, како и предизвиците за обезбедување на економска одржливост. Агенцијата на сите радиостаници во земјава им го честиташе Светскиот ден на радиото и ги повика да дадат сопствен придонес во неговото одбележување.

Во врска со Предлог-Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, кој беше во прва фаза на читање во Собранието на РСМ, на 7 февруари Агенцијата преку соопштение за јавност потенцираше дека повикувањето на одговорност за изразено „негативно мислење“, на начинот на којшто е дефинирано, е спротивно на сите демократски практики и може да предизвика медиумско самоцензурирање. Можноста за санкционирање поради искажано негативно мислење остава простор за злоупотреба и казнување на медиумските професионалци. Во соопштението беше посочено дека новинарите се гласот на јавноста и тие честопати при вршење на својата работа упатуваат критика за одредени политики или појави во општеството и на тој начин поттикнуваат јавна дебата и придонесуваат за поголема одговорност, отчетност и транспарентност на претставниците на власта. Правото на слобода на изразување е уставно загарантирано право и истото е гарантирано и со Европската конвенција за заштита на човековите права. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт.

Преку соопштение за јавност, Агенцијата се приклучи кон одбележувањето на 3 мај, Светскиот ден на слобода на медиумите. Годинешното мото „Новинарство под дигитална опсада“ имаше за цел да го нагласи влијанието на дигиталната ера врз слободата на изразување, безбедноста на новинарите, пристапот до информации и приватноста. Во соопштението беше потенцирано дека овој ден е можност да се реафирмираат основните принципи на медиумската слобода, да се процени степенот на нејзиното

почитување и да им се оддаде почит на новинарите кои ги загубија своите животи извршувајќи ги своите професионални обврски. Агенцијата, како и досега, ќе продолжи да делува проактивно на зголемување на свеста за улогата на медиумите и неопходноста да им се овозможи непречено работење.

Во однос на предлозите за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за кои имаше реакции и од релевантни здруженија и организации, на 15 јули, Агенцијата преку соопштение за јавност посочи дека понудените решенија се проблематични од повеќе аспекти, почнувајќи од самото дефинирање на кампањите од јавен интерес, начинот на нивно спроведување, а особено нивното финансирање со средства од државниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа. Меѓу другото беше посочено дека со предложените измени, со буџетски средства ќе се плаќа за пренесувањето на идеите и активностите на централната и локалната власт, што повторно отвора простор за директно нарушување на уредувачката самостојност и независност на медиумите, нивно корумпирање и создавање клиентелистички и сервилен однос кон власта. Агенцијата и претходно јавно реагираше дека средствата на даночните обврзници, односно на граѓаните не треба да се користат за рекламирање во медиумите. Исто така, кампањите од јавен интерес не смеат да се користат како начин за субвенционирање на медиумите. Беше посочено дека ставот на регулаторот е да се субвенционира создавањето програмски содржини, но тоа да биде направено на таков начин што ќе придонесе за создавање квалитетни радио и телевизиски програми од интерес на јавноста, без да се поткопува независноста на медиумите.

Јавноста на 30 август беше информирана и за потпишувањето на договорот меѓу Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски и директорката на Националната установа Албански театар за деца и млади, Дијана Тоска, со кој АВМУ на театарот му донираше компјутерска опрема. Донацијата следеше по барање на Албанскиот театар за деца и млади поради недостаток на технички средства за работа. Станува збор за 15 персонални компјутери, 23 монитори и 2 печатачи.

По информациите дека Град Скопје склучил договор вреден околу 5 милиони денари за промоција на кампањи за посебни активности на Град Скопје преку маркетинг агенција, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 12 септември преку соопштение потсети дека користењето буџетски средства за ваков вид активности на локалната власт е во спротивност со член 102 од ЗААВМУ. Агенцијата, како и во повеќе претходни наврати, потенцираше дека средствата на даночните обврзници не смеат да се користат за рекламирање на власта, на кое било ниво, преку приватни радиодифузери. Ваквиот начин на финансирање отвора простор за директно нарушување на независноста и уредувачката самостојност на медиумите и може да доведе до корупттивни практики.

На 29 септември, Агенцијата соопшти дека ќе обезбеди финансиска помош – донација за сите радиодифузери, преку намалување од 25% на надоместокот за дозволи за радио и ТВ емитување во 2023 година, пресметан согласно формулата утврдена во ЗААВМУ. Агенцијата ги зема предвид тековните случувања со енергетската криза и големиот раст на цената на електричната енергија кој директно се одразува врз функционирањето и економската одржливост на радиодифузерите.

Во текот на годината, Агенцијата во неколку наврати реагираше за напади и непримерно однесување кон новинари и медиумски работници.

На 16 февруари, Агенцијата преку соопштение за јавност го осуди вербалниот и физички напад на новинарската екипа на регионалната телевизија Полог од Тетово за време на снимањето инсерти за репортажа од основното училиште „Наим Фрашери" во село Ѓурѓевиште, општина Врапчиште, Гостиварско. Во соопштението беше посочено дека безбедноста на медиумските работници во ниту еден момент не смее да биде загрозена и треба да се вложат максимални напори за да се креираат услови за професионално извршување на работата на медиумите. Навремената и соодветна реакција на

надлежните институции е клучна во разрешувањето на случајот и за превенција на вакви и слични појави во иднина.

Агенцијата на 18 мај преку соопштение го осуди повикувањето на новинарката на „Сакам да кажам“ на службен полициски разговор поради објавен текст и истакна дека ваквите дејствија ја загрозуваат слободата на медиумите. Беше посочено дека апсолутно е неприфатливо да се повикуваат новинари на информативни разговори за објавени написи од јавен интерес, бидејќи можат да бидат протолкувани како обид за заплашување, што пак придонесува за појава на самоцензура. Агенцијата потсети дека секој којшто смета дека одреден медиум му го нарушил угледот и честа со објавување нецелосни, непроверени или неточни информации, има право да побара од медиумот објавување на демант, одговор и исправка, или да поднесе претставка до саморегулаторните тела за медиуми.

Во врска со повикувањето на информативен разговор на уредничката на ТВ Телма од страна на МВР за вест која не е емитувана во програмата на телевизијата, Агенцијата на 26 мај преку соопштение посочи дека ваквите дејствија можат негативно да се одразат на слободата на медиумите. Новинарите и останатите медиумски работници не смеат да бидат неосновано повикувани на службени полициски разговори, имајќи превид дека имаат заплашувачки ефект и во иднина можат да водат кон самоцензура. Ваквите постапки на истражните органи кон медиумските работници претставуваат притисок врз медиумите и нивното слободно работење.

На 7 јули беше осуден проблематичниот однос кон снимателот на ТВ 24 Вести од страна на припадник на МВР, за време на протестите пред Собранието на РСМ. Во соопштението беше потенцирано дека улогата на медиумските работници при известување од настани со големо општествено значење и висок ризик е да документираат и пренесат информации кои се од јавен интерес. Агенцијата повика да се почитува достоинството на медиумските работници и да им се овозможи без закани и притисоци да ги извршуваат своите професионални активности – навремено и сеопфатно информирање на јавноста.

На 12 август, во врска со постапувањето на полициските службеници од полициска станица Неготино кон новинарката Вики Клинчарова од „Фокус” поради објавен текст, Агенцијата посочи дека ваквите дејствија претставуваат притисок врз медиумите и негативно се одразуваат врз слободата на јавното информирање. Во ниту еден момент не треба да се заборави дека улогата на медиумите е да информираат поради што тие треба да се поттикнуваат темелно и професионално да ги извршуваат своите обврски, а не да се заплашуваат. Агенцијата воедно потсети дека секој којшто смета дека одреден медиум му наштетил со објавување нецелосни, непроверени или неточни информации, има право да побара од медиумот објавување на демант, одговор и исправка, или да поднесе претставка до саморегулаторните тела за медиуми.

Во врска со инцидентот на 9 август помеѓу лица вработени во Јавното претпријатие „Комунална хигиена“-Скопје и новинарска екипа на ТВ Клан, Агенцијата преку соопштение потенцираше дека сите треба да се однесуваат пристојно и достоинствено особено при вршење на своите работни задачи. Јавните институции треба да бидат отворени и транспарентни и да вложат максимални напори на претставниците на медиумите да им овозможат непречен пристап до информации при известување за теми кои се во интерес на јавноста. Доколку новинарите на кој било начин се спречени да дојдат до бараната информација, за тоа треба да ја информираат јавноста.

На 4 август, преку соопштение за јавност беше осудено попречувањето на новинарската екипа на ТВ Алфа да го проследи настанот по повод одбележувањето на празникот Илинден на 2-ри август на Мечкин Камен во Крушево. Беше потсетено дека е особено важно на сите медиуми без исклучок да им се обезбедат еднакви услови и пристап за известување на настани кои се од јавен интерес, а медиумските

работници во ниту еден момент не смеат да бидат попречени во вршењето на работните задачи, особено кога се работи за информирање на јавноста за важни општествени случувања.

На 26 октомври, преку соопштение за јавност најостро беше осуден физичкиот напад врз сопственикот на „Буревесник“ Зоран Божиновски. Во соопштението беше посочено дека безбедноста на новинарите е предуслов за професионално вршење на нивните обврски и секое насилство кон нив е апсолутно неприфатливо. Тие треба да ја вршат својата работа ослободени од каков било вид напади, притисоци, вознемирување и заплашување.

Агенцијата на 28 ноември го осуди однесувањето на поранешниот министер за правда, Аднан Јашари, кој побарал од новинарка на „Фокус“ да избрише текст поврзан со полагањето правосуден испит од страна на синот на претседателот на Собранието Талат Џафери. Во соопштението беше потенцирано дека обидите за контрола на информирањето се директно загрозување и кршење на слободата на изразување и на слободата на медиумите. На медиумските работници треба да им се овозможи слободно и професионално да ги извршуваат своите обврски, пред сè, имајќи ја предвид нивната улога во отворањето прашања од јавен интерес.

На 26 октомври најостро беше осуден недоличниот однос на директорот на топланата Скопје-Север, Куштрим Рамадани кон новинарката Катерина Додевска на порталот „МКД.мк“. Агенцијата потсети дека упатувањето вулгарни навреди во ниту еден случај не смее да биде начин на комуникација на носителите на јавни функции, затоа што со самото прифаќање на позицијата нивната работа е предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика преку медиумите. Истовремено тие треба да бидат свесни дека имаат одговорност за секој искажан збор и дека мора да се воздржат од секаков вид недолична и непримерна комуникација.

На 15 ноември најостро беше осуден вербалниот и физички напад врз новинарската екипа на ТВ 24 Вести, каде беше посочено дека нападите врз медиумските работници претставуваат особено сериозни повреди на основните човекови права и слободи кои истовремено го загрозуваат правото на информирање на граѓаните и ја ограничуваат јавната дискусија која е во сржта на секоја плуралистичка демократија.

Во врска со барањето на припадници на полицијата, новинарката Фазиле Халили од ТВ 21 да ги избрише видео записите направени за време на протестот поврзан со блокадите на приватните превозници, Агенцијата преку соопштение реагираше дека новинарите имаат должност да покриваат и известуваат за настани кои се од јавен карактер. Агенцијата апелираше да се почитува достоинството на медиумските работници и да им се обезбедат услови за непречено извршување на нивните професионални задачи, што е неопходен предуслов за слободата на информирање.

Агенцијата на 9 декември реагираше на непрофесионалниот однос на генералниот секретар на градот Скопје Зоран Глигоров, кој за време на прес конференција одби да даде одговори на новинарски прашања со образложение дека имал други обврски. Претставниците на институциите треба да вложат максимални напори да им обезбедат информации на медиумските работници, особено при известување за теми кои се во фокусот на интерес на јавноста. Најважната задача на новинарите е да информираат за актуелните случувања, имајќи ја предвид нивната улога во отворањето прашања од јавен интерес и обезбедувањето транспарентност и одговорност на јавните органи.

**Редовно ажурирање на веб страницата на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик**

Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата, во 2022 година постојано се ажурираше веб страницата www.avmu.mk на три јазика: македонски, англиски и албански. Имено, беа објавувани информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред известени се сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници; записници од седници; одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- изречените мерки јавна опомена на радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање и печатените медиуми;
- извештаите од извршените надзори врз телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање и печатените медиуми;
- ажурираните регистри на телевизии, радија, печатени медиуми, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање;
- издадените потврди за регистрирање програмски пакети;
- регистарот на застапници на програмски сервиси и филмски, спортски и други права и регистрираните пакети и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- барањата и одговорите за информации од јавен карактер;
- поднесените претставки до Агенцијата и нивен одговор;
- месечните гласила (newsletters) на Агенцијата (од јануари до декември) каде се опфатени сите поважни реализирани активности на Агенцијата на месечно ниво;
- поставени беа и неколку нови наменски банери:

➢ банер „Денови на медиумска писменост 2022“, во кој беа достапни сите материјали поврзани со настаните и активностите за време на манифестацијата; и
➢ четири банери „Јавен состанок“ во секој квартал од годината одделно, каде беа достапни материјали поврзани со првиот, вториот, третиот и четвртиот јавен состанок на Агенцијата за 2022 година.

**Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

На YouTube каналот на Агенцијата во текот на годината беа објавени повеќе видеа кои беа изработени за потребите на Деновите за медиумска писменост 2022 на македонски, албански и англиски јазик, меѓу кои: аудио и видео спотовите за најава на Деновите, видео од работилницата „Неодложна пристапност“, Јавната седница на Комисијата за жалби на СЕММ, дискусијата - Преку медиумската писменост образуваме млади генерации без предрасуди и стереотипи, панел дискусијата „Како медиумите известуваат за младите со атипичен развој“, кратко видео за бесплатната филмска програма за учениците од основни училишта и за лицата со посебни потреби.

Исто така, објавени се снимки од регионалниот состанок на регулаторни тела, од четирите јавни состаноци на Агенцијата во 2022 година, а редовно беа објавувани и седниците на Советот на Агенцијата.

**Ажурирање на содржините на Facebook страната на Агенцијата**

Агенцијата на својата Facebook страница редовно споделуваше информации за сите седници на Советот на Агенцијата и за четирите јавни состаноци на Агенцијата.

Информации беа споделени и за работната средба со Беноа Лутрел, советник од регулаторното тело за аудиовизуелна и дигитална комуникација на Република Франција (АРКОМ), средбата со претставници на регулаторното тело за медиуми на Република Албанија (АМА), средбата со претставници на ОБСЕ/ОДИХР, учеството на директорот д-р Зоран Трајчевски на форумот „Цивилно општество & тинк тенк", кој се одржа во Берлин, регионалниот состанок на регулаторни тела кој го организираше Агенцијата во Скопје.

Во рамки на Деновите на медиумска писменост 2022, на Facebook страница на Агенцијата редовно беа споделувани информации за сите активности, дискусии, состаноци, работилници и филмски проекции.

**Постапувања по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

До Агенцијата, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2022 година беа поднесени 14 барања за информации од јавен карактер. Агенцијата позитивно одговори на 13 барања, во врска со кои утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации. За едно барање Агенцијата утврди дека не располага со бараните информации од јавен карактер, односно не располага со лиценци/дозволи за радиодифузно реемитување за територијата на РСМ издадени од надлежни регулаторни тела, по што донесе решение со кое се отфрла барањето. Станува збор за следните барања:

- Во февруари, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство побара од АВМУ информации дали во втората половина од 2021 година се одржани обуки и работилници за начинот на известување за прашања поврзани со родово базирано насилство, како и податоци за тоа по кој модул тие се одржале и кој е обучувач/ка на обуките;

- Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации во февруари поднесе до АВМУ барање за пристап до информации од јавен карактер, и тоа за сите менаџерски договори склучени од 1 јануари 2011 година до 31 декември 2021 година, како и за исплатените отпремнини во случаите на предвремено раскинување на менаџерските договори од овој период;

- Во март, од страна на Институтот за европска политика-Скопје беа побарани податоци за тоа дали АВМУ констатирала напад на новинари и говор на омраза во периодот од 1 јануари до 8 март 2022 година;

- Истиот месец, до АВМУ беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации, кое побара пристап до информации во однос на постапката за јавна набавка „Средства за заштита од пандемијата COVID-19";

- ТРД Канал 77 во април побара информации за: бројот на лицата коишто се ангажирани во АВМУ преку Агенција за привремени вработувања, и тоа за периодот од 2019 до 2022 година; за работните места на кои тие биле ангажирани; дали за работните места кои не се поврзани со мониторинг се ангажираат секогаш истите лица; одлука за ангажирање на лица преку Агенција за привремени вработувања за периодот од 2019 до 2022 година; и список на ангажираните лица;

- Во април, барање за информации од јавен карактер поднесе и Комисијата за следење на препораката на Владата на РСМ за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски содржини на територијата на РС Македонија. Беше побарано да се достават лиценци/дозволи од надлежните регулаторни тела за радиодифузно реемитување на територијата на РСМ;

- Истиот месец, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ побара од АВМУ информации за бројот на вработени на коишто им престанал работниот однос во Агенцијата во 2020, 2021 и првите четири месеци од 2022 година, колку нови вработувања имало во овој период и колку од вработените се на определено време;

- Комисијата за следење на препораката на Владата на РСМ за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски содржини на територијата на РС Македонија побара лиценци/дозволи за неколку странски ТВ канали, со кои е стекнато правото на давање медиумска услуга за телевизиско емитување, а врз основа на кои се врши реемитување на територијата на РСМ;

- Во јули, Институтот за европска политика-Скопје по вторпат побара информации за тоа дали АВМУ констатирала напад на новинари и говор на омраза. Барањето овојпат се однесуваше на периодот од 1 април до 1 јули 2022 година;

- Во октомври, Институтот за европска политика-Скопје и по третпат се обрати до АВМУ, при што побара пристап до претходно наведените информации од јавен карактер, и тоа за периодот од 1 јули до 30 септември 2022 година;

- Здружението на граѓани – Центар за управување со промени во септември поднесе барање со кое се бараат информации од јавен карактер – податоци потребни за спроведување анализа за избраните и именуваните лица, како и обемот и составот на управните одбори во институциите од јавниот сектор;

- Во октомври до Агенцијата беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на физичко лице, кое бараше податоци за врабоено лице во АВМУ, и тоа податоци за: склучени анекс-договори со вработеното лице и извршени исплати кон тоа лице;

- Во ноември, Здружението на граѓани – Центар за управување со промени повторно побара од АВМУ податоци заради спроведување на претходнонаведената анализа;

- Во декември, ТРД Канал 5 побара од АВМУ да му се достави информацијата којашто Агенцијата ја доставила во МВР-Центар за сузбивање на организиран и сериозен крминал, а која се однесува на постоењето сомневање за сторена повреда на авторските и сродните права од страна на кабелскиот оператор Тотал ТВ од Скопје.

Подетални податоци во врска со поднесените барања и одговорите на барањата се достапни на веб страната на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/2022-година.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

**Внатрешна ревизија- планирање за 2022 година**

Внатрешните ревизии кои беа извршени во 2022 година беа предвидени со Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2022 до 2024 година (бр. 02-4258/1 од 14.12.2021 година) и со Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година (бр. 02-4529/1 од 14.12.2021 година). Веднаш по донесувањето, во законски предвидениот рок, Агенцијата ги достави овие два документа до Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

**Извршени ревизии во 2022 година**

Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2022 до 2024 година и Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година беа засновани на анализи и проценки на ризик, како и врз согледување на реално поставените цели, приоритетите и мерките кои требаше да се преземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период, имајќи ја предвид моменталната кадровска и организациска поддршка за вршење на ревизии.

Во извештајната година беа извршени три ревизии.

Првата ревизија беше спроведена врз системите за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015), во периодот од 17 јануари до 29 април 2022 година. Целта на оваа ревизија беше да се обезбеди разумно уверување дека управувањето со квалитет во Агенцијата е во согласност со барањата на ISO 9001:2015.

Втората ревизија беше ревизијата врз управувањето со човечки ресурси и истата е извршена во периодот од 18 мај до 17 август 2022 година. Целта на ревизијата беше да се обезбеди разумно уверување дека управувањето со човечки ресурси ги поддржува стратешките цели на Агенцијата преку зголемување на квалитетот на вработените.

Последната ревизија во 2022 година беше Финансиската ревизија, извршена во периодот од 13 септември до 17 декември 2022 година. Целта на ревизијата беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување за тоа дали внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи се ефективни и дека финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања, било поради измама или поради грешка.

За секоја од овие ревизии беше подготвен извештај во кој е наведено мислењето на внатрешниот ревизор за состојбата на системот на внатрешната контрола и усогласеноста на активностите на процесите кои беа предмет на ревизијата со закони и подзаконските акти што ги уредуваат тие прашања.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година беа планирани расходи во износ од 148.504.238,00 денари и приходи во износ од 148.504.238,00 денари. Во

усвоениот финансиски план беа предвидени активности согласно надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2022 година се однесуваа на планирани приходи од финансиски средства од Буџетот на РСМ во износ од 54.000.000,00 денари, планирани приходи од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 19.500.000,00 денари, планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.500.000,00 денари, планирани приходи од транзитни фактури во износ од 600.000,00 денари и пренесени вишок средства од минати години во износ од 63.904.238,00 денари.

Вкупните остварени приходи во 2022 година изнесуваат 84.020.798,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори:

- Приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за изборните активности во 2021 година (локални избори), за кои Агенцијата искористи средства и на почетокот на 2022 година во износ од 7.962,00 денари, а кои се однесуваа за банкарски провизии, месечни провизии и за затварање на сметката на Агенцијата;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 54.430.568,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 17.931.404,00 денари;
- Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.525.447,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 1.047.263,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 959,00 денари и
- Други приходи во износ од 77.195,00 денари.

Согласно член 105, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги услуги, финансиските средства се распоредуваат на следниов начин:

- 74,5 % за МРТ (Македонска Радио Телевизија) за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко – технолошки развој;
- 19,5% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 6% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Почнувајќи од 2021 година, издвојувањето од Буџетот на РСМ требаше да биде 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот и во 2022 година од Буџетот на Република Северна Македонија требаше да се издвојат средства во вкупен износ од 2.180.210.000,00 денари (1,00% од приходите во 2021 година), од кои за Агенцијата 130.812.600,00 денари (6% од издвоените средства).

Поради здравствената и економска криза, буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација и за 2022 година повторно беше скратен во сите ставки, како и на ставката за исплата на субвенции за јавните претпријатија, и од таа причина, Министерството за информатичко општество и администрација во 2022 година на Агенцијата и исплати средства во износ од 54.000.000,00 денари, односно месечен износ од 4.500.000,00 денари.

Средствата кои се уплаќаа од Буџетот претставуваат 0,412 % од приходите во 2021 година, наместо предвидените 1%.

Агенцијата оствари приходи и од наплата на радиодифузна такса, кои на сметката на Агенцијата се евидентираа на дневна основа и истите за 2022 година изнесуваат 430.568,00 денари.

Вкупните приходи остварени во 2022 година за финансирање на радиодифузната дејност и од наплата на радиодифузна такса изнесуваат 54.430.568,00 денари.

Агенцијата во декември 2021 година донесе одлука (наш арх.бр.05-4624/1) за доделување финансиска помош (донација) на сите радиодифузери (комерцијални и непрофитни) кои во моментот на нејзиното донесување имаа дозвола за телевизиско или радио емитување, а согласно која им го намали за 50% надоместокот за дозволата којшто тие требаше да го платат за 2022 година.

Како резултат на донесената одлука, вкупно остварените средства од надоместокот за дозволи за телевизиско и радио емитување во 2022 година изнесуваа 17.931.404,00 денари.

Согласно член 142 став 2 од ЗААВМУ, Агенцијата остварува приходи и од надзор на оператоите кои реемитуваат програмски сервиси и од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Тие приходи во 2022 година изнесуваат 10.525.447,00 денари.

Во 2022 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 1.047.263,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 959,00 денари.

Агенцијата исто така оствари и други приходи во износ од 77.195,00 денари.

Агенцијата во 2022 година донесе одлука (наш арх.бр.05-3583/1) за доделување финансиска помош – донација на ЕФ-ЕМ 90.3 – СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за организација на 30-ти јубилеен „Турнир во мал фудбал на медиуми 2022“. Оваа финансиска помош, во износ од 250.000,00 денари, Агенцијата ја додели со цел да се даде поддршка на активностите на радиодифузерот за организирање на настанот, што придонесе за промоција на професионалниот и рекреативен спорт, стимулирање и развој на спортската култура и содржина, како и за афирмација на здрави спортски навики и фер-плеј култура.

Вкупните расходи во 2022 година изнесуваат 94.601.988,00 денари.

Направените расходи се однесуваат на следните цели:

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 799.091,00 денари;
- за потрошена електрична енергија, во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија, се потрошени средства во износ од 4.841.756,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување и сервис на компјутерскиот систем на Агенцијата, за одржување на системот на Агенцијата за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска

комуникациска мрежа), за одржување на постојната WEB страна на Агенцијата, за одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми (НАВС), за одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи", за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 8.267.410,00 денари;

- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 490.752,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.282.332,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 767.591,00 денари;
- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.316.938,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет пристап на електронски изданија на Службен весник на РСМ, како и печатени изданија на Службен весник за тековната година и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 179.985,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 26.670,00 денари;
- за одржување на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 289.586,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 90.149,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата која ја поседуваме, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 113.487,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 1.713.738,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 408.916,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 1.844.982,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 9.020.301,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 1.712,00 денари;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА) и друг вид членарина се потрошени средства во износ од 222.300,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања, и тоа: надворешни соработници - правници во сектор за правни работи и јавни набавки, надворешни соработници во сектор за информатичка поддршка и општи работи, за ангажирање на биро за преведување, за одржување на хигиената во деловните простории и

за надворешна контрола на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) системот, согласно прописите за заштита на лични податоци се потрошени средства во износ од 3.989.396,00 денари;

- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 366.000,00 денари;
- за нотарски услуги се потрошени средства во износ од 7.085,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 93.210,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите, за изработка на студија со која се утврдува оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и за обезбедување податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиите кои не се предмет на електронско мерење, се потрошени средства во износ од 2.400.447,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на WEB страната на Агенцијата, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (8 локации во РСМ) со неограничен вклучен сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 2.457.001,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема и за лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall) се потрошени средства во износ од 2.064.770,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен и за исплата на рата за ISO (9001:2015) сертификација по постоечки договор се потрошени средства во износ од 100.831,00 денари;
- за финансиска помош - донација се потрошени средства во износ од 250.000,00 денари;
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 51.194.894,00 денари и
- за данок на додадена вредност се потрошени средства во износ од 658,00 денари.

Вкупните расходи во 2022 година се поголеми за 10.581.190,00 денари во однос на вкупно остварените приходи во истата година.

Бр. 01-1468/1
29.03. 2023 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

# 1. ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ

**ПРИЛОГ БР. 1.1**

## Доделување дозволи за телевизиско емитување по пат на јавен конкурс

### Дозволи за телевизиско емитување

| **1. Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање бр. 03-24/1 од 13.01.2022 година (наш Уп1 бр. 08-13 од 20.01.2022 година) |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Дигитален терестријален мултиплекс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола / Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-13 од 27.05.2022 г. за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (наш арх. бр. 03-2051/3 од 20.05.2022 г.) се утврди дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со: 1. претежно забавен општ формат, 2. претежно информативен општ формат и 3. општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување на дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Година на доделување на дозвола / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2022 година |
| Доделување на дозвола / Одбивање на барање / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Одбивање на писмено барање |

**ПРИЛОГ БР. 1.2**

## Доделување дозволи за телевизиско емитување без објавување на јавен конкурс

### Дозволи за телевизиско емитување

| 1. Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера /Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање бр. 08-211 од 12.07.2022 година, со дополнување од 30.08.2022 година и од 04.10.2022 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Одлуката за доделување на дозвола Уп1 бр. 08-211 од 04.11.2022 година |
| Година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето/неуспешен јавен конкурс | 2022 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање/Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделување на дозвола |

| 2. Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера /Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање бр. 08-339 од 07.11.2022 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Одлука за доделување на дозвола Уп1 бр. 08-81 од 28.02.2023 година |
| Година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето/неуспешен јавен конкурс | 2023 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање/Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделување на дозвола |

**ПРИЛОГ БР. 1.3**

## Поведена прекршочна постапка против радиодифузер за констатирано прекршување за време на Локалните избори за членови на советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период 2022 година

| 1. Тровско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 75-ѓ став 1 |
| Опис на прекршувањето | Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, на 12, 16, 17 и 18 август 2022 г., во повеќе реални часови емитувана програма одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од позицијата (Коалиција НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА предводена од СДСМ), повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од опозицијата (ВМРО - ДПМНЕ) и повеќе од 1 минута за платено политичко рекламирање за политичка партија во Собранието на Република Македонија која на последните избори за пратеници не освои доволно пратеници да формира пратеничка група (Политичка партија - ЛЕВИЦА). |
| Пропишани глоби во закон | Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх. бр. 03-3258/1од 26.08.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх.бр.03-3258/1 од 26.08.2022 година<br>Пресуда на Основниот суд во Тетово ПРК-О-347/22 од 18.10.2022 г. (наш арх. бр. 03-3258/3 од 25.11.2022 г.), со која обивнетите се огласуваат за виновни и им се изрекува прекршочна санкција - опомена<br><br>Жалба од Агенцијата арх. бр. 03-3258/4 од 01.12.2022 година |

**ПРИЛОГ БР. 1.4**

**Решенија за преземање мерка - јавна опомена кон радиодифузери во 2022 година**

| Реден број | Назив на радиодифузер кој е опоменат | Архивски број (Уп 1 број) и датум на решението за јавна опомена | Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е повредена | Опис на повредата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје | Уп1 бр.03-1 од 05.01.2022 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиопрограмскиот сервис на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, емитуван на 4 декември 2021 г., не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |
| 2 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-41 од 22.02.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и членови 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, репризната и премиерната епизода од играниот серијал „Величествениот“, емитувани на 27 јануари 2022 г., беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонокието, односно пред 20 часот. |
| 3 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр.03-66 од 04.03.2022 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 11 февруари 2022 г. не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците |
| 4 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр.03-72 од 10.03.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 11 февруари 2022 г., во цртаните филмови „Маша и Медо“ и „Том и Џери“, деловите во кои има говор се дадени изворно на руски и англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата арх.бр.08-61 од 05.01.2015 година |
| 5 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр.03-74 од 10.03.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр.03-75 од 10.03.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот |
| 7 | Трговско Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр.03-76 од 10.03.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот |
| 8 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр.03-81 од 18.03.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 18 февруари 2022 г., во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. |
| 9 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-119 од 15.04.2022 година | Член 101 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 21, 22 и 23 февруари 2022 г., емитувани се телешопинг спотови за додатокот во исхрана „Бронхо протект“ („Broncho protect“), производ на операторот со храна „Натура терапи“ („Natura therapy“), во кој и визуелно и тонски се појавува и Билјана Дебарлиева, редовна презентерка на вести на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје. |
| 10 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-120 од 15.04.2022 година | Член 53 став 2 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 21, 22 и 23 февруари 2022 година, во делови од утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија“, емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Простатол комплекс“ и „Бронхо протект“ од операторот со храна „Натура терапи“. |
| 11 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-121 од 15.04.2022 година | Член 53 став 2 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 22 и на 23 февруари 2022 г., во делови од утринската, актуелно – информативна емисија „Здраво Македонијо“, емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Бронхо протект“ и „Диабетол Форте“ на операторот со храна „Натура Терапи“. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-122 од 15.04.2022 година | Член 101 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 21, 22 и 23 февруари 2022 г. емитувани се телешопинг спотови за додатокот во исхрана „Бронхо протект“ („Broncho protect“), производ на операторот со храна „Натура терапи“ („Natura therapy“), во кој и визуелно и тонски се појавува и Билјана Дебарлиева, редовна презентерка на вести на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје. |
| 13 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | Уп1 бр.03-123 од 15.04.2022 година | Член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4 март 2022 година емитувана е забавно-документарната емисија „1001 оброк“, која не е означена како програма во која се пласирани прозводи, а пласираните производи од одредени спонзори, пак посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување. |
| 14 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-124 од 15.04.2022 година | Член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 21, 22 и на 23 февруари 2022 г. емитувани се телешопинг спотови за производите „Бронхо протект-500мл.“ и „Диабетол Форте-30 капсули“ на операторот со храна „Натура Терапи“ ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат нивната природа и карактеристики, односно тие се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите |
| 15 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-125 од 15.04.2022 година | Член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 21, 22 и 23 февруари 2022 г. емитувани се рекламен спот и телешопинг спот за „Бронхо протект-500мл.“ и телешопинг спот за „Диабетол форте-30 капсули“, од операторот со храна „Натура терапи“ ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите. |
| 16 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-132 од 27.04.2022 година | Член 55 став 5 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 22 март 2022 г. емитувани се репризно и премиерно издание од „Брза кујна“, забавно-документарна емисија, кои не беа означени како програма во која се пласирани производи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | Уп1 бр.03-131 од 27.04.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 22 март 2022 г., во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. |
| 18 | Трговско Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр.03-147 од 17.05.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На 11 април 2022 г., ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар на својот телевизиски програмски сервис, цртаниот филм „Пинк Пантер“ (Pink Panter – Pinkozoic Era) го емитуваше изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански, македонски или на турски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата. |
| 19 | Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип | Уп1 бр.03-153 од 20.05.2022 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31-ви март 2022 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување бр. 08-902 од 08.07.2015 година. |
| 20 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-161 од 06.06.2022 година | Член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 21 и на 26 април 2022 г., во изданијата на забавно – документарната емисија „Манџа“ и на информативната, тематски специјализирана емисија за здравство – „По дома со ...“, пласираните производи, директно вклучени во дејствијата/сценаријата на емисиите, посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, а во изданијата на говорното – шоу „Вип сезона“, емитувани на 26 април 2022 г., пласираниот производ претерано визуелно се истакнува |
| 21 | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | Уп1 бр.03-226 од 08.08.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 5 јули 2022 година, во рамки на документарната програма „Заборавени“, посветена на селото Вратница (прв дел), емитувани се изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. |
| 22 | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | Уп1 бр.03-227 од 08.08.2022 година | Член 92 став 1 од ЗААВМУ | Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, на 5 јули 2022 година не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. |
| 23 | Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-234 од 12.08.2022 година | член 64 став 1 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 5 јули 2022 година, шоуто „IC Star“ се емитуваше изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на албански или на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | турски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, Уп1 бр.08-15 од 05.01.2015 година. |
| 24 | Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-236 од 12.08.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | На својот телевизиски програмски сервис, на 5 јули 2022 г, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. |
| 25 | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | Уп1 бр.03-237 од 12.08.2022 година | Член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 6 јули 2022 година, во премиерните и репризните изданија на играните серијали „Тајните на младите благородннички" и „Исчезнат" беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. |
| 26 | Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ | Уп1 бр.03-235 од 12.08.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис, на 5 јули 2022 година, во рамки на емисијата „TVB веб канал за деца и тинејџери", во блокот „Info Kids" емитуван е прилог изворно на англиски и германски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик и во блокот „Info Teens" емитувани се предлози на пет странски филмови - „Осмо одделение", „Лоши девојки", „Приказна за Пепелашка", „Never been kissed" и „13 going on 30" изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик. |
| 27 | Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово | Уп1 бр.03-233 од 12.08.2022 година | Член 15 став 3 од Законот за медиуми | Радиодифузерот не ја исполнил обврската пропишана во цитираниот член од Законот, односно во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2022 г.) не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не доставил снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. |
| 28 | Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип | Уп1 бр.03-245 од 26.08.2022 година | Член 15 став 3 од Законот за медиуми | Радиодифузерот не ја исполнил обврската пропишана во цитираниот член од Законот, односно во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2022 г.) не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. |
| 29 | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-246 од 26.08.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На 4 јули 2022 година, блок анимирани филмови за деца од продуцентот „Worner bros“ и две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija“ беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација и без да бидат класифицирани во соодветната категорија програми, а пред почетокот на играниот филм „Џош и Сем“ не беше апплицирана соодветната предупредувачка сигнализација. |
| 30 | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-247 од 26.08.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 јули 2022 г., во дел од емитуваните програми не ги објавил податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис. |
| 31 | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-248 од 26.08.2022 година | Член 92 став 1 од ЗААВМУ | Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на својот телевизиски програмски сервис на 4 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. |
| 32 | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-249 од 26.08.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На 4 јули 2022 година емитувани се цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 година, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел. |
| 33 | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп | Уп1 бр.03-255 од 06.09.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 3 август 2022 година, дел од емисијата „Волшебна Македонија“, дел од двете нејзини репризни изданија, како и три најави за емисијата „Македонски туризам“, се емитуваа изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34 | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-256 од 06.09.2022 година | Член 15 став 3 од Законот за медиум | Радиодифузерот не ја исполнил обврската пропишана во цитираниот член од Законот, односно во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2022 г.), не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не доставил снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. |
| 35 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-281 од 19.09.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 5 август 2022 г., во дел од емитуваните програми не ги објавил податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис. |
| 36 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-278 од 19.09.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На својот телевизиски програмски сервис на 5 август 2022 година, премиерно и репризно емитуваните епизоди од играните серијали: Fatih Harbiye и Benim adim Melek, како и промотивните најави за нивно емитување, беа несоодветно класифицирани и означени како програма од прва категорија, наместо како програма од втора категорија, која не се препорачува за деца под 8 години, односно за која се препорачува надзор од родител или старател. |
| 37 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-279 од 19.09.2022 година | Член 53 став 2 од ЗААВМУ | На својот телевизиски програмски сервис на 5 август 2022 година, во рамките на три различни изданија од забавно-информативната емисија „Në focus (Во фокус)“, беше емитуван еден ист прилог за „Bushi resort & spa Skopje“ со директно поттикнување да се купат дел од неговите угостителски услуги, што претставува прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација. |
| 38 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-280 од 19.09.2022 година | Член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 10 август 2022 година, во емисијата „SOFRA“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран, меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 39 | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | Уп1 бр.03-330 од 04.11.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Телевизискиот програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, на 7 септември 2022 г. не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик, и половина од неа не ја емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот. |
| 40 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-331 од 04.11.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 6 септември 2022 година, промотивните најави за играниот серијал „Аси“ беа емитувани без да бидат означени со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. |
| 41 | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | Уп1 бр.03-332 од 04.11.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 6 септември 2022 година, беа емитувани промотивни најави за играна програма без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица. |
| 42 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-333 од 04.11.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 6 септември 2022 г., играните серии „Чикаго ПД“, „Семејство на духови 2020“ и „Лав Лајв! Сонце!, се означени со предупредувачка сигнализација само пред почетокот, но не и за време на нивното емитување. |
| 43 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-334 од 04.11.2022 година | Член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 23 септември 2022 г., во изданието на говорната - шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, промотивно се препорачуваат и им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производите на „Зегин“ и „ЈМ Органикс“ . |
| 44 | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | Уп1 бр.03-335 од 04.11.2022 година | Член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники | На програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2022 година, во изданијата на играните серијали: „Mos më braktis“, „Çakër-familja e madhe“, „Lotët e nënës“ и „Më fal“, повеќепати беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран што покриваа - суштински делови од драмското дејствие и преведувачкиот титл, како и предупредувачкиот знак за категоријата програма и логото на телевизијата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 45 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес | Уп1 бр.03-342 од 21.11.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 10 октомври 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. |
| 46 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес | Уп1 бр.03-343 од 21.11.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 5 октомври 2022 г., играната хумористичка емисија „Ајде да зажмуримо" беше емитувана без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење. |
| 47 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес | Уп1 бр.03-344 од 21.11.2022 година | Член 53 став 2 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес, на 5 октомври 2022 г., во рамските на „Мастраф муабет", забавно-документарна емисија, беа емитувани пет промотивни спота за: „Хотел Дрим", „Оскарпласт", „Миса - мегамаркет", „Набизи", „Елит кафе" и „Вакчаре", што претставуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации". |
| 48 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес | Уп1 бр.03-345 од 21.11.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 10 октомври 2022 г., искажувањето на аналитичарот од Бугарија Владимир Владимиров во емисијата „Стадион" се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик, како и изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |
| 49 | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Уп1 бр.03-352 од 29.11.2022 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмскиот сервис емитуван на 10 октомври 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |
| 50 | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Уп1 бр.03-353 од 29.11.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 10 октомври 2022 г., на снимката од фудбалскиот натпревар KS Korabi (Peshkopi) – KS Albpetrol (Patos) не беа објавени податоците за импресум што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 51 | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | Уп1 бр.03-354 од 29.11.2022 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмскиот сервис емитуван на 10 октомври 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |
| 52 | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Уп1 бр.03-355 од 29.11.2022 година | Член 98 став 1 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 10 октомври 2022 година е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок. |
| 53 | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Уп1 бр.03-356 од 29.11.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На својот телевизиски програмски сервис емитуван на 10 октомври 2022 година, реалното ТВ-шоу / скриената камера ,,Just for laughs – Gags" беше емитувано без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење. |
| 54 | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Уп1 бр.03-357 од 29.11.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис на 10 октомври 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. |
| 55 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово | Уп1 бр.03-365 од 06.12.2022 година | Член 92 став 3 од ЗААВМУ | Во рамките на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 10 октомври 2022 година, не се емитуваше половина од изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот. |
| 56 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово | Уп1 бр.03-366 од 06.12.2022 година | Член 54 став 5 од ЗААВМУ и член 4 од Правилникот за спонзорство | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 5 октомври беше емитувана спонзорирана религиска ТВ-проповед . |
| 57 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово | Уп1 бр.03-367 од 06.12.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 5 октомври 2022 г., во дел од емитуваните програми радиодифузерот не ги објави податоците за импресумот .што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 58 | Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ | Уп1 бр.03-372 од 22.12.2022 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот емитуван на 8 ноември 2022 година, играниот филм „51-та држава“ и анимираниот филм „Мики Маус“ беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење. |
| 59 | Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ | Уп1 бр.03-373 од 22.12.2022 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмскиот сервис емитуван на 8 ноември 2022 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |
| 60 | Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ | Уп1 бр.03-374 од 22.12.2022 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 8 ноември 2022 г., не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот |
| 61 | Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ | Уп1 бр.03-375 од 22.12.2022 година | Член 14 од Законот за медиуми | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 8 ноември 2022 г., во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. |
| 62 | Трговско радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ, Пробиштип | Уп1 бр.03-376 од 22.12.2022 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | Во рамките на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 4 ноември 2022 година, искажувањето на пејачката Милица Павловиќ во емисијата „Наша сцена“ се емитуваше изворно на српски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

**ПРИЛОГ БР. 1.5**

## Решенија за преземање мерка - јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во 2022 година

| Реден бр. | Назив на операторот | Уп 1 број и датум на решение (ден, месец, година) | Прекршена одредба од ЗААВМУ | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје | Уп1 бр. 11-36 од 10.02.2022 година | Член 141 | Реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 |
| 2 | Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија | Уп1 бр. 11-20 од 28.01.2022 година | Член 141 | Реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 |
| 3 | Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид | Уп1 бр. 11-80 од 18.03.2022 година | Член 141 | Реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 |
| 4 | Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Уп1 бр. 11-141 од 10.05.2022 година | Член 141 | Реемитување на програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата согласно член 141 |
| 5 | Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр. 11-158 од 27.05.2022 година | Член 141 | Реемитување на програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата согласно член 141 |
| 6 | Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 11-162 од 14.06.2022 година | Член 141 | Реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 |
| 7 | Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје | Уп1 бр. 11-163 од 14.06.2022 година | Член 143 став 3 | Во својот програмски пакет не ги обезбеди програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои задолжително и бесплатно треба да ги содржи согласно член 143 став 3 од ЗААВМУ |
| 8 | Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид | Уп1 бр. 11-210 од 11.07.2022 година | Член 143 став 2 | За своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Discovery“, „Eurosport 1“ и „Eurosport 2“, за кои нема регулирани авторски и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово | Уп1 бр. 11-232 од 12.08.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 10 | Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.11-231од 12.08.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 11 | Трговско радиодифузно друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДООЕЛ | Уп1 бр. 11-311 од 07.10.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 12 | Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица | Уп1 бр. 11-312 од 07.10.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 13 | Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен | Уп1 бр. 11-313 од 07.10.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 14 | Друштво за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово | Уп1 бр. 11-314 од 07.10.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 15 | Друштво за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија | Уп1 бр. 11-315 од 07.10.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗАВМУ |
| 16 | Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје | Уп1 бр. 11-319 од 07.10.2022 година | Член 141 | За своите корисници реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗААВМУ |
| 17 | Друштво за телекомуникации и софтвер - кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз - извоз ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр. 11-378 од 27.12.2022 година | Член 143 став 2 | За своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Hayat“, за кој нема регулирани права и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права |

**ПРИЛОГ БР. 1.6**

## Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и подзаконските акти во 2022 година

### Телевизии

| 1. Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 92 став 1 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 20 април 2022 г. не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е спротивно на член 92 став 1 од ЗААВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 03.06.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице на програмата во правното лице |

| 2. Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ / ЗМ која е прекршена | Член 53 став 2 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 26 април 2022 година, во информативно-забавната емисија „Ја сакам Македонија“ беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на садови за готвење што ги продава „Комодита хоум“, што е спротивно на член 53 став 2 од ЗААВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 09.06.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице на програмата во правното лице |

| 3. Трговско Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 92 став 1 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 11 април 2022 г. не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е спротивно на член 92 став 1 од ЗААВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 06.06.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-2349/1 од 13.06.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2349/1 од 13.06.2022 година |

| 4. Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 51 став 1 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 09-ти мај 2022 г., не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 24.06.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-2497/1 од 24.06.2023 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2497/1 од 24.06.2022 година<br><br>Пресуда на Основниот суд во Кичево ПРК.бр.83/22-О од 12.09.2022 г. (наш арх.бр.03-2497/3 од 29.09.2022 г.), со која:<br>1.Обвинетите (ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и одговорното лице на програмата во правното лице) се огласени за виновни и изречени им се прекршочни санкции глоби (глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност од 12.300,00 денари за правното лице и глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност од 3.075,00 денари за одговорното лице на програмата во правното лице) и<br>2.Барањето на АВМУ за надоместување на трошоците сторени во текот на постапката, во износ од 4.280,00 денари, се одбива како неосновано. |

| 5. Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 92 став 1 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис на 9-ти мај 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е спротивно на член 92 став 1 од ЗААВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 24.06.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-2498/1 од 24.06.2022 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2498/1 од 24.06.2022 година<br><br>Пресуда на Основениот суд во Кичево ПРК.бр.84/22-О од 16.09.2022 г. (наш арх.бр.03-2498/3 од 06.10.2022 г.), со која:<br>1.Обвинетите (ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и одговорното лице на програмата во правното лице), се огласуваат за виновни и им се изрекува прекршочна санкција - опомена, и<br>2. Барањето на АВМУ за надоместување на трошоците сторени во текот на постапката, во износ од 8.860,00 денари, се одбива како неосновано<br><br>Барање за исправка на грешка во Пресуда ПРК.бр.84/22-О од 16.09.2022 г. од Агенцијата до Основен суд Кичево (наш арх.бр.03-2498/4 од 13.10.2022 г.) Решение од Основен суд Кичево, ПРК бр.84/22-О од 19.10.2022 г. дека се врши исправка на писмено изработената пресуда ПРК бр.84/22-О од 16.09.2022 г. |

| 6. Трговско радиодифузно друштво СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 21 и 26 април 2022 г., се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" и „Алерго Протект - 500 мл.", од операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 16.08.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх.бр.03-3227/1 од 24.08.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх.бр.03-3227/1 од 24.08.2022 година |

| 7. Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот на 21 и 26 април 2022 г., се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули“ и „Алерго Протект - 500 мл.“, од операторот со храна „Натура терапи“ ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 25.08.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх.бр.03-3254/1 од 25.08.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх.бр.03-3254/1 од 25.08.2022 година |

| 8. Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилник за заштита на малолетни лица |
| Опис на прекршувањето | На 28-ми септември, играните програми: „Злосторникот”, „Me Deputeto”, „Волшебникот од Оз”, „Jackson comedy”, две епизоди од „Islamsko serija” и скриената камера - „Gags-just for laughs” – беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење, а играниот филм „Љубовен роман” беше емитуван без предупредувачка сигнализација пред почетокот на прикажувањето. |
| Пропишани глоби во закон | од 1.000 евра до 5.000 евра за правното лице и 500 евра за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 14.11.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх.бр.03-4299/1 од 17.11.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх.бр.03-4299/1 од 17.11.2022 година |

| 9. Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | член 53 став 2 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | На 23-ти септември 2022 г., во говорната – шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на козметичките производи од „ЈМ Органикс“. |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 евра за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 09.11.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх.бр.03-4311/1 од 18.11.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх.бр.03-4311/1 од 18.11.2022 година |

| 10.Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 14 од Законот за медиуми |
| Опис на прекршувањето | На 13-ти октомври 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис |
| Пропишани глоби во закон | од 4.000 до 5.000 евра за правното лице и глоба во износ од 500 до 2.000 евра за одговорното лице во правното лице |
| Датум на спроведување | 29.12.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Не |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх.бр.03-4930/1 од 29.12.2022 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх.бр. 03-4930/1 од 29.12.2022 година |

**Радиостаници**

| 1. Република Северна Македонија - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 51 став 1 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Радиодифузерот во рамките на својот радиопрограмски сервис, емитуван на 2-ри декември 2022 г., не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 евра за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Датум на спроведување | 12.01.2023 година (постапката е започната во 2022 година, но заврши во 2023) |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице на програмата во правното лице |

**Оператори на јавна електронска комуникациска мрежа**

| 1. Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговја и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 143 став 3 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 евра за одговорното лице во правното лице |
| Датум на спроведување | 25.01.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице |

| 2. Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ / ЗМ која е прекршена | Член 141 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа во својот програмски пакет го реемитувал програмскиот сервис RTCG Sat, којшто не е регистриран во ААВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице/управител во правното лице |
| Датум на спроведување | 11.07.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице/управител во правното лице |

| 3. Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 143 став 3 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“. |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице/управителот |
| Датум на спроведување | 29.08.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице |

| 4. Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 141 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот во својот програмски пакет за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси: „RTL“, „RTL II“, „Super RTL“, „VOX“, „Rai Uno“, „Rai Due“, „HRT 1“, „HRT 3“, „HRT 4“, „Slovenia 1“, „RTCG Sat“, „Sat 1“ и „PRO Sieben“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од АВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице во правното лице |
| Датум на спроведување | 21.10.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка | / |

| | |
|---|---|
| (архивски број и датум) | |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице |

| **5. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје** | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 141 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот во својот програмски пакет за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис: „SHOW TV“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од АВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 евра за одговорното лице во правното лице |
| Датум на спроведување | 18.11.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице |

| **6. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје** | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 141 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот во својот програмски пакет на 01.11.2022 г. за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси: „NOVA S“ и „Brainz“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од АВМУ |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 евра за одговорното лице во правното лице |
| Датум на спроведување | 02.12.2022 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице |

| 7. Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е прекршена | Член 143 став 3 од ЗААВМУ |
| Опис на прекршувањето | Операторот во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“. |
| Пропишани глоби во закон | 2.500 евра за правното лице и 250 за одговорното лице/управителот |
| Датум на спроведување | 16.01.2023 година (постапката е започната во 2022 година, но заврши во 2023) |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 1.250 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 125 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице |

**ПРИЛОГ бр. 1.7**

## Постапки во врска со одземање дозволи за телевизиско/радио емитување во 2022 година

### Покренати постапки за одземање дозволи за телевизиско емитување

| 1. Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-102 од 01.04.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ која е повредена | Член 80 став 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за запирање постапка за одземање на дозволата | 08-102 од 13.04.2022 година |
| Уп1 број и датум на Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата | 08-102 од 15.04.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Април 2022 година |
| Месец и година на запирање на постапката | Април 2022 година |

| 2. Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-225 од 08.08.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ која е повредена | Член 80 став 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за запирање постапка за одземање на дозволата | 08-225 од 17.08.2022 година |
| Уп1 број и датум на Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата | 08-225 од 17.08.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Август 2022 година |
| Месец и година на запирање на постапката | Август 2022 година |

| 3. Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-369 од 19.12.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ/Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање на дозвола за радио и телевизиско емитување, која е повредена | Член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање на дозвола за радио и телевизиско емитување |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за запирање постапка за одземање на дозволата | 08-369 од 04.01.2023 година |
| Уп1 број и датум на Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата | 08-369 од 10.01.2023 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Декември 2022 година |
| Месец и година на запирање на постапката | Јануари 2023 година |

### Покренати постапки за одземање дозволи за радио емитување

| 1. Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-68 од 02.03.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ | Член 80 став 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за запирање постапка за одземање на дозволата | 08-68 од 15.03.2022 година |
| Уп1 број и датум на Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата | 08-68 од 16.03.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Март 2022 година |
| Месец и година на запирање на постапката | Март 2022 година |

| 2. Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-148 од 13.05.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ | Член 80 став 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за запирање постапка за одземање на дозволата | 08-148 од 18.05.2022 година |
| Уп1 број и датум на Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата | 08-148 од 20.05.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Мај 2022 година |
| Месец и година на запирање на постапката | Мај 2022 година |

| 3. Трговско радиодифузно друштво ЈОН - РАДИО ДОО Струга | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-149 од 13.05.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ | Член 80 став 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за запирање постапка за одземање на дозволата | 08-149 од 17.05.2022 година |
| Уп1 број и датум на Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата | 08-149 од 17.05.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Мај 2022 година |
| Месец и година на запирање на постапката | Мај 2022 година |

### Покренати постапки кои завршија со одземање на дозволите за радио емитување

| 1. Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-170 од 17.06.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ | Член 82 став 1 алинеја 2 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за одземање на дозволата | 08-170 од 30.06.2022 година |
| Уп1 број и датум на одлука за одземање на дозволата | 08-170 од 01.07.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Јуни 2022 година |
| Месец и година на одземање | Јули 2022 година |

| **2. Трговско радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје** | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-213 од 15.07.2022 година |
| Одредба од ЗААВМУ | Член 82 став 1 алинеја 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за одземање на дозволата | 08-213 од 28.07.2022 година |
| Уп1 број и датум на одлука за одземање на дозволата | 08-213 од 29.07.2022 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Јули 2022 година |
| Месец и година на одземање | Јули 2022 година |

**ПРИЛОГ БР. 1.8**

## Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери во 2022 година

| Реден број | Назив на радиодифузерот за кого е донесено решението за бришење од регистарот на радиодифузери | Број и датум на решението | Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е повредена | Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е одземена дозвола од страна на Агенцијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.08-65 од 10.03.2022 година | член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ | Престанок на дозволата по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата, дека престанува со емитување на телевизиска програма |
| 2 | Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Уп1 бр.08-170 од 11.07.2022 година | Член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ | Престанок на важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата |
| 3 | Трговско радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.08-213 од 08.08.2022 година | Член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ | Престанок на важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата |
| 4 | Трговско радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес | Уп1 бр.08-317 од 21.10.2022 година | Член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ | Престанок на дозволата по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата, дека престанува со емитување на телевизиска програма |

**ПРИЛОГ БР. 1.9**

## Управни спорови

| Ред. бр. | Подносител на тужбата | Датум на поднесување на тужба до Управниот Суд | Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор | Предмет на спорот | Исход на управниот спор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 06.07.2022 година | Решение за преземање мерка – јавна опомена Уп1 бр.03-161 од 06.06.2022 година | Тужителот му предлага на Судот:<br><br>- да ја уважи тужбата како основана;<br><br>- да донесе пресуда со која ќе го поништи Решението за преземање мерка – јавна опомена Уп1 бр.03-161 од 06.06.2022 г.; и<br><br>- предметот да го врати на повторно одлучување | ТУЖБА ОД ТУЖИТЕЛОТ – ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, У-3.бр.308/2022 од 15.07.2022 г. (наш арх. бр. 03-161 од 20.07.2022 г.), поднесена од страна на Управителот на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје – Иван Мирчевски<br><br>ОДГОВОР НА ТУЖБА Уп1 бр.03-161 од 16.08.2022 г. (примен во Управен суд на 16.08.2022 г.) поднесен од страна на Агенцијата |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | 30.06.2022 година | Одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестијален мултиплекс, Уп1 бр.08-13 од 27.05.2022 година | Тужителот му предлага на Судот:<br><br>- да донесе Одлука со која тужбата ќе ја усвои;<br><br>- Одлуката Уп1 бр.08-13 од 27.05.2022 г. за одбивање на барањето да ја поништи и<br><br>- предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување | ТУЖБА ОД ТУЖИТЕЛОТ – ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип У-3.бр.301/2022 од 15.07.2022 г. (наш арх.бр.08-13 од 20.07.2022 г.), поднесена преку полномошник Љупчо Докузов, адвокат од Штип<br><br>ОДГОВОР НА ТУЖБА Уп1 бр. 08-13 од 12.08.2022 г. (примен во Управен суд на 12.08.2022 г.), поднесен од страна на Агенцијата<br><br>Ургенција од Агенцијата до Управен суд на РСМ за приоритетно решевање на предмет У-3.бр.301/2022 (наш Уп1 бр.03-4605/1 од 15.12.2022 г.)<br><br>Одговор на ургенција од Управен суд до Агенцијата 0818 УПП.бр.442-2/2022 од 22.12.2022 г. (наш арх.бр.03-4605/2 од 23.12.2022 г.), со кој се известува Агенцијата дека барањето за приоритетно решавање на предметот У-3.бр.301/2022 е одобрено и приоритетно е даден во работа.<br><br>Пресуда У-3.бр.301/2022 од 07.02.2023 г. на Управен суд (наш Уп1 бр.08-13 од 23.02.2023 г.), со која Тужбата на тужителот – ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип, СЕ ОДБИВА. |

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2022 ГОДИНА

март, 2023 година

## Надзор врз работата на радиодифузерите

Во текот на 2022 година, Агенцијата ги реализираше сите планирани надзори од Годишниот план за вршење програмски надзор. Спроведе вкупно **138** редовни програмски надзори врз работата на радиодифузерите, кои се однесуваат на четири групи обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и соодветните подзаконски акти, и тоа:

### 1. За емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации

- член 53 – *Општи правила за емитување комерцијални комуникации*
- член 54 – *Спонзорство*
- член 55 – *Пласирање производи*
- член 98 – *Услови за рекламирање и телешопинг*
- член 99 – *Начин на рекламирање и телешопинг*
- член 100 – *Времетраење на рекламирањето и телешопинг спотовите*
- член 101 – *Забрана за учество во реклами и телешопинг на одредени лица*

### 2. За заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој

- член 50 – *Заштита на малолетни лица*

### 3. За поттикнување и заштита на културниот идентитет

- член 64 – *Употреба на јазик*
- член 80 – *Доброволно преземени обврски за емитување домашна музика*
- член 91 – *Европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти*
- член 92 – *Домашна музика на ЈРС и македонски аудиовизуелни дела на ТВ*

### 4. За други програмски обврски

- член 52 – *Обезбедување квизови или други програми со наградно учествување*
- член 90 – *Времетраење на дневното емитување кај радиодифузерите*
- член 93 – *Телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање*
- член 94 – *Емитување игри на среќа*

Во табелата во продолжение се наведени сите радиодифузери на кои им се направени редовни програмски надзори во 2022 година, прикажани според месецот на завршување на мониторингот, заедно со констатираните прекршувања. За секој од радиодифузерите во табелата се направени по неколку програмски надзори за различни законски обврски. Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб страницата на Агенцијата преку линкот: https://avmu.mk/radiodifuzeri-mk/.

| Редовни програмски надзори во 2022 | | |
|---|---|---|
| **јануари** | | |
| р.бр. | Радиодифузер | Констатирани прекршувања |
| 1. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис МРА1 | / |
| 2. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис МРА2 | / |
| 3. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Трет програмски сервис МРА3 | / |
| **февруари** | | |
| 4. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис - МРТ1 | / |
| 5. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис – МРТ2 | / |
| 6. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Трет програмски сервис - МРТ3 | / |
| 7. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Четврти програмски сервис - МРТ4 | / |
| 8. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Петти програмски сервис - МРТ5 | / |
| **март** | | |
| 9. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, ТВ 24 Вести | Прекршување на:<br>- член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ (пласирање производи) |
| 10. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, Наша ТВ | / |
| **април** | | |
| 11. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТВ Сител | Прекршување на:<br>- член 55 став 5 од ЗААВМУ (пласирање производи) |
| 12. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, ТВ Канал 5 | / |
| 13. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, ТВ Телма | / |
| 14. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, ТВ Алфа | / |
| 15. | Трговското радиодифузно друштво ТВ АЛСАТ - М ДООЕЛ Скопје, ТВ Алсат-М | / |
| 16. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, ТВ 24 Вести | / |
| 17. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, Наша ТВ | / |
| **мај** | | |
| 18. | Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, РАДИО АНТЕНА 5 | / |
| 19. | Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, РАДИО КАНАЛ 77 | / |
| 20. | Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, РАДИО МЕТРОПОЛИС | / |
| 21. | Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, ЈОН РАДИО | / |
| | **јуни** | |
| 22. | Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје, | / |

| | | |
|---|---|---|
| | РАДИО РОСА | |
| 23. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, РАДИО ЗОНА М-1 | / |
| 24. | Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје | / |
| 25. | ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, 90.3-СПОРТСКО РАДИО | / |
| 26. | Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, РФМ | / |
| 27. | **Надзор на годишни обврски (Европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти)** | |
| 28. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис - МРТ1 | / |
| 29. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТВ Сител | / |
| 30. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, ТВ Канал 5 | / |
| 31. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје ТВ Телма | / |
| 32. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, ТВ Алфа | / |
| 33. | Трговското радиодифузно друштво ТВ АЛСАТ - М ДООЕЛ Скопје, ТВ Алсат-М | / |
| 34. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, ТВ 24 Вести | / |
| 35. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, Наша ТВ | / |
| 36. | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ Прилеп, ТВ Сонце | / |
| 37. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, ТВ 21- М | / |
| 38. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, ТВ ШЕЊА | / |
| 39. | Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, ТВ КЛАН | / |
| **јули** | | |
| 40. | Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје | Прекршување на:<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот)<br>- член 92 став 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма) |
| 41. | Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Прекршување на:<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација)<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот)<br>- член 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма) |
| 42. | Трговско радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | / |
| 43. | Трговско радиодифузно друштво тв студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | / |
| 44. | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | Прекршување на:<br>- член 98 став 2 од ЗААВМУ (услови |

| | | |
|---|---|---|
| | | за рекламирање и телешопинг) и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот)<br>- член 92 став 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма) |
| 45. | Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ | Прекршување на:<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) |
| | **август** | |
| 46. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, ТВ ШЕЊА | Прекршување на:<br>- член 98 став 2 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг) и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники |
| 47. | Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, ТВ КЛАН | / |
| 48. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, ТВ 21- М | Прекршување на:<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица<br>- член 53 став 2 (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации) од ЗААВМУ |
| 49. | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ Прилеп, ТВ Сонце | Прекршување на:<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) |
| | **септември** | |
| 50. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТВ Сител | Прекршување на:<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација) |
| 51. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, ТВ Канал 5 | / |
| 52. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, ТВ Телма | / |
| 53. | Трговското радиодифузно друштво ТВ АЛСАТ - М ДООЕЛ Скопје, ТВ Алсат-М | Прекршување на:<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (објавите/промотивните најави треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува)<br>- член 98 став 2 (услови за |

| | | |
|---|---|---|
| | | рекламирање и телешопинг) од ЗААВМУ односно членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники (рекламата на поделен екран не смее да покрие суштински делови од дејството)<br>- член 92 ставови 1 и 3 (македонски аудиовизуелни дела) |
| 54. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје,<br>ТВ Алфа | / |
| **октомври** | | |
| 55. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје,<br>ТВ Алфа | Прекршување на:<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (неозначени промотивни најави) |
| 56. | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | / |
| 57. | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Прекршување на:<br>- член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма),<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација)<br>- член 98 став 1 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг) |
| 58. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово | Прекршување на:<br>- член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот)<br>- член 54 став 5 од ЗААВМУ (недозволено спонзорирање верска програма) и на членот 4 од Правилникот за спонзорство (забрането спонзорирање верски програми, служби и проповеди) |
| 59. | Трговско радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе | / |
| 60. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ,<br>Велес | Прекршување на:<br>- член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма)<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот)<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација)<br>- член 53 став 2 од ЗААВМУ (недозволени прикриени |

| | | |
|---|---|---|
| | | аудиовизуелни комерцијални комуникации) |
| **ноември** | | |
| 61. | Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ | Прекршување на:<br>- членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма)<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачката сигнализација) |
| 62. | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани | / |
| 63. | Трговско радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип | Прекршување на:<br>- член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) |
| 64. | Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ | Прекршување на:<br>- член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма)<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 (временски периоди за категориите програми) и 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица |
| 65. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево | Прекршување на:<br>- член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма) |
| | **декември** | |
| 66. | Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, СТУДЕНТ ФМ 92.9 | / |
| 67. | Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА - Универзитет Свети Климент Охридски Битола, УКЛО ФМ | / |
| 68. | Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип, УГД ФМ | / |
| 69. | Непрофитна радиодифузна установа РАДИО МАРИЈА - БЛАГОВЕСТ Струмица, РАДИО МАРИЈА | / |

## Надзор врз работата на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

Во Годишниот план за вршење програмски надзор за 2022 година беше предвидено редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да се спроведе двапати во текот на годината. Во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се евидентирани четири субјекти.

Надзорот се изврши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- член 49 – *„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат односно пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на правата“.*

- член 50 став 1 – *„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство“.*

- член 60 – *„Давателите на аудиовозуелни медиумски услуги по барање, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства, треба да го промовираат производството и пристапот до европски аудиовизуелни дела.“*

| Редовни програмски надзори во 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Период** | **Давател по барање** | **Констатирани прекршувања** |
| 1 | јуни | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје | / |
| 2 | јуни | А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / |
| 3 | јуни | НЕОТЕЛ ДОО Скопје | / |
| 4 | јуни | СВОД Мастер ДОО Скопје | / |
| 5 | ноември | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје | / |
| 6 | ноември | НЕОТЕЛ ДОО Скопје | / |
| 7 | декември | СВОД Мастер ДОО Скопје | / |
| 8 | декември | А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / |

Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб сајтот на Агенцијата преку линкот: Даватели на АВМУ по барање – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (avmu.mk).

## Надзор врз работата на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

Во Годишниот план за вршење програмски надзор во 2022 година, Агенцијата предвиде дека во текот на годината ќе спроведе редовен програмски надзор на програмските пакети на сите евидентирани оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, и тоа по два пати, по еднаш во секое полугодие.

Во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети беа евидентирани 33 субјекти. Со оглед на тоа дека Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево беше евидентирано во регистарот на оператори до 9 јуни, по што побара бришење од регистарот на оператори што реемитуваат програмски пакети, во извештајната година, врз него беше направен само еден редовен надзор. Врз операторот Друштво за радиодифузна дејност СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија не беше извршен редовен надзор бидејќи истиот сè уште не започна со вршење на дејноста во тековната година.
Агенцијата спроведе вкупно 130 редовни програмски надзори, со цел да констатира дали операторите ги исполнуваат обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- член 64 став 2 – *„Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите*“.

- член 141 – *„Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.*

- *член 143 став 3 - „Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис“.*

| Редовни програмски надзори во 2022 | | |
|---|---|---|
| Јануари (член 141 и член 64) | | |
| **Р.бр.** | **Оператор** | **Констатирани прекршувања** |
| 1 | Глобалсат Скопје | / |
| 2 | Инфел Охрид | / |
| 3 | Кабел Нет Струмица | / |
| 4 | Пет Нет Гевгелија | Член 141 |
| февруари (член 141 и член 64) | | |
| 5 | Македонски Телеком Скопје | Член 141 |
| 6 | Нафи и Беко Гостивар | / |
| 7 | Дрим Сат с.Чегране-Гостивар | / |
| февруари (член 143 став 3) | | |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Македонски Телеком Скопје | / |
| 9 | Нафи и Беко Гостивар | / |
| 10 | Дрим Сат с.Чегране-Гостивар | / |
| **март** (член 141 и член 64) | | |
| 11 | Инел Интернационал Кавадарци | / |
| 12 | Кабел ДОО Струмица | / |
| 13 | Алтра Сат Охрид | член 141 |
| 14 | Кабел Л Нет Лабуништа | / |
| 15 | Скрембл Ново Село | / |
| 16 | Кабел Нет Прилеп | / |
| 17 | Телекабел Штип | / |
| 18 | Траншпед Трејд Крива Паланка | / |
| март (член 143 став 3) | | |
| 19 | Инел Интернационал Кавадарци | / |
| 20 | Кабел ДОО Струмица | / |
| 21 | Алтра Сат Охрид | / |
| 22 | Кабел Л Нет Лабуништа | / |
| 23 | Глобалсат Скопје | / |
| 24 | Инфел Охрид | / |
| 25 | Кабел Нет Струмица | / |
| 26 | Пет Нет Гевгелија | / |
| 27 | Кабел Нет Прилеп | / |
| 28 | Телекабел Штип | / |
| 29 | Траншпед Трејд Крива Паланка | / |
| април (член 141 и член 64) | | |
| 30 | Каблкалл Кичево | / |
| 31 | Мултимедија Куманово | / |
| 32 | Бив Пирамида Делчево | / |
| 33 | Комбо Куманово | / |
| 34 | Винсат Кабел Виница | / |
| април (член 143 дтав 3) | | |
| 35 | Каблкалл Кичево | / |
| 36 | Мултимедија Куманово | / |
| 37 | Комбо Куманово | / |
| 38 | СКРЕМБЛ Ново Село | / |
| 39 | Антена АС Македонски Брод | / |
| 40 | Бив Пирамида Делчево | / |
| 41 | Сигнал Нет Куманово | / |
| 42 | Винсат Кабел Виница | / |
| мај (член 141 и член 64) | | |
| 43 | Скупи Кабле Скопје | член 141 |
| 44 | Мултимедија Нетворк Л Гостивар | / |
| 45 | Сигнал Нет Куманово | / |
| 46 | ИП Системс Куманово | / |
| 47 | Теленет Ком Тетово | / |
| 48 | Спајдер Нет Гевгелија | / |

| | | |
|---|---|---|
| 49 | Антена АС Македонски Брод | член 141 |
| мај (член 143 став 3) | | |
| 50 | Скупи Кабле Скопје | / |
| 51 | Мултимедија Нетворк Л Гостивар | / |
| 52 | Канал 16 Ресен | / |
| 53 | ИП Системс Куманово | / |
| 54 | Теленет Ком Тетово | / |
| 55 | Спајдер Нет Гевгелија | / |
| јуни (член 141 и член 64) | | |
| 56 | А1 Македонија | Член 141 |
| 57 | Тотал ТВ | / |
| 58 | Канал 16 Ресен | / |
| 59 | Неотел | / |
| 60 | М Тел | / |
| 61 | Вива Нет Берово | / |
| јуни (член 143 став 3) | | |
| 62 | А1 Македонија | / |
| 63 | Тотал ТВ | Член 143 став 3 |
| 64 | Неотел | / |
| 65 | М Тел | / |
| 66 | Вива Нет Берово | / |
| јули (член 141 и член 64) | | |
| 67 | Инел Интернационал Кавадарци | / |
| 68 | Глобалсат Скопје | / |
| 69 | Пет Нет Гевгелија | / |
| 70 | Траншпед Трејд Крива Паланка | / |
| 71 | Скрембл Ново Село | / |
| 72 | Кабел ДОО Струмица | / |
| 73 | Комбо Куманово | / |
| јули (член 143 став 3) | | |
| 74 | Инел Интернационал Кавадарци | / |
| 75 | Глобалсат Скопје | / |
| 76 | Пет Нет Гевгелија | / |
| 77 | Траншпед Трејд Крива Паланка | / |
| 78 | Скрембл Ново Село | / |
| 79 | Кабел ДОО Струмица | / |
| 80 | Комбо Куманово | / |
| август (член 141 и член 64) | | |
| 81 | Алтра Сат Охрид | / |
| 82 | Инфел Охрид | / |
| 83 | Телекабел Штип | / |
| 84 | М Тел | член 141 |
| 85 | Вива Нет Берово | член 141 |
| 86 | Кабел Нет Прилеп | / |
| август (член 143 став 3) | | |

| | | |
|---|---|---|
| 87 | Алтра Сат Охрид | / |
| 88 | Инфел Охрид | / |
| 89 | Телекабел Штип | / |
| 90 | М Тел | / |
| 91 | Вива Нет Берово | / |
| 92 | Кабел Нет Прилеп | / |
| септемвти (член 141 и член 64) | | |
| 93 | БИВ Пирамида Делчево | / |
| 94 | Кабел Нет Струмица | / |
| 95 | Мултимедија Нетворк Л Гостивар | / |
| 96 | Сигнал Нет Куманово | / |
| 97 | Винсат Кабел Виница | / |
| 98 | Теленет Ком Тетово | / |
| септември (член 143 став 3) | | |
| 99 | БИВ Пирамида Делчево | / |
| 100 | Кабел Нет Струмица | / |
| 101 | Мултимедија Нетворк Л Гостивар | / |
| 102 | Сигнал Нет Куманово | / |
| 103 | Винсат Кабел Виница | / |
| 104 | Теленет Ком Тетово | / |
| октомври (член 141 и член 64) | | |
| 105 | Неотел | член 141 |
| 106 | Канал 16 Ресен | член 141 |
| 107 | Спајдер Нет Гевгелија | член 141 |
| 108 | Мултимедија Нет Куманово | / |
| 109 | ИП Системс Куманово | / |
| 110 | Каблекалл Кичево | / |
| 111 | Скупи Кабел Скопје | прекршочна |
| октомври (член 143 став 3) | | |
| 112 | Неотел | / |
| 113 | Канал 16 Ресен | / |
| 114 | Спајдер Нет Гевгелија | / |
| 115 | Мултимедија Нет Куманово | / |
| 116 | ИП Системс Куманово | / |
| 117 | Каблекалл Кичево | / |
| 118 | Скупи Кабел Скопје | / |
| ноември (член 141 и член 64) | | |
| 119 | Македонски Телеком Скопје | прекршочна |
| 120 | Кабел Л Нет Лабуништа | / |
| 121 | Нафи и Беко Гостивар | / |
| 122 | Дрим Сат с.Чегране-Гостивар | / |
| 123 | А1 Македонија | / |
| ноември (член 143 став 3 ) | | |
| 124 | Македонски Телеком Скопје | / |
| 125 | Кабел Л Нет Лабуништа | / |

| | | |
|---|---|---|
| 126 | Нафи и Беко Гостивар | / |
| 127 | Дрим Сат с.Чегране-Гостивар | / |
| 128 | А1 Македонија | / |
| декември (член 141 и член 64) | | |
| 129 | Тотал ТВ Скопје | / |
| декември (член 143 став 3) | | |
| 130 | Тотал ТВ Скопје | прекршочна |

Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб сајтот на Агенцијата преку линкот: Извештаи од надзори и изречени мерки на ОЈЕКМ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (avmu.mk).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2022 ГОДИНА

март, 2023 година

**Вкупните остварени приходи во 2022 година изнесуваат 84.020.798,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори**:

- Приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за изборните активности во 2021 година (локални избори), за кои Агенцијата искористи средства и на почетокот на 2022 година во износ од 7.962,00 денари, а кои се однесуваа за банкарски провизии, месечни провизии и за затворање на сметката на Агенцијата;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 54.430.568,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 17.931.404,00 денари;
- Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.525.447,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 1.047.263,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 959,00 денари и
- Други приходи во износ од 77.195,00 денари.

Согласно член 105, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги услуги, финансиските средства се распоредуваат на следниов начин:

- 74,5 % за МРТ (Македонска Радио Телевизија) за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко – технолошки развој;
- 19,5% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 6% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Почнувајќи од 2021 година, издвојувањето од Буџетот на РСМ требаше да биде 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот и во 2022 година од Буџетот на Република Северна Македонија требаше да се издвојат средства во вкупен износ од 2.180.210.000,00 денари (1,00% од приходите во 2021 година), од кои за Агенцијата 130.812.600,00 денари (6% од издвоените средства).

